Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

ЗА 2020 ГОДИНА

Март, 2021 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 4

МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ... 8

ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 14

ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 25

ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 26

СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ... 30

ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ... 35

ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ... 43

ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ... 45

ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ... 54

ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 54

ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ... 55

АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ... 61

ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ... 63

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 68

ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ... 73

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 75

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ... 84

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 84

ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ... 91

1. ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ ... 92

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2020 ГОДИНА ... 128

3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2020 ГОДИНА ... 137

# ВОВЕД

Во овој извештај се опфатени сите активности коишто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги реализираше во текот на 2020 година, во рамки на нејзините надлежности кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Изборниот Законик.

Една од најзначајните активности на Агенцијата во 2020 година беше мониторингот на медиумското покривање на двата изборни процеси - Предвремените парламентарни избори и Предвремените избори за градоначалник на Општина Штип и на Општина Пласница. Следењето на програмите на радиодифузерите за време на парламентарните избори, кои првично беа закажани за 12 април, започна на 17 февруари и траеше до 16 март 2020 година, кога заради пандемијата со коронавирусот беше постигнат договор меѓу политичките партии за одложување на изборите. Во овој период беше мониторирана 24-часовната програма на два телевизиски и еден радио програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис и на седум комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво. Агенцијата го продолжи мониторингот на 24 јуни и истиот траеше до денот на гласањето, на 15 јули 2020 година. Со мониторингот во овој период беа опфатени вкупно 14 радиодифузери, односно во анализираниот примерок беа вклучени уште два програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис и уште две телевизии на државно ниво. Паралелно, во периодот од 24 јуни до 12 јули, Агенцијата спроведуваше и мониторинг на одвоеното време за платено политичко рекламирање, над сите трговски радиодифузни друштва кои се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање и кои склучија договори со учесниците во изборната кампања. За време на вонредната состојба во државата, Владата донесе неколку уредби со законска сила кои се однесуваа на изборниот процес, и со кои ги измени и лимитите за платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и дистрибуцијата на времето за рекламирање меѓу учесниците во изборниот процес. Агенцијата и претходно, во неколку наврати има посочено дека не е добро непосредно пред изборите да се менуваат претходно воспоставените правила и со тоа да се ставаат радиодифузерите во состојба на крајна правна несигурност. Дистрибуцијата на времето за рекламирање меѓу учесниците во изборниот процес во рамки на утврдените лимити ја утврдува Агенцијата, така што со ваквите интервенции Владата се вмеша и во работата на медиумскиот регулатор загрозувајќи ја неговата независност. Што се однесува до предвремените локални избори во Штип и Пласница, Агенцијата не вршеше мониторинг пред почетокот на изборната кампања поради малиот интерес за медиумско покривање на изборите и одлучи да реагира по потреба, по претставки или по службена должност. Додека, пак, анализираниот примерок за време на изборната кампања се состоеше од трите регионални и двете локални телевизии коишто емитуваат програма на подрачјата на двете општини и првиот програмски сервис на МРТ. Во друг сегмент беа анализирани националните телевизии кои се регистрираа кај Државната изборна комисија дека ќе емитуваат платено политичко рекламирање, како и две радиостаници. За констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик, Агенцијата покрена шест прекршочни постапки.

Во 2020 година Агенцијата реализираше и една исклучително значајна активност во врска со заштитата на плурализмот на сопственоста на медиумите. Имено, во мај, во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2, проект на Европската унија и Советот на Европа, а по нарачка на Агенцијата, беше изработена студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување". Студијата ја изработија странски и домашен експерт, а клучните наоди од неа се дека постојните одредби се застарени, дека тие веќе не одговараат на новото опкружување и дека е нужно да се направат измени на овие одредби. Откако беше изработена, Агенцијата ја достави студијата до Министерството за информатичко општество и администрација за да може, како овластен предлагач на законите што се однесуваат на работењето на медиумите, да ги има предвид заклучоците и препораките содржани во неа при креирањето на новата медиумска регулатива.

Агенцијата во континуитет го следеше исполнувањето на програмските и другите обврски на радиодифузерите, спроведувајќи над 200 надзори во извештајната година. Редовните надзори беа спроведувани согласно годишните планови за вршење програмски и административен надзор во 2020 година, а покрај нив беа спроведени и повеќе вонредни и контролни надзори. Покрај програмските обврски, предмет на надзор беа и административните обврски, обврските за исполнувањето на минималните кадровски услови, за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување и друго. Исто така, Агенцијата го следеше и исполнувањето на обврската на радиодифузерите да обезбедат јавност во своето работење, на начин што одредени податоци за своето работење и за сопственичката структура ќе ги направат достапни на јавноста и на регулаторот. Спроведени беа вкупно четири надзори со кои беа опфатени сите радиодифузери евидентирани во регистрите што ги води Агенцијата. Радиодифузерите и оваа година покажаа висок степен на исполнување на оваа обврска (само една локална телевизија не ја исполни обврската).

Постапувајќи во согласност со своите законски надлежности, во извештајната година Агенцијата донесе вкупно четири одлуки со кои одобри да се спроведе промена на сопственичката структура на две локални радиостаници, една локална телевизија и една радиостаница што емитува на државно ниво. За да обезбеди поголема транспарентност на медиумската сопственост, Агенцијата редовно ги ажурираше податоците за сопственоста на својата веб страница, а изготви и Извештај за медиумската сопственост во кој се содржани детални податоци за сопствениците на радиодифузерите и издавачите на печатените медиуми.

Активностите на Агенцијата за поттикнување на медиумската писменост продолжија и оваа година. Покрај Деновите на медиумската писменост кои се одржаа во рамки на Мрежата за медиумска писменост, беа преземени и активности за изработка, промовирање и усвојување на три значајни документи: Насоки за етика во истражувањата на медиумската писменост; Ажуриран преглед со актери и ресурси за медиумската писменост; и Комуникациска стратегија на Мрежата за медиумска писменост 2021-2023. Во рамките на Деновите на медиумска писменост 2020 беа реализирани вкупно 16 онлајн настани од кои во два Агенцијата беше директно инволвирана – едниот беше „Тркалезната маса за медиумската писменост и образованието", а другиот „Род, плати и радиодифузија".

Во 2020 година, Агенцијата продолжи со својата проактивна улога во сферата на обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост. Уште на почетокот на годината беше одржана работилница за радиодифузерите и за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, чија цел беше да им се помогне да ја сфатат важноста на обезбедувањето достапност преку споделување искуства од домашни и европски практики. Исто така, беше изработена и нацрт верзија на саморегулациски документ за пристапност до аудиовизуелните програми, а беше отворена и посебна електронска адреса dostapnost@avmu.mk преку која ќе се одвива целокупната комуникација во врска со активностите за обезбедување достапност.

Врз основа на претходно добиени претставки или дописи од граѓани преку механизмот укажувачи, беа спроведени четири надзори во врска со почитувањето на професионалните стандарди, а со само еден од нив беше констатирано прекршување на основните начела за вршење на дејноста. Во извештајната година Агенцијата не констатираше прекршување на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ (говор на омраза) на програмите на радиодифузерите.

Во 2020 година, преку три истражувања што ги спроведе Агенцијата беше комплетиран увидот во состојбата со родот во медиумите, односно на родовиот аспект на програмите кај радиодифузерите, како и контекстот во кој тие содржини се креираат – родовата структура на сопственоста и вработените во радиодифузијата, како и висината на нивните примања. Станува збор за следните публикации: „Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии", „Родот во

телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?" и „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година". И оваа година продолжи меѓуинституционалната соработка со МТСП, како и соработката со организациите од невладиниот сектор, што овозможува инклузивност во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во медиумите, законските рамки, како и во општеството како целина.

Во извештајната година беше доделена само една дозвола, и тоа за телевизиско емитување на регионално ниво, а престанаа да важат дозволите на вкупно пет телевизии и три радиостаници.

Во 2020 година се случија неколку измени на регулативата што го уредува реемитувањето на програмските сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои произлегоа бројни активности за Агенцијата. Најпрво, во февруари Собранието усвои измени на ЗААВМУ, потоа за време на вонредната состојба Владата донесе неколку уредби со законска сила, а и Уставниот суд одлучуваше и за уредбите и за самите одредби од законот што го уредуваат ова прашање. Агенцијата, уште на почетокот укажа дека измените на членот 143 од ЗААВМУ се проблематични и дека е потребна нивна измена, за што ја понуди и својата експертиза. Подоцна и праксата потврди дека овие одредби се неприменливи, а дополнително создадоа и сериозни проблеми со имплементација на законот и беа извор на конфликти помеѓу кабелските оператори и телевизиите (во неколку наврати операторите најавуваа дека ќе ги исклучат сите домашни телевизии). Во март 2021 година, во Службен весник беше објавена одлуката на Уставниот суд со која тој ги укинува спорните одредби од ЗААВМУ и ги става вон сила. Со ова, се потврдија речиси двегодишните заложби на Агенцијата дека овие законски решенија се спорни, дека тие ќе создадат низа проблеми и дека треба да се изменат. Исто така, се потврди и дека при измените на регулативата, секогаш треба да се почитува стручното мислење на Агенцијата и останатите професионалци од оваа област, наместо да се тргнува од различни центри на моќ и интерес.

По претходно доставена пријава, Агенцијата на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи им издаде вкупно 315 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Беа спроведени 102 надзори над работењето на операторите, и тоа 96 редовни, еден вонреден и пет контролни надзори.

Вкупно шест надзори беа спроведени за да се констатира дали давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои се евидентирани во регистарот што го води Агенцијата, ги исполнуваат своите законски обврски. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

За да се утврди дали издавачите на печатени медиуми ги исполниле обврските за обезбедување јавност во работењето и за објавување импресум, беа спроведени десет редовни, пет вонредни и еден контролен надзор.

Во 2020 година, за констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот Законик за време на Предвремените парламентарни избори и Предвремените локални избори во општините Штип и Пласница, Агенцијата покрена шест прекршочни постапки пред надлежен суд. Поради непочитување на одредбите од ЗААВМУ, Законот за медиуми и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата изрече вкупно 70 мерки против радиодифузери, издавачи на печатени медиуми и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, од кои 51 мерка јавна опомена, пет прекршочни постапки, шест одлуки за одземање дозволи и осум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

И оваа година продолжија активностите на Агенцијата во насока на спроведување на Законот за употреба на јазиците. Агенцијата продолжи да врши превод на албански јазик на сите соопштенија, информации за настани, едукативни и образовни брошури/летоци, како и на најголемиот дел од подзаконските акти кои се однесуваат на субјектите кои таа ги регулира, анализите и истражувањата, а од оваа година започна и со превод на дневниот ред на седниците на Советот. Содржините на веб страницата на Агенцијата се објавуваа и на албански јазик, а веб страницата на регулаторот е една од најодржуваните на албански јазик. Дополнително, сите јавни

огласи/конкурси во дневните весници се објавувва на македонски јазик и неговото писмо и на албански јазик и неговото писмо. Во октомври 2020 година, на иницијатива на Агенцијата беше одржан работен состанок со претставници од Агенцијата за примена на јазикот, на кој се дискутираше за степенот на имплементација на одредбите од Законот за употреба на јазиците во работата на Агенцијата, потребните прилагодувања, чекорите што треба да се преземат, а беа разјаснети и одредени дилеми околу неговата практична имплементација.

Меѓународната соработка во 2020 година најчесто се одвиваше онлајн, на начин што претставници на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународните организации - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA) и Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), како и на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот.

Што се однесува до транспарентноста во своето работење и комуникацијата со јавноста, поради пандемијата со коронавирусот, Агенцијата во извештајната година одржа три јавни состаноци, сите три преку видео конференциска врска. Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за своите активности, во 2020 година постојано се ажурираше веб страницата на три јазика: македонски, англиски и албански.

За справување со последиците од корона вирусот, во март 2020 Агенцијата додели финансиска помош – донација, во вкупен износ од 105.000.000,00 денари. Најголемиот дел од средствата, односно 103.000.000,00 денари беа доделени на радиодифузерите, и тоа 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери коишто во моментот вршеа телевизиско или радио емитување и 30.000.000,00 денари на Македонската радио-телевизија. Овие средства беа доделени за заштита на вработените во радиодифузерите преку набавка на заштитни средства, за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните последици врз нивното економско работење поради коронавирусот и овозможување нивно непречено функционирање. Покрај тоа, Агенцијата додели и по 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство, за мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства и набавка на друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерствата за превенција, спречување ширење и справување со последиците од коронавирусот. Доделените средства беа обезбедени од сопствени средства на Агенцијата, остварени во претходните години.

# МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Во текот на 2020 година, едни од најобемните и најзначајни ангажмани на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) беа мониторинзите на медиумското покривање на Предвремените парламентарни избори и на Предвремените избори за градоначалник на општина Штип и на општина Пласница.

Предвремените парламентарни избори, претседателот на македонското Собрание ги распиша на 16 февруари, а тие, поради ситуацијата со вирусот Ковид-19, наместо на 12 април, како што беше првично планирано, се одржаа на 15 јули. Предвремените избори за градоначалници на општините Штип и Пласница се одржаа на 13 декември. Двата изборни циклуса се одржаа во специфични услови поради ситуацијата со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, па поради тоа и мониторингот се одвиваше во отежнати услови, со поголеми барања од технички аспект со оглед на тоа дека се работеше комбинирано, и од дома и со присуство на работа.

Гледано според одредбите од Изборниот законик, активностите на Агенцијата за следење на програмите на радиодифузерите во секој изборен процес започнуваат од денот на распишувањето на изборите и траат сè до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Сепак, подготовките започнуваат најмалку еден месец пред распишувањето на изборите со преразгледување на изборната регулатива, избор и обука на соработниците за мониторинг, обезбедување технички услови и други организациски прашања, а активностите може да траат и подолг период по завршување на изборите, додека се проверат податоците и се објават сите извештаи кои Агенцијата има обврска да ги направи. Вака беше и за двата изборни процеси во 2020 година, кога ангажманот на Агенцијата поврзан со изборите, со извесни паузи (поради прекинот на изборниот процес на Предвремените парламетарни избори и краткиот период меѓу двата изборни процеси) се одвиваше речиси во текот на целата 2020 година.

## Предвремени парламентарни избори

Предвремените парламентарни избори беа распишани на 16 февруари 2020 година и требаше да се одржат на 12 април 2020 година. Но, поради пандемијата предизвикана од Ковид-19, сите изборни дејствија беа прекинати со Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, што Владата ја донесе на седницата одржана на 21 март 2020 година, врз основа на постигнатиот консензус меѓу политичките партии за одложување на изборите и прогласувањето вонредна состојба од претседателот на државата. Во јуни Владата донесе уште две уредби со законска сила кои се однесуваа на изборниот процес (на 15 и на 22 јуни) и коишто заедно со првата уредба (од март) имаа улога во однос на периодот, активностите и начинот на реализација на мониторингот што Агенцијата го спроведе за овие избори, што на крајот се одржаа на 15 јули 2020 година.

### *Методологија и упатства за одредби од Изборниот законик*

На 16 февруари, непосредно пред донесувањето на одлуката за распишување на Предвремените парламентарни избори, Собранието донесе Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик. Со Законот беа направени значајни измени во неколку одредби поврзани со медиумското претставување за време на изборни процеси. Една од нив беше новата обврска на Агенцијата да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање и да ги потврди нивните извештаи за реализирани услуги пред надоместувањето на трошоците за емитуваното рекламирање од страна на Државната изборна комисија со средства од Буџетот на државата. Овие измени наметнаа потреба за промена на „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување

преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси", и за усвојување на две упатства за радиодифузерите поврзани со платеното политичко рекламирање.

На крајот од февруари, Советот на Агенцијата ги усвои Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси и Нацрт-упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање, а на почетокот на март и Нацрт-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање, кои беа ставени на јавна расправа која заврши во првата половина на месец март. Со оглед на тоа дека на 16 март беше постигнат договор меѓу политичките партии за одложување на изборите и беше прогласена вонредна состојба од претседателот на државата поради пандемијата со Ковид-19, а на 21 март со Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, донесена од Владата, беа официјално прекинати сите изборни дејствија, беше стопирано и усвојувањето на трите документи од страна на Советот на Агенцијата.

Трите документи (Методологијата и двете упатства поврзани со платеното политичко рекламирање), Советот на Агенцијата ги усвои на 15 јуни 2020 година, по завршувањето на вонредната состојба и продолжувањето на изборните активности. Поради двете уредби со законска сила на Владата, едната од 15 јуни, а другата од 22 јуни, со кои беа направени промени на одредбата од Изборниот законик која се однесува на лимитите за платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и дистрибуцијата на времето за рекламирање меѓу учесниците во изборниот процес, Агенцијата беше принудена два пати да го менува Упатството за лимитите за платеното политичко рекламирање. Претходно донесеното упатство (од 15 јуни), Агенцијата мораше да го менува на 19 јуни, па потоа на 24 јуни, што се поклопи со почетокот на изборната кампања. Ова создаде проблеми и за радиодифузерите и за Агенцијата затоа што некои од медиумите мораа да ги изменат или да склучат нови договори за платено политичко рекламирање со коалициите и партиите, а Агенцијата мораше во од да ги известува и за измените на Упатството и за неусогласеностите меѓу медиа плановите и податоците од мониторингот на регулаторот.

***Мониторинг на изборниот процес – опфат, резултати и мерки***

Мониторингот на Агенцијата започна на 17 февруари 2020 година, еден ден по распишувањето на Предвремените парламентарни избори од страна на претседателот на Собранието на РСМ, кои беа закажани за 12 април. Но поради ситуацијата со пандемијата предизвикана од Ковид-19 и прогласената вонредна состојба од претседателот на државата, беа прекинати со Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, донесена од Владата на 21 март 2020 година. По завршувањето на вонредната состојба и согласно донесените нови уредби на Владата со законска сила, мониторингот продолжи на 24 јуни (првиот ден од изборната кампања) и траеше до денот на гласањето, на 15 јули 2020 година.

<u>Период пред почетокот на изборната кампања (од 17 февруари до 16 март)</u>

Во периодот од распишувањето на изборите заклучно со 16 март, денот кога политичките субјекти постигнаа договор за одложување на изборите, мониторингот се спроведуваше врз примерок од 10 програмски сервиси. Предмет на мониторингот беше 24-часовната програма на два телевизиски и еден радио програмски сервис од Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2 - Програма на албански јазик, Македонско радио – Прв програмски сервис) и на 7 од комерцијалните телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ 24 Вести и ТВ Компани 21-М). Во согласност со Методологијата за мониторинг, за другите медиуми се постапуваше по претставки.

За овој 29-дневен период од мониторингот (од 17 февруари до 16 март), Агенцијата објави еден извештај. Од клучните наоди од извештајот може да се издвои дека - известувањето за подготовките на политичките

партии за избори, како и за активностите на државните органи надлежни за организирање и спроведување на изборниот процес, се најдоа во сенка на известувањето за справувањето на земјава со пандемијата од коронавирусот. Кај сите медиуми во вестите доминираа прилозите што се однесуваа на коронавирусот. Времето во вестите одвоено за изборните подготовки, коалицирања и меѓупартиски надмудрувања произлегуваше пред сè од известувањето во првите десет дена од мониторингот, односно пред појавата на првиот потврден случај на заразено лице во земјава. Гледајќи го тој дел од времето, може да се констатира дека радиодифузерите од примерокот за мониторинг настојуваа да известуваат за активностите на политичките партии врамнотежено, односно генерално го почитуваа начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, со што и овозможија на публиката слободно да го оформи своето мислење за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ).

Сите мониторирани радиодифузери аналитичкиот пристап кон актуелните настани ѝ го овозможија на публиката преку посебните информативни емисии, најчесто интервјуа и дебати. Кај неколку од телевизиите имаше и контактни емисии во кои граѓаните можеа да го изнесат својот став на однапред утврдена тема, најчесто преку телефонско јавување во програмата, иако се користеа и социјалните медиуми. Некои медиуми фрлаа поглед на општествено-политичката ситуација и низ визирот на политичката сатира. Јавниот радиодифузен сервис на МРТ1 и ТВ 24 Вести обезбедија информации и за лицата со оштетен слух, преведувајќи по едно издание вести секој ден и некои од информативните емисии, на знаковен јазик.

За време на изборната кампања (од 24 јуни до 12 јули)

Во периодот на изборната кампања, Агенцијата спроведуваше два паралелни мониторинга, од кои по завршувањето на изборниот процес произлегоа два извештаи поврзани со Предвремените парламентарни избори. Првиот мониторинг, со кој во анализираниот примерок беа опфатени дел од сервисите на Јавниот радиодифузен сервис и поголемиот дел од телевизиските програмски сервиси на државно ниво, се однесуваше на медиумското покривање на кампањата. Вториот мониторинг, со кој во примерокот беа опфатени сите трговски радиодифузни друштва кои се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање и притоа склучија договори со учесниците во изборната кампања, се однесуваше на одвоеното време за платено политичко рекламирање во периодот од 24 јуни до 12 јули.

Мониторингот за време на кампањата во однос на мониторингот пред почетокот на изборната кампања, беше проширен на 14 радиодифузери, при што во анализираниот примерок влегоа уште два програмски сервиса од Јавниот радиодифузен сервис и уште два телевизиски програмски сервиса на државно ниво. Во деветнаесетте денови изборна кампања, со мониторингот на изборното медиумско претставување беше опфатена 24-часовната програма на четиринаесетте програмски сервиси. Со примерокот беа опфатени пет програмски сервиси што ги обезбедува Јавниот радиодифузен сервис, од кои три телевизиски (МРТ1, МРТ2, Собранискиот канал) и два радио програмски сервиси (Македонско радио 1 и Македонско радио 3 – Програма на албански јазик), како и девет од комерцијалните телевизиски програмски сервиси на државно ниво: ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Компани 21-М, ТВ Клан Мацедониа, ТВ Шења и ТВ 24 Вести. За другите програмски сервиси што не беа дел од примерокот, се постапуваше врз основа на претставки.

Од мониторингот на изборното медиумско претставување Агенцијата објави еден извештај, што се однесува на целиот период на изборната кампања. Врз основа на резултатите од мониторингот, беа покренати две прекршочни постапки кон два телевизиски програмски сервиси на државно ниво коишто при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбедија избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, што е спротивно на одредбите од членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка 6 од

Изборниот законик. Дополнително, за време на деновите од изборниот молк, беа констатирани три прекршувања на одредбите од Изборниот законик (член 76-б став 3) кај исто толку програмски сервиси на државно ниво, сите поврзани со емитување изјави на носители на функции на власта и беа покренати прекршочни постапки.

Со мониторингот на емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања, беа опфатени програмските сервиси на сите трговски радиодифузни друштва кои се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање и притоа склучија договори со учесниците во изборната кампања. Право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори имаа само радиодифузерите што беа регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Рокот за упис во Регистарот беше три дена од денот на распишување на изборите (член 75-ѓ став 6 од Изборниот законик). Вкупниот број на регистрирани радиодифузери за емитување платено политичко рекламирање беше 96, од нив 44 телевизии и 52 радија. Но, од вкупно 96-те трговски радиодифузни друштва што се регистрирaa во ДИК за емитување рекламирање, договори со учесниците во изборната кампања склучија вкупно 69, од кои 38 телевизии и 31 радио. Од телевизиите, 9 беа национални, 14 регионални и 15 локални. Од радио програмските сервиси, 4 беа на национално ниво, 11 регионални и 16 локални.

Од овој мониторинг, Агенцијата изготви еден извештај со кој е опфатен периодот од 24 јуни до 12 јули. Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 7 од Изборниот законик, во која е утврдено дека Агенцијата е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија да достави Извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите. Податоците во Извештајот се добиени преку мониторингот направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

Како и во претходните изборни циклуси, така и за Предвремените парламентарни избори 2020 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, сите документи поврзани со изборниот процес, почнувајќи од денот на распишувањето на изборите, ги направи постојано достапни за пошироката јавност креирајќи посебен банер на својата веб страница, насловен „ИЗБОРИ 2020". Сите дописи до радиодифузерите, соопштенија за јавноста, финалните извештаи од мониторингот на периодот пред изборната кампања, од мониторингот над изборното медиумско претставување и од мониторингот на платеното политичко рекламирање за време на изборната кампања, како и материјалите од комуникацијата со Државната изборна комисија, беа дел од банерот посветен на изборите.

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик, Агенцијата од денот на распишувањето на изборите да доставува седмични извештаи до ДИК, а од почетокот на изборната кампања дневни извештаи, АВМУ редовно ја известуваше Државната изборна комисија за своите регулациски надлежности поврзани со изборниот процес. За периодот пред изборната кампања, Агенцијата изготви и достави до ДИК четири седмични извештаи, а за периодот на изборната кампања (24 јуни – 12 јули) деветнаесет еднодневни извештаи.

**Предвремени локални избори**

Покрај Предвремените парламентарни избори, во 2020 година беа одржани и Предвремени локални избори за градоначалници во Општина Штип и во Општина Пласница, бидејќи градоначалниците на овие општини беа избрани за министер, односно за пратеник.

Предвремените локални избори беа распишани на 2 октомври 2020 година, а беа одржани на 13 декември 2020 година. Изборната кампања траеше од 21 ноември до 10 декември 2020 година. Поради пандемијата од Ковид-19, гласањето, а со тоа и изборниот молк, траеше три дена, и изборниот процес заврши во првиот круг, бидејќи во двете општини беше исполнет потребниот одзив од една третина од гласачите.

Имајќи предвид дека на изборите не учествуваа кандидати од двете најголеми политички партии од опозицијата, се појави потреба Агенцијата повторно преку Упатство да ја појасни примената на одредбата од Изборниот законик за распределба на времето за платено политичко рекламирање меѓу учесниците во изборите. Упатството беше усвоено на 17 ноември, по неколкудневна јавна расправа за нацрт-текстот. Во Упатството за платеното политичко рекламирање беше појаснето дека поради тоа што на Предвремените локални избори 2020 не учествуваат кандидати од двете најголеми политички партии од опозицијата, радиодифузерите наместо 9 минути, може да емитуваат најмногу 5 минути платено политичко рекламирање на реален час, од кои, за кандидатите од двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови, можат да одвојат најмногу 4 минути, а за останатите кандидати за градоначалници вкупно 1 минута.

***Мониторинг на изборниот процес – опфат, резултати и мерки***

Пред почетокот на изборната кампања (од 2 октомври до 20 ноември)

Поради малиот интерес за медиумско покривање на изборите за градоначалник во двете општини, овојпат Агенцијата во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања одлучи да не врши мониторинг, туку да реагира по потреба, по претставки или по службена должност. Во овој период не беа констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик.

За време на изборната кампања (од 21 ноември до 10 декември)

Во периодот на изборната кампања се тргна од хипотезата (којашто се потврди со мониторингот) дека поголем обем информации може да се очекува кај медиумите во регионите каде што се бираше градоначалник, но не и кај радиодифузерите на национално ниво или од другите региони. Поради тоа, анализираниот примерок се состоеше од оние медиуми коишто емитуваат програма на подрачјата на двете општини, односно од регионалните телевизии од Штип - М Нет–ХД, Ирис и Стар, од локалните телевизии Ускана Медиа и Гурра од Кичево, како и од Првиот програмски сервис на Македонската Телевизија – МРТ1, преку кој, Јавниот сервис одлучи дека ќе ги покрива овие избори. Анализата кај овие медиуми ја опфати вкупно емитуваната програма, односно, централните вести, посебните информативни програми, платеното политичко рекламирање, како и другите видови програми. Во друг сегмент беа анализирани националните телевизии кои се регистрираа кај Државната изборна комисија дека ќе емитуваат платено политичко рекламирање (ППР). Кај нив беа мониторирани посебните информативни емисии и ППР. Во оваа група влегоа телевизиите: Компани 21-М, 24 Вести, Алфа, Апсат-М, Канал 5, Наша, Телма и Сонце. А кај националните телевизии Сител, Шења и Клан беа следени само посебните информативни емисии бидејќи тие не беа во Регистарот за емитување ППР на ДИК. На Јавниот сервис беше мониториран и Собранискиот канал од аспект на почитување на обврската за емитување бесплатно политичко претставување.

Со мониторингот беа опфатени и две радија кои беа дел од Регистарот на ДИК за емитување ППР. Станува збор за националното Радио Канал 77 и за скопското радио РФМ, кое беше пријавено за емитување ППР и покрај тоа што емитува програма на подрачје преку кое никако не може да се стигне до гласачите на двете општини.

Карактеристично за известувањето на сите медиуми е тоа што немаше информации за текот на изборите за градоначалник на Пласница, но ова се должеше на одлуката на кандидатите, а не на медиумите. Како

што известı Јавниот сервис, во Дневникот во 19:30 часот на МРТ1 на 10 декември, двајцата не сакале да дадат изјави за вестите, а ја одбиле и можноста за ТВ дуел. Мониторингот покажа дека не го искористиле ниту правото за бесплатно политичко претставување. Всушност, единствениот облик на изборно медиумско претставување е мал обем ППР за кандидатот на ДУИ на ТВ Компани 21-М.

Согласно член 75-а став 1 алинеја в од Изборниот законик, балансот во известувањето во вестите за изборите на градоначалник радиодифузерите требаше да го постигнат следејќи го принципот на еднаква распределба на времето, имајќи го предвид и интензитетот на кампањата на секој од кандидатите. Анализираните телевизии, во основа постигнаа баланс во известувањето, со исклучок на ТВ Ирис каде доминантно најзастапен, со повеќе од половина од вкупното време за известување за изборите, беше кандидатот за градоначалник од СДСМ. Со ова ТВ Ирис не обезбеди избалансираност во известувањето за изборната кампања во согласност со принципот за еднаквост на сите кандидати и поради тоа, против медиумот беше покрената прекршочна постапка за повреда на Изборниот законик.

Во однос на платеното политичко рекламирање, од регистрираните 13 радиодифузери во Регистарот на ДИК, вкупно 8 емитуваа платено политичко рекламирање во оваа изборна кампања. Договори со учесниците во изборната кампања склучија 7 телевизии, од кои 5 национални (ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Компани 21-М и ТВ 24 Вести) и 2 регионални (ТВ Стар и ТВ М Нет-ХД) и 1 национално радио (Канал 77).

За време на изборната кампања не беше констатирано прекршување на правилата за емитување платено политичко рекламирање, а ниту пак на другите одредби од Изборниот законик. За време на изборниот молк беа регистрирани ситни неправилности кај повеќе медиуми, кои немаа влијание на изборниот процес и затоа не беа покренати прекршочни постапки против радиодифузерите.

Агенцијата, во сите фази од изборите, преку дописи редовно ги потсетуваше радиодифузерите на правилата од Изборниот законик. На веб сајтот, во посебниот дел ИЗБОРИ 2020 година, постојано беа достапни сите документи и други релевантни материјали, а и овојпат функционираше посебната електронска адреса izbori@avmu.mk преку која се одвиваше целата комуникација поврзана со потврдувањето на нивните извештаи за емитуваното платено политичко рекламирање. Агенцијата и во овој изборен процес остана отворена за сите прашања и дилеми кои ги имаа радиодифузерите околу емитувањето на платеното политичко рекламирање и потврдувањето на извештаите за реализирани услуги.

За време на изборната кампања, Агенцијата секојдневно, а во согласност со обврските од Изборниот законик, доставуваше дневни извештаи до ДИК (вкупно 20 дневни извештаи). Исто така, пред почетокот на изборната кампања, до ДИК беа доставени и седум неделни извештаи.

Од мониторингот за овие Предвремени локални избори, Агенцијата објави два извештаи, првиот Извештај се однесуваше на начинот на известување на радиодифузерите за време на изборната кампања, а вториот за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот од 21 ноември до 10 декември и истите се објавени и достапни на веб сајтот на АВМУ. Извештајот за платеното политичко рекламирање беше доставен и до Државната изборна комисија на 22 декември 2020 година согласно обврската од член 76-д став 7 од Изборниот законик, во која е утврдено дека АВМУ е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите. Овој Извештај се доставува пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање, од страна на ДИК, со средства обезбедени од Буџетот на државата, исклучиво наменети за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) за објавување платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Исто така, Агенцијата на 16 декември 2020 година на радиодифузерите им ги потврди извештаите за реализирани услуги кои се совпаѓаа со наодите од мониторингот.

# ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## Програмски надзори

Во текот на годината беа реализирани сите надзори врз радиодифузерите планирани во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2020 година. Покрај овие надзори, беа реализирани и повеќе вонредни надзори по службена должност или иницирани од претставки на физички лица, како и контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, што се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка. За неколку од изречените мерки јавна опомена на крајот од 2020 година, контролните надзори ќе бидат направени на почетокот од 2021 година и тие не се опфатени во овој Извештај.

Во продолжение е даден преглед на сите програмски надзори претставени месец по месец, според периодот на нивното завршување, освен на надзорите што се однесуваат на почитувањето на професионалните стандарди во известувањето и за поттикнувањето говор на омраза кои се составен дел на главата *Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите*.

### Јануари

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3). Со надзорите не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на подзаконските акти.

- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице врз програмскиот сервис ТВ ТЕЛМА во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (временски периоди за емитување на категориите програми и описи на категориите програми). Предмет на надзорот беше играниот филм „Срејќниот Принц", кој беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен програмски термин - пред 20:00 часот. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмот требало да биде означен како програма од Трета категорија што не се препорачува за деца под 12 години и да се емитува во периодот од 20:00 од 05:00 часот. За констатираното прекршување на оваа телевизија и беше изречена мерка јавна опомена.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Алсат-М за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата) и за член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и член 16 од Правилникот за заштита на малолетници (временски периоди за емитување на категориите програми). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил претходно констатираните прекршувања.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Алфа за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетници (објавите/промотивните најави треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Алфа за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорот повторно беше констатирано прекршување на овие одредби од ЗААВМУ и Правилникот, за кои на крајот од 2019 година на радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена. Имајќи го предвид Заклучокот на Советот за начинот на изрекување мерки, за констатираното прекршување во извештајот од надзорот повторно беше предложено изрекување мерка јавна опомена и нов контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот ќе ја усогласи програмата.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Компани 21-М за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Телма за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорот повторно беше констатирано прекршување на овие одредби од ЗААВМУ и Правилникот, за кои на крајот од 2019 година на радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена. Имајќи го предвид Заклучокот на Советот за начинот на изрекување мерки, за констатираното прекршување во извештајот од надзорот повторно беше предложено изрекување мерка јавна опомена и нов контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот ќе ја усогласи програмата.

**Февруари**

- **Контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Нова (Гевгелија) за почитувањето на: член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот), член 64 став 3 од ЗААВМУ (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите да бидат преведени на македонски јазик) и член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој) и член 16 од Правилникот за заштита на малолетници (временски периоди за емитување на категориите програми). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил претходно утврдените прекршувања, односно постапил по изречените мерки јавна опомена.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Канал 5 за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорот повторно беше констатирано прекршување на овие одредби од ЗААВМУ и Правилникот, за кои на крајот од 2019 година на радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена. Имајќи го предвид Заклучокот на Советот за начинот на изрекување мерки, за констатираното прекршување во извештајот од надзорот повторно беше предложено изрекување мерка јавна опомена и нов контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот ќе ја усогласи програмата.

- **Контролни програмски надзори** врз програмскиот сервис ТВ Сител за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и член 17 од Правилникот за заштита на

малолетници (описи на категориите програми), и за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Клан Македонија за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Март**

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Клан Македонија за почитувањето на член 55 став 5 од ЗААВМУ (правила за пласирање производи). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Контролен програмски надзор** врз Првиот телевизиски програмски сервис на ЈРС – МРТ1 за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано дека ЈРС – МРТ1 го отстранил прекршувањето.

**Април**

- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице врз програмскиот сервис ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Предмет на надзорот беше играниот серијал од турско производство „Сестри". Анализата на седум хронолошки последователни епизоди од играниот серијал „Сестри" покажа дека биле погрешно класификувани како програма од втора категорија (8+) и дека одредени премиерни изданија и сите дотогашни репризи биле емитувани во несоодветни периоди од програмскиот распоред. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот требало да биде означен како програма од Трета категорија што не се препорачува за деца под 12 години, и да се емитува во периодот од 20:00 од 05:00 часот. За констатираното прекршување на оваа телевизија и беше изречена мерка јавна опомена, а за наодите од надзорот беше известен и подносителот на претставката.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Алфа за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерите постапиле по изречените мерки јавна опомена и ги отстраниле прекршувањата.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Телма за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетници (погрешна класификација на програмата и несоодветен период на емитување). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и ја усогласил програмата со Законот и Правилникот.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис МРТ1 за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетници (неозначување на најавите за играните програми со соодветна предупредувачка сигнализација). Со надзорот беше констатирано дека МРТ1 постапил по изречената мерка јавна опомена и ја усогласил програмата со Законот и Правилникот.

- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице врз програмскиот сервис ТВ Телма во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Предмет на надзорот беа македонските играни филмови „Соба со пијано" и „Три дена во септември", емитувани во несоодветни програмски термини на 17, 18 и на 20 април 2020 година, и погрешно означени како програма од втора категорија (8+). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмот „Соба со пијано" требало да биде означен како програма од четврта категорија, која не се препорачува за деца под 16 години, односно требало да биде емитуван само во периодот од 22:00 до 05:00 часот, а филмот „Три дена во септември" требало да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно требало да биде емитуван само во периодот од 20:00 од 05:00 часот. Имајќи предвид дека радиодифузерите работат во отежнати услови поради вонредната состојба, Советот на Агенцијата, наместо да покрене прекршочна постапка, на оваа телевизија ѝ изрече мерка јавна опомена на оваа телевизија.

**Мај**

- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице врз програмскиот сервис ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Предмет на надзорот беше играниот серијал од колумбиско производство „Белата робинка". Со надзорот беше констатирано дека серијалот се емитува во несоодветно време и е означен со погрешна ознака (8+). На медиумот веќе му беше изречена мерка јавна опомена по истиот законски основ и во тек беше рокот за усогласување на радиодифузерот со изречената мерка, но имајќи предвид дека радиодифузерите работат во отежнати услови поради вонредната состојба, Советот на Агенцијата, наместо да покрене прекршочна постапка, на оваа телевизија ѝ изрече мерка јавна опомена на оваа телевизија.

**Јуни**

- **Редовни годишни програмски надзори** на телевизиските радиодифузери на државно ниво кои во 2019 година имаа обврска за емитување европски аудиовизуелни дела (МРТ1, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и ТВ Клан Македонија). Со надзорот беше констатирано дека сите телевизии ја исполниле обврската да емитуваат европски аудиовизуелни дела во 2019 година. За ТВ Клан Македонија доцнеше извештајот (беше подготвен во јули) поради повеќе грешки во податоците доставени од радиодифузерот.

- **Редовни годишни програмски надзори** на телевизиските радиодифузери на државно ниво (МРТ1, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и ТВ Клан Македонија) во однос на обврската во годишниот буџет за програма да одвојат најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од емитуваните вакви дела нема да бидат постари од пет години. Со надзорот беше констатирано дека сите телевизии ја исполниле

обврската во 2019 година да емитуваат европски аудиовизуелни дела од независни продуценти и да одвојат најмалку 10% од буџетот во 2019 година за нивна набавка. За ТВ Клан Македонија доцнеше извештајот (беше подготвен во јули) поради повеќе грешки во податоците доставени од радиодифузерот.

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ 24 Вести и Наша ТВ). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- **Редовни програмски надзори** врз терестријалните телевизиски програмски сервиси на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма,ТВ Алфа и ТВ Алсат-М). Со надзорот беше констатирано прекршување кај ТВ Алфа на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата), поради што и беше изречена мерка јавна опомена.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица, односно во однос на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (временски периоди за емитување на категориите програми и описи на категориите програми). Предмет на надзорот беше игранкот серијал од турско производство „Сестри", за кој беше изречена мерката јавна опомена, но и сите други емитувани содржини во деновите на надзор. Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по мерката, односно соодветно го означил серијалот и го преместил во соодветно време од денонокието.

- **Контролен програмски надзор** врз програмскиот сервис ТВ Телма во однос на правилата за заштита на малолетните лица (член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Јули**

- **Редовен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Клан Македонија во однос на годишната обврска за емитување европски аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека радиодифузерот ја исполнил обврската во 2019 година.

- **Редовен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Клан Македонија во однос на обврската во годишниот буџет за програма за 2019 година да одвои најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од емитуваните вакви дела нема да бидат постари од пет години. Надзорот покажа дека радиодифузерот ја исполнил обврската во 2019 година.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетници. Целта на овој надзор беше да се провери дали радиодифузерот го усогласил со ЗААВМУ и со Правилникот за заштита на малолетници означувањето и периодот на емитување на колумбискиот игран серијал „Белата робинка". Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица) и на

членовите 16 (временски периоди за емитување на категориите програми) и 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица.

- **Вонреден програмски надзор** направен по претставка од физичко лице врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Телма за категоризацијата и периодот на емитување на македонскиот игран филм „Три дена во септември", на 15 јули 2020 година. Се покажа дека наводите од претставката дека филмот е несоодветно категоризиран како програма од втора категорија (8+) и дека е емитуван во несоодветен програмски период - се основани, така што во согласност со ЗААВМУ, беше покрената прекршочна постапка; со оглед на тоа дека радиодифузерот во тековната година со иста постапка и тоа за истиот игран филм ги прекрши членот 50 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица. Беше одговорено и на подносителот на претставката, а целата документација поврзана со претставката е објавена на веб сајтот на Агенцијата.

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис – МРТ1 и МРТ2. Со надзорот беше констатирано прекршување кај МРТ2 на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата) поради емитување на делови од играни филмови изворно на англиски јазик без да биде обезбеден превод на албански јазик, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (ТВ Шења, ТВ Клан Македонија, ТВ Компани 21-М и ТВ Сонце). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај сите нив. Кај ТВ Шења на член 55 став 7 од ЗААВМУ (претерано промовирање на пласирани производи), кај ТВ Клан Македонија на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, кај ТВ Компани 21-М на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица и на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма) и кај ТВ Сонце на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата) поради емитување на изјави и делови од интервјуа изворно на англиски јазик без да биде обезбеден превод на македонски јазик. На сите радиодифузери им беа изречени мерки јавна опомена за сите констатирани прекршувања.

**Август**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на регионално ниво (ТВ Шутел, ТВ Канал Вис, ТВ Кисс&Менада, ТВ Ирис, ТВ 3 и ТВ Полог). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај: ТВ Шутел на член 92 став 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма во периодот од 7 до 19 часот) и на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот); кај ТВ Канал Вис на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма); кај ТВ Кисс&Менада на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот); кај ТВ Ирис на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетници) и членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица; и кај ТВ Полог на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). На овие телевизии им беа изречени мерки јавна опомена за сите констатирани прекршувања.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Алфа за член 64 став 1 (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Септември**

- **Редовни програмски надзори** врз пет радио програмски сервиси на регионално ниво (Зона М1, Скај Радио, РФМ, Радио Роса-АБ и Урбан ФМ). Со надзорот беа констатирани прекршувања само на доброволно преземените обврски за емитување домашна музика во согласност со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, кај Зона М1 и Скај Радио, поради што им беа изречени мерки јавна опомена.

**Октомври**

- **Редовни програмски надзори** врз четири национални комерцијални радио програмски сервиси на државно ниво (РА Антена 5, РА Метрополис, РА Канал 77, РА ЈОН-РАДИО). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво ТВ Компани 21-М и ТВ Клан Мацедониа за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетници) и врз ТВ Шења за почитувањето на член 55 став 7 од ЗААВМУ (правила за пласирање производи). Со надзорот беше констатирано дека ТВ Клан Мацедониа и ТВ Шења ги отстраниле прекршувањата. Кај ТВ Компани 21-М беше констатирано дека не постапила по изречената мерка јавна опомена, односно дека продолжила со вршење на повредата од членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради што беше покрената прекршочна постапка.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво МРТ2 и ТВ Сонце за член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорите беше констатирано дека МРТ2 и ТВ Сонце ги отстраниле прекршувањата, односно постапиле по изречените мерки.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на регионално ниво ТВ Полог и ТВ Кисс&Менада за член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерите ги отстраниле прекршувањата.

**Ноември**

- **Редовни програмски надзори** врз пет случајно избрани телевизиски програмски сервиси на локално ниво (ТВ Плус Куманово, ТВ Спектра, ТВ Ускана Медиа, ТВ Канал Феста и ТВ Здравкин). Со надзорот беа констатирани неколку прекршувања на ЗААВМУ. Кај ТВ Плус Куманово беа констатирани четири прекршувања: на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица; на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ (пласирање производи); на член 100 став 1 од ЗААВМУ (времетраење на рекламирањето и телешопинг слотовите) и на член 64 став 1 (употреба на јазикот). Кај ТВ Спектра беа констатирани прекршувања на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица и на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Кај ТВ Здравкин беше констатирано

прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники. И кај ТВ Ускана Медиа беше констатирано прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). За констатираните праекршувања, на сите радиодифузери им беа изречени мерки јавна опомена.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Компани 21-М за член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис на регионално ниво ТВ Шутел за член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот) и за член 92 став 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма во периодот од 7,00 до 19,00 часот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис на регионално ниво ТВ Канал Вис за член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Контролни програмски надзори** врз радио програмските сервиси на регионално ниво Скај Радио и Радио Зона М1 за член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ (емитување домашна музика). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерите ги отстраниле прекршувањата.

## Административни надзори

Во 2020 година беа реализирани и сите надзори врз радиодифузерите планирани во годишниот План за вршење административен надзор. Покрај овие надзори, беа реализирани и неколку контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, што се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка. За неколку од изречените мерки јавна опомена на крајот од 2020 година, контролните надзори ќе бидат направени на почетокот од 2021 година и тие не се опфатени во овој Извештај.

Во продолжение даден е преглед на сите надзори претставени според периодот на нивното завршување.

**Јануари**

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3). Со надзорите не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на Законот за медиуми.

- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ ТЕЛМА за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Мај**

- **Редовни годишни административни надзори** врз сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2019 година за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми

(обврска да ја известат Агенцијата за исполнувањето на условите од дозволата за емитување). Со надзорот беше констатирано дека вкупно 115 радиодифузери ја исполнија обврската да доставатизвештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2019 година, од нив 47 телевизии и 68 радиостаници. ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, што емитува програма на државно ниво, не беше опфатено во Извештајот, бидејќи дозволата за емитување ја доби во април 2019 година, а започна со работа подоцна во текот на годината. Во законски утврдениот рок (до 31 март), извештаите ги доставија вкупно 30 телевизии и 56 радија. Останатите ги доставија по рокот. Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

**Јуни**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ 24 Вести и Наша ТВ). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- **Редовни административни надзори** врз терестријалните телевизиски програмски сервиси на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа и ТВ Алсат-М). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

**Јули**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис – МРТ1 и МРТ2. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку ОЈЕКМ (ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа, ТВ Компани 21-М и ТВ Сонце). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

**Август**

- **Редовни административни надзори** врз шест телевизиски програмски сервиси на регионално ниво (ТВ Шутел, ТВ Канал Вис, ТВ Кисс&Менада, ТВ Ирис, ТВ 3 и ТВ Полог). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај: ТВ Ирис на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и на член 14 од ЗМ (импресум); кај ТВ Канал Вис на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците); кај ТВ Шутел на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и кај ТВ Полог на член 14 од Законот за медиуми (импресум). На овие телевизии Агенцијата им изрече мерки јавна опомена по сите основи.

**Септември**

- **Редовни административни надзори** врз пет радио програмски сервиси на регионално ниво (Зона М1, Скај Радио, РФМ, Радио Роса-АБ и Урбан ФМ). Со надзорите беа констатирани прекршувања кај Скај Радио и кај Урбан ФМ. Кај Скај Радио беа утврдени прекршувања на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Додека кај Урбан ФМ беше констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум). На двете радиостаници Агенцијата им изрече мерки јавна опомена.

**Октомври**

- **Редовни административни надзори** врз четирите национални комерцијални радио програмски сервиси на државно ниво (Антена 5, Метрополис, Канал 77, ЈОН-РАДИО). Со надзорот беше констатирано прекршување кај ЈОН-РАДИО на член 14 од Законот за медиуми (обврска за објавување импресум), поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

**Ноември**

- **Редовни административни надзори** врз пет случајно избрани телевизиски програмски сервиси на локално ниво (ТВ Плус, ТВ Спектра, ТВ Ускана Медиа, ТВ Канал Феста и ТВ Здравкин). Со надзорот беше констатирано прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците) кај ТВ Плус и ТВ Спектра, поради што Агенцијата им изрече мерки јавна опомена.

- **Контролни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Шутел, ТВ Канал ВИС, ТВ Ирис и радио програмскиот сервис Скај Радио за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците), како и врз телевизискиот програмски сервис ТВ Полог за почитување на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот беше констатирано дека ТВ Шутел, ТВ Полог и Скај Радио ги отстраниле прекршувањата, додека ТВ Канал ВИС и ТВ Ирис не постапиле по изречената мерка јавна опомена, односно продолжиле со вршење на повредата, поради што Агенцијата донесе заклучоци за покренување прекршочни постапки пред надлежен суд.

**Декември**

- **Контролни административни надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Ирис и радио програмските сервиси Скај Радио, Урбан ФМ и ЈОН-РАДИО за почитување на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорите беше констатирано дека Скај Радио, Урбан ФМ и ЈОН-РАДИО ги отстраниле прекршувањата. Додека ТВ Ирис не постапила по изречената мерка јавна опомена, односно и понатаму ја прекршува одредбата, поради што Агенцијата донесе заклучок за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд.

**Надзор над исполнувањето на минималните кадровски услови**

Имајќи предвид дека за обезбедување телевизиско или радио емитување, покрај условите и обврските пропишани во ЗААВМУ, радиодифузерите треба да исполнуваат и посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, Агенцијата во октомври изврши увид во податоците за бројот и структурата на вработените во радиодифузерите, коишто самите радиодифузери ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската за обезбедување јавност во работењето (член 15 став 1 од ЗМ).

Од доставените податоци, кои ја прикажуваа состојбата на 31.12.2019 година, беше констатирано дека кај 26 радиодифузери (10 телевизии и 16 радија) не се исполнети минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување".

Станува збор за следните радиодифузери: телевизија Шења која емитува програма на државно ниво преку неограничен ресурс, регионалните телевизии Сити од Скопје Ирис од Штип и Кобра од Радовиш, локалните телевизии Феста од Куманово, Канал 8 од Кочани, Дибра од Дебар, Гурра од Кичево и Г-ТВ и Дуе од Гостивар и радиостаниците Капитол од Скопје, Скај радио плус од Берово, Б-97 од Битола, Ла Коста од Виница, ПРО ФМ и Балкан ФМ од Гостивар, Акорд и Медисон од Кичево, Аљбана Плус и Бум од Куманово, Пулс од Кавадарци, Холидеј од Прилеп, Еко од Пробиштип, Модеа од Свети Николе и Плеј и 102-ка од Струга. Имајќи го предвид ова, Агенцијата писмено се обрати до нив и од сите побара да доставаат документи од коишто ќе може да се утврди дали во тој момент ги исполнуваат минималните кадровски услови. Врз основа на доставената документација беа направени 26 вонредни административни надзори (16 во октомври, шест во ноември и четири во декември) и беше констатирано дека сите ги исполнуваат минималните кадровски услови.

**Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување**

Во 2020 година, Агенцијата достави фактури за плаќање на годишниот надоместок до сите трговски радиодифузни друштва и до непрофитните радиодифузни установи. Поради неисполнување на оваа обврска во законски утврдениот рок, Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување на 31 радиодифузери. За 27 од нив постапките беа запрени поради тоа што во целост го платија надоместокот по покренување на постапките. Следните четири радиодифузери не ја исполнија оваа обврска, поради што Агенцијата им ги одзеде дозволите за вршење на дејноста:

- ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.
- ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово;
- ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга и
- ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.

**Други надзори над радиодифузерите**

По службена должност, Агенцијата во 2020 година изврши вонреден административен надзор на локалната телевизија ТВ Аниса од Пласница, со кој беше констатирано дека радиодифузерот не емитувал најмалку шест часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на одредбите од ЗААВМУ. Имајќи го предвид стореното прекршување, Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер, за што писмено го извести и му укажа дека доколку веднаш не го усогласи работењето и отпочне со емитување телевизиска програма, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско емитување. Со цел да утврди дали ТВ Аниса постапила по укажувањето и започнала да емитува програма, Агенцијата изврши контролен административен надзор со кој беше констатирано дека таа не ја отстранила повредата на законот, поради што и беше одземена дозволата за телевизиско емитување.

Во извештајната година, исто така по службена должност, беше извршен вонреден административен надзор и на ТВ Морис од Охрид, со кој беше констатирано дека телевизијата не емитувала програма повеќе од 30 дена. Овој надзор беше спроведен откако ТВ Морис ја извести Агенцијата за прекин на емитување на програмата заради преселба во нови простории, по што следуваше период од 30-дневен надзор врз емитувањето на телевизискиот програмски сервис на овој радиодифузер, со кој беше констатирано дека тој

не емитува програма подолго од 30 дена. Поради тоа, Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, но истата беше запрена, затоа што во меѓувреме, управителот на ТВ Морис достави нотарски заверена изјава дека телевизијата престанува со емитување програма, со што престана да важи дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер.

Врз основа на претходно добиено Барање за одземање на дозволата на РА Јон, Агенцијата во 2020 година изврши вонреден административен надзор на овој радиодифузер во врска со исполнувањето на условите од член 62 став 5 од ЗААВМУ и член 6 од Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, односно да утврди дали радиостаницата која има дозвола да емитува програма на државно ниво, обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во РС Македонија. Со надзорот беше констатирано дека РА Јон не ги исполнува потребните услови, поради што Агенцијата во јануари покрена постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер. Во врска со покренатата постапка Агенцијата писмено го извести радиодифузерот и му укажа дека доколку не го усогласи своето работење со ЗААВМУ, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот од директорот на АВМУ, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Со цел да обезбеди информација базирана на мерења и пресметки дали РА Јон обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението на РС Македонија, АВМУ побара информација од Агенцијата за електронски комуникации, а покренатата постапка беше прекината до денот на добивање информација од АЕК. Во однос на барањето информации, кон крајот на март АЕК ја извести АВМУ дека со извршените пресметки било констатирано дека РА Јон покривал над 80% од населението на РС Македонија, поради што беше запрена претходно покренатата постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер.

**Стручен надзор**

Постапувајќи согласно својата законска надлежност за вршење стручен надзор на радиодифузерите заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емиување, Агенцијата во 2020 година изврши три стручни надзори, и тоа на регионалните телевизии К&М и М НЕТ-ХД и на Наша ТВ, која емитува програма на државно ниво. Причина за спроведување на надзорите на К&М и на М НЕТ-ХД беше доделувањето нови дозволи на овие две трговски радиодифузни друштва, а надзорот на Наша ТВ беше извршен поради тоа што овој радиодиузер во извештајната година изврши промена на локацијата на просториите во кои се произведува програмата.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во текот на 2020 година Агенцијата спроведе четири редовни надзори со кои што беа опфатени сите радиодифузери евидентирани во регистрите што ги води Агенцијата (два надзори во април – еден над 116 и еден над 115 радиодифузери, еден надзор во јули – над 116 радиодифузери и еден во ноември – над 115 радиодифузери) и два контролни административни надзори (во јуни) во врска со исполнувањето на обврските на радиодифузерите да обезбедат јавност во своето работење.

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2020 година, во април беше извршен редовен надзор на сите радиодифузери (вкупно 116), а предмет на надзорот беше обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и

расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Потребните податоци не ги достави само ТВ Ирис од Штип, поради што Агенцијата и изрече мерка јавна опомена и и наложи оваа законска обврска да ја исполни во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка. Со контролниот надзор над овој радиодифузер, кој беше направен во јуни, беше утврдено дека тој во целост ја исполнил оваа законска обврска, со што го отстрани претходно стореното прекршување на Законот за медиуми.

Предмет на останатите три редовни и еден контролен административен надзор беше обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да доставaт до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Првиот надзор во врска со оваа обврска беше спроведен во април и со него беше констатирано дека од вкупно 116 радиодифузери, оваа обврска во првиот предвиден рок (најдоцна до 31 март 2020 година) не ја исполни само ТВ Ирис од Штип (со надзорот не беше опфатена ТВ Канал Вис од Струмица затоа што истата не беше во можност до Агенцијата да достави снимка од емитуваната содржина од причина што оваа телевизија во март ја зафати пожар во кој речиси целосно беа опожарени телевизиското студио и техниката). И овојпат Агенцијата писмено ја опомена ТВ Ирис и и даде дополнителен рок од 45 дена за да го усогласи своето работење со законот. Контролниот надзор на оваа телевизија беше спроведен во јуни и со него беше констатирано дека ја исполнила оваа законска обврска.

Во јули беше спроведен вториот редовен административен надзор во врска со оваа обврска (на 116 радиодифузери), а во ноември третиот (на 115 радиодифузери). Двата надзора покажаа дека во вториот и третиот утврден рок (најдоцна до 30 јуни, односно до 31 октомври), сите радиодифузери ги објавија на својата програма податоците за сопственичката структура, уредништвото и изворите на финансирање во претходната година и до Агенцијата доставија снимка од објавената содржина.

## ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во 2020 година, Агенција спроведе две исклучително значајни активности во врска со обезбедувањето и заштитата на плурализмот на сопственоста на медиумите – во мај беше изработена студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување", а во октомври беше одржана работилница на истата тема.

Уште во 2019 година, кога ја изработи својата стратегија за периодот од 2019 до 2023 година, Агенцијата посочи дека постои реална потреба да се преиспита дали постојните законски одредби со кои се утврдени ограничувањата на медиумската сопственост ја исполнуваат целта - да се спречи едно лице, компанија или група да има прекумерно влијание во еден или повеќе медиумски сектори, што може да претставува сериозна закана за медиумскиот плурализам и слободата на изразување, како и да се спречи клучните елементи за производство, емитување, дистрибуција и сродни активности на медиумската индустрија да бидат контролирани од една компанија или група, што може да претставува сериозна закана за здравата конкуренција, но истовремено да се овозможи и развој на пазарот. Заради тоа, предвидовме дека е потребно да се изработи Студија со која ќе се процени дали постојните законски одредби обезбедуваат заштита на плурализмот и фер конкуренцијата на пазарот, но истовремено и развој на пазарот, или пак

веќе се застарени и во услови на дигитално опкружување се премногу ограничувачки, односно веќе претставуваат пречка за развој на пазарот.

Проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите" (ЈУФРЕКС 2) на Европската унија и Советот на Европа претставуваше одлична можност да обезбедиме независно експертско мислење во врска со ова многу важно и сложено прашање. Најпрво ги утврдивме основните елементи што студијата задолжително треба да ги содржи: анализа на одредбите од ЗАВМУ што ги уредуваат овие прашања, компаративна анализа со неколку други земји (земји членки на ЕУ, но и со неколку земји со слични карактеристики на медиумскиот пазар како оној во Македонија), како и длабински интервјуа со релевантни субјекти. Сметавме дека е потребно и побаравме покрај странски експерт, во изработката на студијата да биде вклучен и домашен експерт којшто добро ја познава состојбата во земјава во врска со ова прашање. Студијата ја изработија експертите на Советот на Европа, Жан Франсоа Форнемон и Снежана Трпевска.

Студијата на почетокот накратко ги објаснува главните концептуални прашања значајни за регулирањето на медиумската сопственост во аудиовизуелниот сектор и продолжува со преглед на најновите случувања на ниво на ЕУ и законската рамка во неколку избрани земји членки на ЕУ – Австрија, Германија и Франција, а понатаму е даден преглед на правилата за медиумска сопственост во четири земји од соседството – Србија, Црна Гора, Албанија и Хрватска. Анализата и оценката на тековните законски одредби од Законот за медиуми и ЗААВМУ како и практичните аспекти на нивното спроведување се разгледувани во продолжение, каде што се изложени и сумирани ставови и гледишта на релевантните чинители (претставници на медиумскиот сектор, експерти од НВО секторот и од регулаторните тела). Главните наоди од студијата, со соодветни препораки од експертите, се содржани во последниот дел. Студијата дава неколку препораки за тоа како да се разгледаат постоечките правила, така што македонските креатори на политики се осигураат дека сите идни ограничувања, од кои секое поединечно веројатно извршува легитимна цел, заедно го почитуваат принципот на пропорционалност и не му штетат на развојот на одржлив аудиовизуелен сектор. Во врска со ова, посочено е дека сегашната рамка не одговара на реалноста на „новото" аудиовизуелно опкружување и експертите ги даваат следниве препораки: 1. Секое идно ограничување не треба да му наштетува на одрживиот развој на аудиовизуелниот сектор бидејќи од традиционалните актери сега се бараат големи инвестиции за да се соочат со новите конкуренти; 2. Сегашната законска рамка треба да се преразгледа за да се обезбеди дека на пропорционален начин ја исполнува целта за зачувување на разновидноста и плурализмот во однос на произведената и емитуваната содржина; 3. Регионалните пазари треба да се редефинираат според економски критериуми (број на жители, развој на индустриски сектор...); 4. Забраната за вкрстена сопственост со компании кои издаваат весници треба да биде укината, како одговор на тешката финансиска состојба на индустријата на печатените медиумите; 5. Ограничувањето на вкрстена сопственост помеѓу радиодифузерите и огласувачките компании треба да остане, но за онаа меѓу радиодифузерите и електронските комуникации треба да се дебатира; 6. Треба да се организираат отворени консултации и дебати за да се утврдат праговите за мерење на влијанието на одредени медиумски групи на пазарот; 7. Постоечките правила за транспарентност (редовно известување од радиодифузерите до надлежните органи) треба да останат и да се прошират и за аудиовизуелните онлајн медиуми.

На 16 октомври, исто така во рамки на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите" (ЈУФРЕКС 2), беше организирана онлајн работилница на тема „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување". На работилницата, покрај претставниците на Агенцијата, учествуваа и претставници на медиумската индустрија, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, Здружението на новинари, Советот за етика во медиумите, како и на невладините организации кои работат во сферата на медиумите. На почетокот, експертите кои ја изработија студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување" ги претставија наодите, заклучоците и

препораките што произлегоа од студијата. Потоа следуваше дискусијата, во која учесниците посочија дека се согласуваат со заклучоците и препораките од Студијата и дека законските измени се неопходни за да се обезбеди развој на аудиовизуелниот медиумски сектор во новото опкружување на дигиталните медиуми, но исто така и за усогласување со последните измени и дополнувања на Директивата на ЕУ за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 21 октомври Агенцијата ја достави студијата до надлежното министерство, поточно до Министерството за информатичко општество и администрација за да може, како овластен предлагач на законите што се однесуваат на работењето на медиумите, да ги има предвид заклучоците и препораките содржани во нея при креирањето на новата медиумска регулатива.

Во 2020 година, во рамките на ЈУФРЕКС 2 проектот, Агенцијата учествуваше и во изработката на регионалната публикација „Регулаторните тела за медиуми и медиумскиот плурализам", заедно со медиумските регулатори од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Србија. Темата на оваа публикација беше предложена и договорена од самите регулатори на регионалната конференција што се одржа во септември 2019 година. Заеднички беше одлучено да се изработи публикација во која ќе се осврнеме на прашањето за плурализмот во медиумите, опфаќајќи теми како што се европските стандарди во оваа област, законодавната и институционалната рамка во врска со медиумскиот плурализам, како и улогите, одговорностите и активностите на медиумските регулатори. Сите претставници на медиумските регулатори беа согласни дека да се обезбедат информации и податоци за постојната законска рамка што ја регулира оваа област во секоја земја, информации за практиката и постапувањето на другите регулатори, како и за состојбата во врска со плурализмот на медиумите во секоја земја, на едно место, како што е направено во оваа публикација, е голема и исклучително корисна придобивка. Некои од клучните наоди на студијата се дека карактеристиките и трендовите на медиумските пазари во овие шест земји се многу слични и дека законодавните и регулаторните механизми во врска со медиумскиот плурализам во овој регион не одговараат повеќе на реалноста на „новото" аудиовизуелно опкружување, односно дека дека тие се застарени. Оваа публикација дава препораки што треба да се користат и да се применуваат преку понатамошни активности, придонесувајќи за подобрувања во оваа област. Нагласува дека и покрај тектонските поместувања во медиумското опкружување, можеби, повеќе од кога било, потребно е да се продолжи со заштитата на основните принципи и вредности, овозможувајќи им на новинарите и медиумите да ја извршуваат својата улога во општеството и да ја штитат демократијата. Овие проблеми се особено истакнати во регионот, каде што правата на новинарите постојано се кршат силно, медиумите се борат за опстанок, а различните форми на финансирање од власта сè уште постојат во медиумскиот сектор. Недостатокот на транспарентност на финансирањето на медиумите и сопственоста на медиумите, вклучително и индиректна или скриена сопственост, продолжува да влијае на медиумските сектори низ целиот регион, заедно со високиот медиумски клиентелизам и политизација. Студијата нагласува дека при ревидирање на постојните законски правила во врска со плурализмот во медиумите, основно на што треба да се обрне внимание е дека медиумите работат во променлива околина и дека е потребно да се создадат правила што ќе го поттикнуваат - и не го попречуваат - развојот на одржлив аудиовизуелен сектор.

**Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура и следење на промените на сопственоста на радиодифузерите**

Во 2020 година, Советот на Агенцијата донесе четири одлуки со коишто дозволи промена на сопственичката структура на четири радиодифузери, и тоа на две локални радиостаници, една локална телевизија и една радиостаница со дозвола да емитува програма на државно ниво. Станува збор за следните:

- Трговско радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово – промената се однесуваше на истапување на физичките лица Мухамер Асани и Ајет Демири од Тетово и пристапување на физичкото лице Енкелејда Шепбурне од Тирана, Албанија.

- Трговско радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово - промената се однесуваше на истапување на физичкото лице Габриела Ѓурчиноска од Тетово и пристапување на физичкото лице Зоран Тодоровски од Тетово.

- Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје – промената се однесуваше на истапување на правното лице Друштво за трговија и услуги ФИНИНВЕСТ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и пристапување на физичкото лице Цветан Настевски од Скопје.

- Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга – промената се однесуваше на пренесување на дел од уделите на тогашните сопственици, физичките лица Гоце Стојковски од Гостивар и Фисник Татеши од Струга, на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани.

Во насока на следење на промените на сопственоста на радиодифузерите, во мај беше извршен увид во податоците за нивната сопственичка структура во тековните состојби издадени од Централниот регистар на РС Македонија. Целта на надзорот беше да се провери дали некој радиодифузер извршил промена без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата, што е спротивно на член 41 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ. Со надзорот не беше констатирано прекршување на овие одредби кај ниту еден радиодифузер.

**Транспарентност на сопственоста на радиодифузерите**

Во однос на транспарентноста на медиумската сопственост, Агенцијата во текот на целата година редовно ги ажурираше податоците за сопственичката структура на радиодифузерите, кои се објавени на нејзината веб страница, за да ѝ овозможи на јавноста пристап до овие податоци.

Во јуни Агенцијата изработи „Извештај за медиумската сопственост"[1] во кој, во засебни делови, се прикажани податоците за сопственичката структура на радиодифузерите и сопственичката структура на издавачите на печатените медиуми во 2020 година. Делот кој се однесува на радиодифузерите содржи и податоци за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите, за промените во нивната сопственичка структура во 2019 година, како и за активностите на АВМУ во насока на утврдување недозволена медиумска концентрација и во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитување на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост. Заради целосна транспарентност на сопственоста на ТВ, РА и издавачите на печатени медиуми, во извештајот се претставени и податоците за сопствениците на правните лица кои поседуваат удели во сопственоста на радиодифузерите или на издавачите на печатени медиуми.

[1] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

## Активности за поттикнување на медиумската писменост

### *Мрежа за медиумска писменост*

Мрежата за медиумска писменост, и во 2020 година, продолжи да функционира со хоризонтална поставеност, во која сите членови се рамноправни, а работата на членките на Координативната група и координаторката е административна, односно тие не се формална водечка структура. Членството во Мрежата за медиумска писменост продолжи да се шири и во моментов брои 62 членки. Комуникацијата и споделувањето на информациите помеѓу членовите се одвива преку посебна и-мејл група, чие администрирање, како и одржувањето на веб-сајтот www.mediumskapismenost.mk, го спроведува АВМУ, како една од членките-основачи на Мрежата. Покрај заедничките активности во рамките на Мрежата, таа во моментов функционира и преку трите работни групи (во кои зачленувањето е доброволно): Работна група за формално и неформално образование, Работна група за истражувања и Работна група за промоција на Мрежата и привлекување нови членки.

Во рамките на Мрежата, покрај Деновите на медиумска писменост (ДМП 2020) како централна годишна активност, беа спроведени активности за изработка, промовирање и усвојување на уште три исклучително важни документи.

- Насоки за етика во истражувањата на медиумската писменост кои ги изработи д-р Снежана Трпевска од Институтот РЕСИС;
- Ажуриран преглед со актери и ресурси за медиумска писменост кој го подготви м-р Весна Никодиноска од МИМ;
- Комуникациската стратегија на Мрежата за медиумска писменост 2021 – 2023, која ја изготви д-р Марина Тунева од СЕММ, а чија подготовка беше технички и финансиски поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Ваквата поддршка произлезе од Меморандумот за соработка помеѓу АВМУ и ОБСЕ, кој беше потпишан во 2019 година.

Мрежата и нејзините членки од 2020 година своите интернет страници ги обележуваат со електронски беџ на ММП, преку кој се врежени со сајтот www.mediumskapismenost.mk. Беџот е изработен на македонски, албански и на англиски јазик и е аплициран и на сајтот www.avmu.mk, како и на Фејсбук страницата https://www.facebook.com/agencijazaaudioiaudiovizuelnimediumskiuslugi на АВМУ.

Со оглед дека една од основните алатки за комуникација помеѓу членките, но и на Мрежата, со јавноста е веб-сајтот www.mediumskapismenost.mk, тој постојано се ажурира и дополнува со нови содржини, поради што станува отежнато пребарувањето. Во рамки на Мрежата беа изнесени сугестии за подобрување на неговата функционалност, и на почетокот од мај, беа направени неколку измени во овој контекст. Сепак, АВМУ и понатаму ќе прави напори сајтот да соодветствува на актуелните потреби на Мрежата, што беше препорачано и во Комуникациската стратегија на ММП.

### *Денови на медиумска писменост 2020*

Второто издание на Деновите на медиумска писменост во организација на Мрежата за медиумска писменост се одржа во периодот од 26 октомври до 2 ноември 2020 година. Во текот на ДМП 2020, сите заинтересирани граѓани имаа можност да се вклучат во активностите кои беа предвидени во програмата, а кои вклучуваа: работилници, дебати, вебинари и други онлајн настани, фокусирани на различни аспекти од

медиумската писменост. Поради пандемијата од Ковид – 19, настаните од ДМП 2020 беа целосно организирани и спроведени на Интернет, следејќи го примерот на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО (24 до 31 октомври). Ова беше вторпат нашата земја да се вклучи во одбележувањето на Глобалната недела, во рамките на која УНЕСКО упати повик до сите граѓани да се спротивставаат на дезинфодемијата користејќи ја медиумската писменост како моќна алатка и, без разлика каде живеат и работат во светот, да земат учество во настаните посветени на медиумската писменост. Токму затоа, мотото на ДМП 2020 гласеше „Секоја вест на тест“, а беше задоволство да се види дека настаните беа солидно посетени. Настаните беа најавени и на веб сајтот на Глобалната недела на УНЕСКО.

Консултациите за Деновите на медиумска писменост 2020 започнаа во април, а организациските подготовки поинтензивно се спроведоа почнувајќи од септември, откако по пат на јавна набавка, Агенцијата САЈН АП ДМА беше избрана да ја реализира медиумската и информативната кампања.

Во рамките на ДМП 2020 беа реализирани вкупно 16 онлајн настани од кои во два, Агенцијата беше директно инволвирана. Првиот беше Тркалезната маса за медиумската писменост и образованието, која во организација на Македонскиот институт за медиуми и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се одржа на 28 октомври 2020 година и на која дебатираа министерката за образование и наука г-а Мила Царовска, директорката на Македонскиот институт за медиуми г-а Билјана Петковска и националниот консултант при Регионалната канцеларија на УНЕСКО за наука и култура во Европа г-н Борислав Вукојевиќ. Настанот го отвори директорот на АВМУ д-р Зоран Трајчевски. Вториот настан беше „Род, плати и радиодифузија“, што го организираше АВМУ на 2 ноември 2020 година и на кој беа презентирани резултати од истражувањето на Агенцијата за родовата структура на платите во радиодифузијата (како и показатели од другите истражувања на родот во медиумите), по што следуваше дебата во која учествуваа претставници на Министерството за труд и социјална политика, Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници, Здружението на новинарите на Македонија и на Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА.

Останатите настани беа организирани од: Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии, Конеду Глобал, Фондацијата Метаморфозис и Евротинк преку нивниот заеднички проект КриТинк, Радио МОФ, Советот за етика во медиумите на Македонија, додека Македонската радиотелевизија беше ангажирана преку емитување емисии за МП и емитување на неколкуминутните видеа за Мрежата, за темите важни за МП и за настаните, како и преку прикажување на спотовите од промотивната кампања за ДМП 2020.

Во рамките на кампањата беа изработени повеќе различни аудио и аудиовизуелни содржини. Главниот промотивен спот на македонски и на албански јазик имаше аудио и видео верзија. Видеоспотот беше прикажуван на Гугл, Јутјуб, Инстаграм, Фејсбук, на пет онлајн медиуми, на МРТ1 и МРТ2, им беше испратен и на сите ТВ станици во земјата, а го емитуваа 18 телевизии од кои четири национални. Тој се прикажуваше и на екраните во автобусите на ЈСП Скопје. Радиоспотот се емитуваше на радиосервисите на Македонското радио, им беше испратен на сите радиостаници во земјата и го емитуваа 27 радија од кои две национални, седум регионални, а останатите беа локални. Зачестеноста на емитување и на радио и на ТВ спотот беше од двапати до 13 пати дневно (околу половина од медиумите го емитуваа меѓу пет и седум пати дневно). Потоа беа изработени три серии куси видеа. Во првата серија, членките на Мрежата инволвирани во ДМП 2020 говореа за важноста на Мрежата, а во втората правеа кус осврт на тема важна за МП (учење на далечина, МП во образование, користење на социјалните медиуми, родот, ранливите групи, дезинформациите итн.) и ги најавуваа своите настани на ДМП. Третата серија видеа претставуваа информација од одржаните настани (оние што беа отворени за јавност). Првите две серии беа продуцирани на македонски и на албански јазик, а третата серија на македонски, албански и на англиски јазик. Овие две серии видеа се емитуваа на МРТ1 и МРТ2. Сите спотови се наоѓаат на Фејсбук страницата (https://www.facebook.com/MrezaZaMediumskaPismenost) и на Јутјуб каналот на Мрежата за медиумска

писменост, кои беа создадени непосредно пред почетокот на ДМП 2020, како и на www.mediumskapismenost.mk, а информација за ДМП 2020, заедно со линк до спотовите, беше споделена и преку ЕПРА (Европската платформа на регулаторни тела). Целокупниот имиџ беше создаден од агенцијата Сајн ап во соработка со АВМУ. Агенцијата Сајн ап изработи детален извештај за видливоста и интересот за сите презентирани содржини во текот на Деновите на медиумската писменост, според кој може да се заклучи дека и покрај тоа што настаните се спроведоа исклучиво онлајн тие беа прилично успешни од аспект на видливоста на кампањата.

***Други активности поврзани со медиумската писменост***

По започнувањето на пандемијата од Ковид-19 и првите месеци живот во карантин, на почетокот од април, АВМУ во име на Мрежата за медиумска писменост, ги сподели Насоките за безбедно и професионално известување за коронавирусот на СЕММ и ЗНМ со ГАПМИЛ (Глобалната мрежа за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, која сега се вика Алијанса за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО или МИЛ Алијанса, и чија членка Мрежата е од 2019 година), кои потоа се најдоа на меѓународно споделената листа со ресурси на МИЛ Алијансата. Исто така, во рамки на Форумот за медиумска писменост на ЕПРА беа објавени информации за активностите на Агенцијата и на членките на Мрежата за медиумска писменост во време на КОВИД-19. Информации за активностите на Агенцијата поврзани со известувањето за време на корона кризата беа објавени и на веб сајтот на ЕРГА (Европската група на регулаторни тела). Беше одговорен и прашалникот на МИЛ Алијансата за структурата, функционирањето и потребите на мрежите за медиумска писменост, а преку електронската комуникација во Мрежата и преку www.mediumskapismenost.mk беа споделени активностите/ресурсите на МИЛ Алијансата - за одговор на пандемијата со дезинформации поврзани со КОВИД-19.

Во мај, Агенцијата ја зачлени Мрежата за медиумска писменост во МИЛКЛИКС, рамка преку која УНЕСКО обезбедува колаборативен пристап помеѓу МИЛ Алијансата, тековните партнерски организации, идните партнерски организации и другите субјекти кои работат во областа на медиумската писменост и се грижат луѓето да стекнат компетенции за медиумска и информациска писменост во нивната секојдневна употреба на Интернет и социјалните медиуми. Веб сајтот на Мрежата www.mediumskapismenost.mk, е означен со беџот на МИЛКЛИКС.

Во септември и октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на тркалезните маси на ЕПРА посветени на мрежите за медиумска писменост. Се работеше за серија од три настани, кои се однесуваа на мрежите, во организација на Групата на ЕПРА за медиумска писменост. Првата беше посветена на создавањето мрежи, втората на нивната структура и функционирање, а третата на евалуацијата на работата и проектите. Искуствата од развивањето и работата на вмрежувањето за медиумска писменост во нашата земја беше презентирано на вториот и на третиот настан, како исклучително позитивен пример во областа. Меѓу панелистите учествуваа членки на Мрежата за медиумска писменост (Билјана Петковска од Македонскиот институт за медиуми и Александра Теменугова од Институтот за комуникациски студии), кои ѝ беа предложени на ЕПРА од страна на АВМУ.

Агенцијата даде поддршка на неколку членки на Мрежата при апликација за проекти поврзани со медиумската писменост, а исто така даваше стручна помош и мислење за развој на проекти кои се однесуваа на медиумска писменост. Како дел од соработката, претставничка на Агенцијата беше интервјуирана во рамки на процесот на екстерна евалуација на регионалната програма за медиумска писменост „Медиуми за граѓаните – граѓаните за медиумите: Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за развој на МИП во земјите од Западен Балкан" која, со финансиска поддршка на Европската Унија, се спроведуваше од страна на партнерските организации: Медиацентар Сараево, Албанскиот институт за медиуми и МИМ. АВМУ има свој претставник во Советодавниот одбор на проектот „Со критичко

мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк", на Фондацијата за интернет и општество – Метаморфозис и Евротинк - Центар за европски стратегии. Исто така, на крајот од годината, претставници на регулаторното тело следеа две онлајн презентации на наодите од истражувања изработени во рамки на КриТинк. Најпрвин тоа беше истражувањето „Значењето, присуството и свеста за критичко мислење и медиумска умешност во медиумската индустрија", а потоа „Пандемија или инфодемија? Критичкото мислење и теориите на заговор во време на пандемија".

**Обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост**

Агенцијата и во 2020 година продолжи со својата проактивна улога во сферата на обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост. Активностите во овој контекст беа инспирирани од усвојувањето на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ. Една од позначајните измени во Директивата се однесува на членот 7, според кој државите-членки на ЕУ имаат обврска да обезбедат, без непотребно одложување, давателите на медиумски услуги под нивна надлежност, своите програми континуирано и постепено да ги направат достапни за лицата со попреченост преку пропорционални мерки. Имајќи предвид дека Директивата претставува дел од европското а-ки (aquis communautaire), ваквата измена ќе се рефлектира и врз македонското законодавство, во процесот на натамошна хармонизација на регулативата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Прилагодувањето на програмите со цел тие да станат достапни за лицата со попреченост (т.е. обезбедувањето затворени текстуални описи и титлови, аудио описи, знаковен јазик итн.[2]) е процес за кој се потребни финансиски средства и време, но и промена во редакциската култура и ставовите кон лицата со попреченост, пред сè во медиумите, па оттаму активностите на Агенцијата се одвиваа во два правци. Едниот имаше за цел да ја поттикнува свеста кај радиодифузерите и да доведе до промена во нивните практики, а другиот се однесуваше на поставување на рамките за идното постапување на регулаторот преку изготвувањето документ за политики.

Уште во почетокот од годината, се одржа работилница за радиодифузери и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање чија цел беше да им се помогне да ја сфатат важноста на обезбедувањето достапност преку споделување искуства од европски и домашни практики, и да се изработи саморегулациски документ кој ќе овозможи поголем пристап до медиумите за лицата со сетилна попреченост. Работилницата беше реализирана во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија" и на неа, експертката ангажирана од Советот на Европа, Дирдре Кевин ги сподели своите знаења со претставници на 14 радиодифузери (на национално и регионално ниво) и оператори на аудиовизуелни услуги по барање, како и со вработените во Агенцијата. На работилницата беше разгледан и нацрт-саморегулациски документ, што претходно го изработија вработени во АВМУ во соработка со експертката, и беше договорено да се востанови посебна и-мејл адреса за понатамошната комуникација. Во почетокот од февруари беше отворена адресата dostapnost@avmu.mk која служи за комуникација меѓу радиодифузерите, како и со Агенцијата, во однос на активностите за обезбедување достапност до програмите на лицата со сетилна попреченост. Во иднина таа ќе се користи како централна национална контактна точка, односно единствен, лесно достапен, едноставен центар за давање информации и примање поплаки, вклучително и од лица со попреченост, во врска со сите проблеми со пристапноста.

Во одредбите на саморегулацискиот акт се пренесени обврските од Директивата, а намерата е, преку него, самите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги да ги договорат обврските на кои се нафаќаат и

[2] Повеќе детали за начините за обезбедување достапни програми може да се најдат на: https://avmu.mk/licasosetilnapoprecenost/

динамиката со којашто ќе ги исполнуваат. Преговорите за усогласување на текстот на саморегулацискиот документ имаа добар почеток, но замреа со започнувањето на ковидкризата. Сепак, имајќи предвид дека во Изборниот законик, во член 75 став 1 и 75-а став 1, беа направени измени со кои од националните радиодифузери се бара да обезбедат информирањето за изборниот процес да биде достапно за лицата со попреченост, кон крајот на годината Агенцијата повторно го отвори процесот со надеж дека до локалните избори, што треба да се одржат во есента 2021 година, ќе има некаков напредок на овој план.

Активностите за изработка на документ за политики на Агенцијата се продолжение на претходното постапување. Имено, досегашната работа на полето на овозможување услови за достапни програми покажа дека на регулаторот му е потребен општ документ за политика, заснован на одредбите од Директивата, врз кој ќе ги планира идните активности. Притоа, конкретните активности ќе зависат од потребите на целната група т.е. визуелно и слуховно попречените лица, но и другите лица со инвалидност, како и од можностите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни услуги по барање. Со ваква мисла, вработените во стручната служба изработија Нацрт-политика, за која имаше јавна расправа од 5 до 31 октомври. Советот на Агенцијата, во декември ја усвои Политиката за обезбедување пристапност до аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост[3]. Документот беше споделен со радиодифузерите (преку посебната електронска адреса dostapnost@avmu.mk) како и со граѓански организации кои во својата работа имаат и активности насочени кон лица со попреченост, ранливи групи и маргинализирани заедници.

Пандемијата од Ковид-19, со исклучителна јасност ја исфрли на површина важноста на обезбедувањето информации за лицата со сетилна попреченост, особено за вонредни состојби, природни непогоди, или во конкретниов случај - здравствена криза. Затоа, на ниво на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), во април се изработи извештај за состојбата на примената на членот 7 став 5 од Директивата, кој пропишува ваквите информации да се обезбедат и во достапен формат. Агенцијата, како набљудувач во ЕРГА, го даде својот придонес известувајќи за тоа дека информациите кои доаѓаат од здравствените власти се преведени на толковен јазик без оглед дали се во живо или снимени. Исто така, информираше дека ова прашање е разработено и во Нацрт-саморегулацискиот акт во смисла дека се предвидува да се обезбедат достапни информации, кои потоа радиодифузерите ќе можат да ги разменуваат меѓу себе, користејќи ја притоа адресата dostapnost@avmu.mk.

Во текот на летото имаше уште една активност поврзана со информирањето на лицата со попреченост. Имено, Асоцијацијата на толкувачи на македонски знаковен јазик „Гласни раце" од Скопје, во пресрет на Предвремените парламентарни избори во 2020 година, се обрати до Агенцијата барајќи појаснување на дилемите околу истовременото ангажирање на толкувачите на знаковен јазик и како преведувачи од страна на организатори на политички кампањи и како толкувачи/новинари во рамките на програмите на радиодифузерите. Регулаторното тело ја извести Асоцијацијата дека останува на својот претходен став (формулиран во 2019 година) дека забраната за учество на новинари во активности на политичките партии во текот на изборната кампања, која произлегува од членот 75-в на Изборниот законик, не се однесува на толкувачите на знаковен јазик во случаите кога учествуваат во предизборни активности на партии/коалиции во својство на преведувачи на знаковен јазик.

[3] Политиката за обезбедување пристапност до аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост е достапна на веб сајтот на АВМУ, на линкот: https://bit.ly/38lAnhl

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

**Надзори за почитување на начелата од член 61 и посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ**

Во текот на 2020 година имаше четири надзори на програми на радиодифузерите за почитување на професионалните стандарди, некои реализирани по претставка, а некои врз основа на дописи од граѓани, добиени преку механизмот за укажувачи. Во три од анализираните случаи немаше прекршување, а во еден од нив беше констатирано прекршување на член 61 став 1 од ЗААВМУ. Изминатата година Агенцијата не констатираше прекршување на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ (говор на омраза) на програмите на радиодифузерите. Извештаите од сите спроведени надзори беа објавени на веб сајтот на Агенцијата, а за наодите беа известени и подносителите на претставките/укажувањата и медиумите на кои се однесуваа.

Во февруари беше спроведен вонреден програмски надзор врз основа на претставка на емисијата „Само вистина", емитувана на ТВ Канал 5. Со оглед на фактот дека аспектите на кои се однесуваше претставката се преточени во начелата за вршење на дејноста од членот 61 од ЗААВМУ, надзорот се однесуваше на тоа дали радиодифузерот ја почитувал оваа одредба. Со надзорот беше констатирано дека емисијата беше во рамките на слободата на изразување, гарантирана со членот 10 од Европската конвенција за човековите права, а постапувањето на ТВ Канал 5 и на новинарката Мирјана Трпческа беше во согласност со начелото за самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика од член 61 став 1 алинеја 13 од ЗААВМУ.

Врз програмата на ТВ Канал 5 беше спроведен уште еден програмски надзор по претставка, во однос на професионалните начела за вршење на дејноста и забраната за говор на омраза. Претставката се однесуваше за прилог посветен на прерано починатата актерка Билјана Беличанец, емитуван во изданијата на емисијата „Бекстејџ" емитувани на 7 април 2020 година. Со надзорот не беше констатирано прекршување на ЗААВМУ. Сепак, на радиодифузерот му беше укажано дека при изработката на прилозите кои се однесуваат на семејни трагедии треба да се води сметка и за личната болка и жалост.

Во септември беше извршен вонреден надзор по добиено укажување врз исечок од забавната емисија „Тик Так и Зорка", емитувана на Вториот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје (МРА2) на 4 август 2020 година. Во укажувањето се бараше медиумот да биде казнет поради начинот на којшто водителите дискутираа за прашањето за вградување чипови во луѓето. Анализата покажа оти коментарите на водителите беа мотивирани од претходно објавена вест дека неколку илјади луѓе во Шведска веќе се чипирале. Не беше утврдено прекршување на начелата за вршење на дејноста од член 61 од ЗААВМУ бидејќи во меѓуводителскиот дијалог се разгледуваа неколку аспекти (предности и опасности) од ваквата постапка. Сепак, Радио 2 беше потсетено дека новинар(к)ите и водител(к)ите треба да внимаваат каков одек можат да имаат нивните коментари, особено кога дискутираат за сензитивни теми.

Вонреден програмски надзор, по добиено укажување, беше спроведен и врз Вестите во 17:30 часот емитувани на регионалата ТВ КОХА од Тетово, на 20 ноември 2020 година. Беше констатирано дека во прилогот „Во Тетово со факти се отсликува грабежот на ЕВН кон граѓаните", соговорник користеше изрази „славјански" и „Славјани" за да реферира на „македонски" и „Македонци". Со мониторингот беше утврдено дека ТВ Коха донела уредничка одлука за едно социо-економско прашање, кое ги засега сите граѓани на РС Македонија, да извести врамувајќи го во контекст на неправда врз основа на национална/етничка припадност. Констатирано беше прекршување на членот 61 став 1, и тоа на начелата за: "еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот" (алинеја 2), за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло" (алинеја 3) и за „објективно и непристрасно прикажување на

настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања" (алинеја 9). На ТВ Коха ѝ беше испратено укажување. Извештајот од надзорот беше доставен до Комисијата за жалби на СЕММ за нејзино натамошно постапување, а укажувачот беше известен за наодите и преземените активности.

**Претставки и барања на други теми**

Освен што врши надзори по службена должност и по претставки од граѓани, АВМУ редовно одговара на барања и претставки на теми кои не се во нејзина директна надлежност и ги упатува граѓаните до други институции и организации кои работат на посочената проблематика. Во текот на 2020 година до Агенцијата пристигнаа претставки од граѓани во однос на реклами на компании, укажување за работата на Јавниот сервис, како и претставки кои се однесуваа на содржини објавени на интернет портали. Исто така, во продолжение се нотирани и претставките кои беа поднесени за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори од страна на една политичка партија и едно физичко лице[4].

Во март Агенцијата постапи по доставено укажување за работата на Вториот телевизиски програмски сервис – МРТ2, поточно за работата на редакциите на помалубројните етнички заедници на МРТ, особено на влашки јазик. Со оглед на фактот дека прашањата на кои се однесуваше укажувањето беа во надлежност на Јавниот радиодифузен сервис, Агенцијата му ја достави Информацијата направена врз основа на увидот во програмата подготвена од редакциите на влашки, ромски, босански и српски јазик на МРТ2 во периодот од 1 до 29 февруари 2020 година. Инаку, во однос на наводите на подносителот на укажувањето, за тоа дека програмата на влашки јазик се користи за презентација на активностите на здружението на граѓани „Интегра Нау", од увидот во програмата емитувана во февруари 2020 година не можеше да се утврди дека се информира за активности на ова здружение. Во врска со укажувањето дека програмскиот сервис МРТ2 не ги исполнува програмските цели, податоците од овој надзор не беа доволни да се извлечат такви заклучоци, но секако дава доволно аргументи Јавниот радиодифузен сервис, односно Програмскиот совет на МРТ, да расправа за ова многу важно прашање.

Во јули, во текот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020, пристигнаа две претставки поврзани со правото на информирање на граѓаните за изборните процеси.

Демократската унија за интеграции – ДУИ реагираше во врска со организирањето дебатни емисии на програмите на медиумите. По направениот увид во податоците од мониторингот на изборното медиумско претставување заклучно со 30 јуни, и радиодифузерите и учесниците во изборната кампања беа потсетени на правилата за посебните информативни емисии. Притоа беше потенцирано дека радиодифузерите, во согласност со нивната независна уредувачка политика, сами одлучуваат за тоа дали ќе емитуваат дебати и други видови посебни информативни емисии, како и за нивната зачестеност и формат (соочување меѓу двајца или дебата меѓу повеќемина), но оти, доколку се одлучат да ги емитуваат, тие се должни да обезбедат подеднаков пристап и правичност, избалансираност со почитување на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи и непристрасност. Посочено беше и оти оценката дали се исполнети овие обврски се извлекува по завршување на кампањата, не за секоја поединечна емисија, туку за серијата интервјуа, дебатни емисии или соочувања што радиодифузерот ќе ги организира во текот на изборната кампања.

[4] Во неколку случаи, барањата што граѓани ги имаа доставено до Агенцијата (реклама на „Витаминка", претставка од младинска активистка во Еквалис) се однесуваа на родот како аспект на човековите права, па оттаму информациите за постапувањето на регулаторното тело, во врска со нив, се дадени во делот од извештајов кој се однесува на родот во радиодифузијата.

Во друга претставка, физичко лице тврдеше дека регионалната телевизија КоБра од Радовиш, на една помала политичка партија (којашто не беше идентификувана во претставката) не ѝ дозволила да се обрати до гледачите затоа што не купила маркетинг простор, иако телевизијата не се наоѓаше во Регистарот на ДИК за радиодифузери пријавени да емитуваат ППР. Притоа, беше посочено дека, во неделата на 12 јули, ТВ КоБра емитувала повици за гласање на други партии. Увидот во програмата покажа дека на ТВ КоБра не беше емитувано ППР, а наводите од претставката се однесуваа на веб сајтот поврзан со телевизијата (Медијапрес) и на Фејсбук профилот на телевизијата, кои се надвор од надлежностите на Агенцијата, бидејќи таа постапува само во однос на радијата и телевизиите.

И во други случаи граѓани се обраќаа до Агенцијата барајќи таа да постапи против онлајн медиуми поради сомнеж за говор на омраза (Слободна ТВ и Dokaz.mk). Во вакви ситуации регулаторното тело или ги упатуваше граѓаните да се обратат до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија или сама ги препраќаше претставките.

Во неколку наврати, од Агенцијата беше побарано да поддржи емитување на содржини од јавен интерес. Во два наврати стануваше збор за аудио и аудиовизуелен материјал од кој корист ќе имаа малолетниците: едниот беше за поддршка на СОС Детско село, а другиот - за видео спот со анимираниот лик Бушавко преку кој Првата детска амбасада во светот Меѓаши настојуваше да ги едуцира децата во време на вонредната состојба поради Ковид-19. Во два други случаи стануваше збор за спотови што требаше да се емитуваат во време на изборна кампања. Имено, АД МЕПСО требаше да емитува видео спот со апел и предупредување до земјоделците за совесно ракување со системите за наводнување и распрскување во близина на далекуводи од преносната мрежа. Имајќи предвид дека во спотот се упатуваа препораки чие непочитување ќе доведеше до повреди, па дури и смрт, Агенцијата сметаше дека во овој случај јавниот интерес има примат, односно дека телевизиите може да го емитуваат означен како „бесплатно емитување" и покрај забраната од Изборниот законик. Во другиот случај стануваше збор за информативната и едукативна кампања на ДИК „Ти си на ред", за која од сите радиодифузери беше побарано да ја емитуваат означена како „бесплатно емитување".

Правата на малолетниците и изборите се испреплетоа за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори. Имено, и покрај тоа што учеството на малолетници во платено политичко рекламирање е спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик и Агенцијата, преку две соопштенија, ги потсети учесниците во изборната кампања за ваквата забрана, партијата ДУИ продолжи да испраќа вакви рекламни спотови кај телевизиите со кои имаше склучено договори за емитување, а одредени телевизии (ТВ Компани 21-М, ТВ Клан Македонија, ТВ Коха, ТВ Г-ТВ, ТВ Дибра, ТВ Гурра) продолжија да ги емитуваат. Дел од телевизиите одлучија да ги емитуваат така што им ги замаглија лицата на децата кои се појавуваа во спотовите или, пак, го кратеа тој дел.

Во почетокот на октомври беше одговорено на Барање за пристап до информации од јавен карактер од граѓанин, во врска со стандардите за прикажување на идентитетот на малолетниците во прилози од социјалната сфера на телевизија и на социјалните мрежи. На барателот му беа појаснети правилата за заштита на малолетниците и нивниот идентитет во програмите на радиодифузерите од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица, како и надлежностите на АВМУ во врска со ова прашање.

На самиот крај од годината, врз основа на претставка од граѓанин кој се жалеше дека ТВ Телма не ја објавила неговата исправка, беше упатен допис до телевизијата во кој беше потсетена на нејзините обврски во поглед на остварувањето на правото на граѓаните на одговор и исправка од Законот за медиуми.

**Активности за подобрување на почитувањето на професионалните стандарди**

Активностите преку кои Агенцијата ги поттикнува давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги почитуваат човековите права така што во своите програми доследно ќе ги применуваат професионалните стандарди, никогаш не се сведуваат само на надзори и одговарање на барања од граѓани и организации. Значаен сегмент од работата на регулаторното тело е настојувањето секогаш да изнајде нови начини да ги потсети медиумските професионалци на новинарските принципи, како и да ги запознае со новости важни за функционирањето на медиумите во постојано променливиот техничко-технолошки амбиент.

Во овој контекст, во 2020 година, на барање на Агенцијата, во рамки на проектот ЈУФРЕКС2, на македонски јазик беа преведени две публикации на Советот на Европа кои се објавени на веб сајтот на регулаторното тело и на www.mediumskapismenost.mk. Првата публикација е „Дезинформации и изборни кампањи" од Ив-Мари Дубле, подготвена за Генералниот директорат за демократија и демократско владеење, која содржи преглед на состојбата со дезинформациите од технички и од политички аспект, препораки и мерки за справување со нив[5]. Другата е "Алгоритми и човекови права: Студија за аспектите на човековите права во техниките за автоматска обработка на податоци и можните регулаторни импликации"[6], студија на Советот на Европа DGI(2017)12. Таа беше преведена имајќи го предвид брзото темпо на технолошките промени, развојот на техниките за автоматска обработка на податоци (алгоритмите) и нивното влијание врз човековите права. Публикацијата има за цел да прикаже дел од најважните актуелни прашања од гледна точка на човековите права, како и да разгледа евентуални регулаторни алтернативи за кои земјите-членки може да размислат за да ги сведат негативните ефекти на минимум или за да поддржат добри практики.

Првата публикација беше повод АВМУ во соработка со канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, во рамки на проектот ЈУФРЕКС2, а во пресрет на најавените Предвремени парламентарни избори, да работи на организација на конференција на истава тема - Дезинформации и изборни кампањи, која за жал беше откажана поради пандемијата со Ковид-19.

Во услови на променет начин на функционирање поради здравствената криза, и соочувајќи се со предизвикот радиодифузерите да бидат навремено информирани за сите законски обврски околу изборната кампања и неможноста да се организираат работилници со физичко присуство, Агенцијата користеше други канали на комуникација за информирање на радиодифузерите. На веб сајтот на регулаторното тело и за Предвремените парламентарни избори и за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип, беа поставени банери ИЗБОРИ 2020 во кои се објавуваа сите информации поврзани со активностите на регулаторот за време на изборниот процес; потсетувања околу законските рокови, упатствата и релевантната регулатива, одлуките на Државната изборна комисија и обрасците кои беа релевантни за радиодифузерите што ги покриваа овие избори, како и дописите, кои беа испраќани до радиодифузерите, а во кои тие беа известувани за: новата обврска за регистрација во Државната изборна комисија за емитување ППР, за новиот начин на формирање на цените во ценовниците, како и за роковите и за регистрација и за достава на ценовниците; за обврските од Изборниот законик што се применуваат во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата; за правилата што важат во текот на изборната кампања; како и оние што мора да се почитуваат за време на изборниот молк.

[5] „Дезинформации и изборни кампањи", достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/07/HF37_Disinformation_electoral_campaign_MKD.pdf.pdf

[6] „ Алгоритми и човекови права: Студија за аспектите на човековите права во техниките за автоматска обработка на податоци и можните регулаторни импликации", достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/07/Algorithms-and-human-richts_MKD.pdf.pdf

Исто така, беше отворена посебна електронска адреса izbori@avmu.mk преку која се одвиваше целата комуникација поврзана со потврдувањето на извештаите за емитуваното ППР со сите телевизии и радија, а вработените беа достапни и телефонски за сите дилеми и прашања околу изборната кампања.

Еден од начините преку кои регулаторното тело настојуваше да допре до медиумските професионалци беше и континуираната соработка со саморегулаторното тело СЕММ. Во четири наврати станувaше збор за онлајн настани на кои претставници на Агенцијата имаа обраќања преку кои ги споделуваа своите знаења и искуства и учествуваа во дискусиите. Станува збор за онлајн дебатата „Како кризата со коронавирусот го погоди новинарството и саморегулацијата?", организирана од СЕММ во август; тркалезната маса за „Најдобри етички практики за онлајн медиумите преку создавање насоки за етичко известување", реализирана од СЕММ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје во септември; подоцна истиот месец Агенцијата имаше своја претставничка меѓу панелистите на онлајн дебатата посветена против говорот на омраза во медиумите, кога ја претстави праксата на регулаторното тело при мониторингот на овие случаи; а во ноември, имаше говорничка на дебатата „Поврзување меѓу саморегулаторното тело, регулаторот за радиодифузни медиуми и Народниот правобранител во заштитата на човековите права и реакцијата на говорот на омраза во медиумите", на која беа разгледувани можностите за соработка меѓу АВМУ, СЕММ и Народниот правобранител. Од овие онлајн настани беа објавени видеа, во кои беа пренесени и делови од обраќањата на претставниците на АВМУ. Во два наврати, пак, станувaше збор за спроведување длабински интервјуа: во мај, во рамки на активностите за ажурирање на Стратегискиот план на СЕММ, а во ноември, за потребите на Истражувањето за говор на омраза во медиумите што се реализираше во рамки на проектот „Промовирање инклузија и почитување на човековите права во медиумите во Северна Македонија" на саморегулаторното тело. Специфичен сегмент од соработката на АВМУ и СЕММ беше заедничката онлајн работилница за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родовобазирано насилство во медиумите, која на иницијатива на Агенцијата, беше реализирана во декември, во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија" (повеќе детали за оваа обука има во делот од извештајов за Родот и радиодифузијата).

Едно од прашањата за кои на медиумските професионалци им се потребни поголеми знаења е известувањето за случаите на насилен екстремизам и тероризам. Како поддршка на активностите што се преземаа на оваа тема (на пример работилници организирани од ЗНМ), во ноември, претставничка на Агенцијата беше модераторка на онлајн форумот „Споделување добри практики за професионално известување и истражувачко новинарство за насилниот екстремизам и тероризам, странските борци повратници и нивните семејства", организиран од здружението НЕКСУС Граѓански концепт.

## Родот и радиодифузијата

Ангажманот на Агенцијата на полето на родовите прашања во аудиовизуелните медиумски услуги, и во 2020 година ги проучуваше и појавите на екранот и зад него. Беше направен увид во тоа какви родови улоги, предрасуди и стереотипи им се пренесуваат на гледачите, но и на тоа во каков контекст се создаваат и емитуваат тие програми. Преку три истражувања беше комплетиран увидот во состојбата со родот во медиумите, односно на родовиот аспект на програмите кај радиодифузерите, како и контекстот во кој тие содржини се креираат – родовата структура на сопственоста и вработените во радиодифузијата, како и висината на нивните примања. Овие сеопфатни податоци ја даваат целосната слика за родовата поставеност во радиодифузијата и можат да се користат при градењето на политиките во државата, но и при формулирањето на уредувачките политики.

На почетокот од 2020 година беше промовирана редовната годишна анализа на третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите на програмите за 2019 година и започна

работата на анализата за 2020 година. Фокусот на првото истражување, како што кажува и самиот наслов „Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии"[7], беше, за прв пат, ставен на емисиите кои се создадени и наменети за деца. Овој сериозен аналитички зафат којшто покажа многу слабости кај детската програма, за потребите на Агенцијата во втората половина од 2019 година го работеше Институтот РЕСИС. Истражувањето, освен што беше објавено на делот на сајтот на АВМУ за Родот и медиумите, кој е вообичаениот форум преку кој Агенцијата ги споделува резултатите од своите активности за вклучување на родот во главните општествени текови, беше промовирано на онлајн јавниот состанок на Агенцијата на 30 јуни, потоа беше отпечатено и, како и секогаш, беше доставено до Собранието и до Министерството за труд и социјална политика. МТСП, пак, по сопствена иницијатива, го дистрибуираше до 84 координатор(к)и за еднакви можности во институциите и органите на државата.

Анализата пак, на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите за 2020 година е фокусирана на известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020, односно на третманот на родовите прашања од страна на политичарите и медиумите, но и прикажувањето на политичарките и политичарите. Истражувањето го работи Институтот за демократија „Социетас цивилис", кој го доби тендерот на второто објавување на јавната набавка, бидејќи првиот пат не се пријави ниту еден економски оператор. Извештајот од ова истражување се очекува да биде готов во текот на 2021 година.

Што се однесува, пак, до медиумскиот контекст, во 2020 година беа проучени сите негови аспекти. Така, во публикацијата – „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?"[8] се опфатени податоци за родовата структура на сопственоста за 2019 година, како и за структурата на вработените во телевизиите и радијата за 2018 година, вклучувајќи споредбени податоци со другите години. Онлајн изданието на оваа публикација беше објавено на 25 септември (на сајтот на Агенцијата), а потоа беше испечатено и доставено до Собранието, МТСП како и до Државниот завод за статистика.

Преостанатиот контекстуален сегмент кај радиодифузерите – платите, беше за прв пат разработен во публикацијата „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година"[9]. Резултатите беа презентирани на онлајн настанот „Род, плати и радиодифузија" (2 ноември), кој се одржа во рамките на Деновите на медиумска писменост 2020. Настанот беше во организација на АВМУ, а наодите од истражувањето беа ставени во корелација со останатите актуелни истражувања за родот во медиумите. По презентацијата следуваше дебата во која учествуваа г-а Ѓуптен Мустафова од Министерството за труд и социјална политика, г Ѕвездан Георгиевски од Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници, г-а Верче Костовска од Здружението на новинарите на Македонија и г-а Кристина Озимец од Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА. Наодите од истражувањето покажаа дека примањата кај медиумските работници се ниски (честопати околу државниот просек, неретко околу минималните примања пропишани со закон, а некогаш и под минимумот), а во дискусијата ваквата состојба беше посочена како една од можните причини за недостигот од истражувачко новинарство и намалениот новинарски ангажман, бидејќи новинарството претставува "професија од немајкаде" и не обезбедува голема

[7] Целото истражување „Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии" е достапно на македонски, албански и англиски јазик. До македонската верзија може да се пристапи на веб сајтот на АВМУ, на линкот: https://bit.ly/38zkhgM

[8] Истражувањето „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?" е целосно достапно на македонски јазик на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/Rodot-vo-TV-i-RA-Koj-gi-nosi-a-koj-gi-sproveduva-odlukite-FINALNA-za-veb-1.pdf додека, поради неговата обемност, на албански и на англиски јазик е преведен извадок. Извадоците се исто така достапни на соодветните јазични верзии на веб сајтот на АВМУ, во делот за Родот и медиумите.

[9] „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година" е достапна веб сајтот на АВМУ на македонски, албански и англиски јазик. До македонската верзија се пристапува на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/11/Rod-i-plati-vo-radiodifuzija-MK-web-1.pdf

социјална сигурност. Освен што беше објавена онлајн, публикацијата беше отпечатена и доставена до Собранието и МТСП.

Годината беше заокружена со три инфографици во кои беа популаризирани наодите од истражувањата на Агенцијата за родовата структура на сопственоста, на вработените и на платите. Инфографиците беа објавени на Фејсбук страниците на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост.

Секако, АВМУ вршеше и надзори (по претставки или по службена должност) на содржини поврзани со претставувањето на родовите во програмите. Таков беше случајот со претставка за рекламата на Витаминка – „Чоко Стоби флипс - дарк & чили". Поплаката се однесуваше на тоа дека со оваа реклама „Витаминка промовира семејно насилство, т.е. родово насилство" и дека „Витаминка на младите генерации им пласира искривени вредности". По увидот во содржината беше заклучено дека во рекламата се претставени два лика кои се поставени во нестереотипна позиција – но не на позитивен, ами напротив, на крајно негативен начин, којшто произлегува од поигрувањето со табуто за родовобазираното насилство. Имено, ако при вообичаениот начин на користењето на ова табу во рекламите (што секако е негативна иако неретка практика), мажот се појавува како насилник, а жената како жртва која го трпи насилството – овде ситуацијата беше обратна. Во информацијата од мониторингот беше образложено дека „поигрувањето со табуата би требало на публиката, особено на младите жени и мажи, да им пренесе конотативни значења што ќе им дадат можност за нивна поинаква родова идентификација – а тоа може да се постигне со прикажување современи, позитивни претстави на жените и мажите". Беше утврдено дека рекламата со начинот на кој се обидува да го премавне табуто за родово базираното насилство, со стереотипите и со негативните родови улоги што им ги нуди на младите жени и мажи - е на раб да ги прекрши, но не ги прекршува одредбите од член 53 од ЗААВМУ. При носењето на ваквата оценка, клучна улога имаше фактот дека кај медиумските содржини кои се плод на креативен чин, границите на слободата на изразување се пошироки. Со оглед на фактот дека рекламата не беше емитувана на програмите на радиодифузерите, за наодите од мониторингот беа известени „Витаминка" АД Прилеп и подносителката на претставката, а овие дописи, заедно со претставката, според востановената пракса, беа објавени на веб сајтот на АВМУ[10].

Како и секоја година, продолжи меѓуинституционалната соработка со МТСП, особено што по барање на Министерството, претставници на регулаторното тело беа номинирани за членка и заменик-член на Работната група за подготовка на новата Стратегија за родова еднаквост (повеќе детали за овие активности има во делот од извештајов кој се однесува на учество на Агенцијата во работни групи за изготвување закони и стратегии, излагања на работилници и дебати, придонеси кон изготвување извештаи за стратегии и конвенции, соработка со други субјекти). Овде да напоменеме дека, како што е погоре посочено, сите изработени истражувања беа доставени во Министерството, а во предвидениот рок беше доставен и Годишниот извештај на координаторката и на заменик-координаторот за еднакви можности за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите во кој беа презентирани активностите за 2019 година. Есента, тие одговорија и на онлајн барање од Министерството за статусот на спроведувањето на активностите на АВМУ од оперативните планови за реализација на националните планови за акција за родова еднаквост и за Истанбулската конвенција за 2020. Исто така, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн обука како дел од Менторската програма „Жени за жени во јавниот сектор", наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика.

И кога сме кај придонесот на Агенцијата кон документи значајни за државата, важно е да се спомене и учеството на претставничка на регулаторното тело во јавната расправа за „Предлог – законот за

[10] Информацијата од анализата може да се најде во целост на веб сајтот на АВМУ, на следниот линк: https://bit.ly/38QIU2i

спречување и заштита од дискриминација", организирана од две комиси на Собранието на Република Северна Македонија: за европски прашања и за еднакви можности на жените и мажите.

Исто така, во 2020 година продолжи и соработката со организациите од невладиниот сектор. Ваквата соработка овозможува инклузивност во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во медиумите, законските рамки, како и во општеството како целина. Во тој контекст, во првата половина од годината, Агенцијата позитивно одговори на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружението на граѓани „Реактор – истражување во акција", кое се однесуваше на спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и Националниот акциски план 2018 — 2020. Агенцијата детално и транспарентно одговори на прашањата во прашалникот кои се однесуваа на степенот на исполнување на активностите за 2018г. и 2019г. и на оценката за потенцијалното влијание на активностите од Националниот акциски план 2018 — 2020, кои се во директна надлежност и одговорност на регулаторното тело.

Освен ова, беше одговорено и на Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство Глас против насилство Скопје, кое се однесуваше на тоа дека Агенцијата има изработено Годишен оперативен план за имплементација на Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција за 2020 година, кој е достапен и на веб сајтот на регулаторот.

Во рамки на соработката со меѓународните организации и други субјекти, вработените во Агенцијата и претставници на СЕММ, на 4 декември учествуваа на онлајн Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родовобазирано насилство во медиумите, реализирана во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија". Оваа обука, наменета за стручната служба во АВМУ, беше во согласност со Националната стратегија за родова еднаквост 2012-2020, како и со Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција. На неа, експертката на Советот на Европа Катарина Сарикакис, ги презентираше податоците кои го сочинуваат општествениот контекст на известување за родовобазирано насилство во Европа и во РС Македонија и говореше за тоа за што треба да се води сметка при информирањето за ваквите случаи. Како продолжение, во рамки на овој проект, експертката, за потребите на АВМУ, во 2021 година треба да изработи водич за мониторинг на известувањето за родовобазирано насилство.

На барање на Делегацијата на ЕУ, а во контекст на изработката на извештајот за напредокот на земјата, беше одговорено на неколку прашања кои се однесуваа на активностите кои Агенцијата ги презема во поглед на напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите.

Регулаторното тело секогаш сериозно пристапува и кон прашањата кои се однесуваат на ЛГБТ+ заедницата како важен дел од родовиот аспект. Во втората половина од годината, до Агенцијата пристигна претставка од анонимна младинска активистка од организацијата Еквалис, во која се бараше поголемо учество во „создавање на попријателска медиумска атмосфера кон ЛГБТ+ заедницата". Во одговорот[11] на оваа претставка, Агенцијата посочи на своите досегашни заложби на оваа тема – учество и/или иницирање на анализи за говорот на омраза и мислењето на публиката, спроведување вонредни надзори врз основа на претставки за содржини во кои се обработуваат овие теми, учество на конференции, проекти и сл. Правата на ЛГБТ+ луѓето беа допрени и при онлајн интервју што го имаше претставничка на регулаторното тело во рамки на проектот на Советот на Европа „Promotion of Diversity and Equality in North Macedonia", кој е дел од

[11] Целосниот одговор на претставката е достапен на веб сајтот на АВМУ, на линкот: https://bit.ly/38SV9Lz

заедничката програма на ЕУ и Совет на Европа, Horizontal Facility II фокусиран на активности поврзани со борба против дискриминација, говор на омраза и заштита на LGBTI права.

## ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

**Доделување дозволи за телевизиско/радио емитување по пат на јавен конкурс[12]**

Во текот на 2020 година, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа доставени вкупно пет писмени барања од заинтересирани страни за донесување на одлуки за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола, од кои три писмени барања за доделување дозвола за радио емитување, а две за доделување дозвола за телевизиско емитување, и тоа:

- во август 2020 година, беше доставено писмено барање од правно лице и за доделување на дозвола за радио емитување на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, по повод кое Агенцијата распиша јавен конкурс за доделување на дозвола, врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-320 од 19.08.2020 година. Во утврдениот рок за поднесување пријави по овој јавен конкурс во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, со оглед на што Агенцијата донесе Одлука УП1 бр.08-371 од 15.10.2020 година дека не е успешен јавниот конкурс;
- во септември 2020 година, беше доставено писмено барање од физичко лице за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струмица, по повод кое Агенцијата распиша јавен конкурс за доделување на дозвола, врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-425 од 18.12.2020 година. Постапката по овој јавен конкурс е во тек.
- во декември 2020 година, беше доставено писмено барање од физичко лице за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Ново Село. По повод ова барање, Агенцијата побара информација од Агенцијата за електронски комуникации, во однос на тоа дали има слободна фреквенција во подрачјето на општина Ново Село и ако има беше побарано до Агенцијата да достават начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување на радио програма. Агенцијата за електронски комуникации извести дека има слободна фреквенција за подрачјето на општина Ново Село, за кои дејствија беше известен и подносителот на писменото барање. Оттука, во тек е изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село.
- по повод доставеното писменото барање од правно лице, за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, се изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-4391/4 од 11.12.2020 година). Меѓутоа, со студијата се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Со оглед на тоа, Агенцијата донесе Одлука за одбивање на барањето УП1 бр.08-55 од 18.12.2020 година, односно јавен конкурс не беше распишан и

[12] Деталните податоци за постапките за доделување дозволи за телевизиско и радио емитување по пат на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс" (Прилог бр. 3)

- по повод доставеното писменото барање од правно лице, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, се изработи Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-4391/4 од 11.12.2020 година). Меѓутоа, со студијата се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Со оглед на тоа, Агенцијата донесе Одлука за одбивање на барањето УП1 бр.08-390 од 18.12.2020 година, односно јавен конкурс не беше распишан.

Во 2020 година Агенцијата постапуваше и во врска со четири писмени барања од заинтересирани страни доставени во 2019 година. Од нив, едно писмено барање беше одбиено, а во однос на останатите три барања беа објавени јавни конкурси за доделување дозволи, коишто беа неуспешни. Станува збор за следните:

- во октомври 2019 година, беше доставено писмено барање од физичко лице за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Куманово, по повод кое Агенцијата распиша јавен конкурс за доделување на дозвола, врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-574 од 03.01.2020 година. Во утврдениот рок за поднесување пријави по овој јавен конкурс во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, со оглед на што Агенцијата донесе Одлука УП1 бр.08-574 од 30.07.2020 година дека не е успешен јавниот конкурс;

- во декември 2019 година, беше доставено писмено барање од физичко лице за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар, по повод кое Агенцијата распиша јавен конкурс за доделување на дозвола, врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс УП1 бр.08-575 од 03.01.2020 година. Во утврдениот рок за поднесување пријави по овој јавен конкурс во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, со оглед на што Агенцијата донесе Одлука УП1 бр.08-103 од 12.03.2020 година дека не е успешен јавниот конкурс;

- во декември 2019 година, беше доставено писмено барање и од правно лице за доделување на дозвола за радио емитување на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, по повод кое Агенцијата распиша јавен конкурс за доделување на дозвола, врз основа на Одлука за објавување на јавен конкурс УП1 бр.08-576 од 03.01.2020 година. Во утврдениот рок беше доставена една пријава за учество на јавниот конкурс која беше некомплетна и неуредно пополнета, односно не ги содржеше сите податоци предвидени во член 73 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што Агенцијата донесе Решение УП1 бр.08-108 од 30.07.2020 година за отфрлање на поднесената пријава. Со оглед на тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави по предметниот конкурс во Агенцијата не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Агенцијата донесе Одлука Уп1 бр.08-576 од 30.07.2020 година дека не е успешен јавниот конкурс;

- со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известување доставено од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово, односно дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба, по повод доставеното писмено барање од странско правно лице за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, Агенцијата донесе Одлука Уп1 бр.08-551 од 13.01.2020 година за одбивање на ова барање, односно јавен конкурс не беше распишан.

**Доделување дозволи за телевизиско/радио емитување без јавен конкурс**[13]

Во извештајната година беа поднесени две барања за доделување дозвола без објавување јавен конкурс за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс. По однос на едното барање Агенцијата донесе одлука за доделување дозвола - на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА М НЕТ-ХД ДООЕЛ Штип, и тоа за емитување програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на регионално ниво за регионот Д3 – Туртел (Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново – Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово).

Во врска со второто барање Агенцијата донесе Решение за запирање на постапката за доделување дозвола, затоа што заинтересираната страна – подносителот на барањето за доделување дозвола за телевизиско емитување на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци, во декември 2020 година го повлече поднесеното барање.

**Престанок на важност на дозволи за телевизиско и радио емитување по сила на закон**

Во 2020 година, по сила на закон престана важноста на дозволите за телевизиско и радио емитување на пет телевизии и три радија, и тоа:

- на две телевизии (Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје и Трговско радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид) поради тоа што доставија писмена изјава дека престануваат со емитување телевизиска програма,
- на три телевизии со одземање на дозволата од страна на Агенцијата, и тоа на Трговско радиодифузно друштво ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово и на Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница поради тоа што престанале со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 90 став 4 од ЗААВМУ) и на Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје поради неплаќање на годишниот надоместок за доволата (член 80 став 5), и
- на три радија (Трговско радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово, Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга и Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ) со одземање на дозволата од страна на Агенцијата, на сите три поради неплаќање на годишниот надоместок за доволата (член 80 став 5).

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Во 2020 година се случија повеќе промени на регулативата што го уредува реемитувањето на програмските сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. На почетокот на годината Собранието усвои измени на ЗААВМУ, потоа во текот на вонредната состојба во државата Владата донесе неколку уредби со законска сила за примена на ЗААВМУ, а беа донесени и неколку одлуки и решенија од страна на Уставниот суд, сите во врска со членот 143 - "Обврски на оператор кој реемитува програмски

[13] Деталните податоци за постапките за доделување на дозволи за телевизиско и радио емитување без објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи за телевизиско и радио емитување без објавување на јавен конкурс" (Прилог Бр. 4)

сервиси". Сите овие акти резултираа со бројни активности на Агенцијата во врска со регистрирањето на програмските сервиси што ги реемитуваат операторите.

На денот кога Собранието се распушти поради распишувањето на предвремените парламентарни избори - 16.02.2020 година, беа усвоени измени на ЗААВМУ, со кои се избриша одложената примена на членот 143 ставови 3 и 4, која беше предвидена со измените од февруари 2019 година. Тоа значеше дека дополнителните обврски за операторите при регистрирањето на програмските сервиси што тие ги реемитуваат, а кои беа утврдени со измените на ЗААВМУ од декември 2018 година, важат од истиот ден. Со овие два става беше предвидено дека:

> *„Со поднесување на пријавата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одговорното лице на операторот и одговорното лице на радиодифузерот доставува и изјава под целосна морална, материјална и кривична одговорност со која потврдува дека за реемитување на програмските сервиси ги има уредено ТВ правата за странскиот радиодифузер кој планира да го реемитува на целиот свој програмски сервис за територијата на Република Македонија"* (став 3) и дека
>
> *„Во случај на реемитување на било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузер од друга држава, за кој програмски сервис тој радиодифузер нема регулирани права за територијата на Република Македонија, целата морална, материјална и кривична одговорност паѓа на операторот кој го реемитува тој програмски сервис и на радиодифузерот, а постапката за утврдување на одговорноста за сторената повреда или прекршување, како и начинот на регистрација на законски застапник на радиодифузер од друга држава ја пропишува Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со подзаконски акт"* (став 4).

Уште во јануари 2019 година, односно веднаш по додавањето на ставовите 3 и 4, Агенцијата со писмен допис се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација, Претседателот на Собранието на РС Македонија, Претседателот на Владата на РС Македонија, Делегацијата на Европска Унија во РС Македонија, Мисијата на ОБСЕ и Амбасадорот на САД во РС Македонија за да им посочи дека овие измени се спорни и неприменливи и дека ќе создадат сериозни проблеми со имплементација на законот, како и дека постојното законско решение е добро, со оглед на тоа дека начинот на уредување на правата е опфатен во Законот за авторското право и сродните права. Исто така, посочивме и дека Агенцијата не може да покренува прекршочни постапки доколку нечие авторско право или сродни права се повредени затоа што тоа може да го стори само лице чие право е повредено, односно носителот на правото, лице овластено да го користи правото или пак организација (носители на право).Овие субјекти (коишто можат да поднесат тужба) се утврдени во Законот за авторското право и сродните права, што значи дека Агенцијата нема активна легитимација за водење спор во врска со заштита на авторското право и сродните права. Поради сето ова, делегирањето ваква надлежност на Агенцијата е во спротивност со важечките законски прописи и е спротивно на улогата на регулатор за медиуми. Укажавме и дека за да се надмине ситуацијата потребни се нови измени на ЗААВМУ, за што ја понудивме и својата експертиза.

Во февруари 2019 година, ЗААВМУ беше повторно изменет, но наместо суштинска измена, само се утврди одложена примена на спорните одредби, така што тие „... влегуваат во сила 60 дена од денот на изборот на Советот на Агенцијата".

Една година подоцна, во февруари 2020 година, со измените на ЗААВМУ беше избришана одложената примена на одредбите од член 143 ставови 3 и 4, што беше причина Агенцијата повторно да реагира (на 20.02.2020 година) и да укаже дека ваквите законски решенија се без преседан и спротивни на основните принципи на европската медиумска политика и регулатива и на регулативата за заштита на авторските и

сродните права. Исто така, укажавме и на членот 44 од ЗААВМУ со кој се гарантира слободата на прием и реемитување на програмски сервиси од државите членки на Европската унија и другите европски држави потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

Заради усогласување со новото законско решение беше потребно да се направат измени и дополнувања на постојниот „Правилник за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси" бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, како и да се донесат два сосема нови подзаконски акти – „Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава" и „Упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија". На 28.02.2020 година, на својата 11та седница, Советот на Агенцијата ги усвои нацрт верзиите на овие три подзаконски акти и отвори јавна расправа во траење од 35 дена (заклучно со 03.04.2020 година). Поради состојбата во државата предизвикана од пандемијата со COVID-19 и препораките на Владата за превенирање од ширење на заразата, на својата 16та седница што се одржа на 02.04.2020 година, Советот на Агенцијата донесе заклучок да го продолжи рокот на јавната расправа за период од 30 дена што ќе почнат да се сметаат од денот на завршувањето на вонредната состојба во државата.

Во согласност со постојното законско решение, во овој период Агенцијата издаваше потврди за регистрација само на домашните програмски сервиси.

Во март 2020 година, Уставниот суд на РС Македонија ја извести Агенцијата дека е поднесена иницијатива за оценување на уставноста на член 143 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ и побара од Агенцијата да достави мислење во врска со иницијативата. Во предвидениот рок, Агенцијата достави одговор на барањето, во којшто уште еднаш ги посочи своите ставови во врска со спорните законски одредби.

На 03.04.2020 година, Владата на РС Македонија донесе „Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.90/20 од 04.04.2020 година), со која се утврди дека пријавите за регистрирање на програмските сервиси операторите ќе ги доставуваат во Агенцијата согласно со претходното законско решение, односно дека измените од февруари 2020 година нема да важат за време на вонредната состојба. Поточно, со членот 2 од Уредбата се утврди дека:

> *„Операторите ги доставуваат пријавите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).*
>
> *Подзаконските акти донесени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18) продолжуваат да се применуваат се до донесувањето на соодветните подзаконски акти определени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20")* .

Во согласност со одредбите од оваа Уредба, Агенцијата на операторите, покрај потврди за регистрација на домашните програмски сервиси, им издаваше и потврди за регистрација на странските програмски сервиси.

Меѓутоа, на 12.05.2020 година, Владата донесе „Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.123/20 од 13.04.2020 година), со која повторно ги врати дополнителните обврски за операторите при регистрација на програмските сервиси, а истовремено утврди и дека јавната расправа за подзаконските акти што треба да ги донесе Агенцијата ќе трае 15 дена, а Советот е должен да ги донесе подзаконските акти во рок од пет дена од нејзиното завршување. Имено, со оваа измена беше избришан делот од членот 1 од Уредбата, во кој беше утврдено дека за време на траењето на вонредната состојба, за поднесување на пријави за регистрација на странски програмски сервиси ќе се применуваат одредбите од Уредбата и беше заменет со "за донесувањето на подзаконските акти", а членот 2 беше изменет, по што тој гласеше:

> *„Јавната расправа за подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20) може да се спроведе и со употреба на средства за електронска комуникација и истата трае 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.*
>
> *Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги донесува подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20) во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавната расправа од став 1 на овој член".*

Истиот ден, Агенцијата ги извести сите заинтересирани страни дека јавната расправа продолжува и трае заклучно со 27.05.2020 година, и ги повика да ги достават своите мислења и забелешки по нацрт верзиите на подзаконските акти.

Во согласност со измените на Уредбата, Агенцијата повторно регистрираше само домашни програмски сервиси.

На 27.05. 2020 година, Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на „Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.90/20 од 04.04.2020 година) и донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оваа уредба[14]. Во Решението е посочено дека *„според наоѓањето на Судот, со донесувањето на оспорената уредба Владата на Република Северна Македонија ги пречекорила, односно ги надминала своите со Устав предвидени овластувања. Имено, донесувањето на оспорената уредба со законска сила, според Судот не претставува мерка којашто има посреден ефект во справувањето со последиците од епидемијата и Владата согласно овластувањата предвидени во членовите 125 и 126 од Уставот треба да донесува уредби со законска сила само и исклучиво со цел справување со причинителот и последиците од вонредната состојба предизвикана од присуството на коронавирусот – COVID-19, а не и уредби со кои се уредуваат медиумските услуги коишто сега ги уредува Владата со оспорената одредба и коишто според Судот немаат допирни точки со вонредната состојба. Од овие причини, Судот оцени дека Владата на Република Северна Македонија излегува надвор од овластувањето коешто согласно Уставот го има Владата во вонредна состојба согласно членовите 125 и 126 од Уставот и мерката којашто е уредена со предметната уредба нема легитимна цел, ниту општествена оправданост,*

[14] Решението У.бр.126/20 е достапно на веб страницата на Уставниот суд на следниот линк: У.бр.126/2020 – UstavenSudMK

*истакла е непропорционална во светло на целта која се сака да се постигне, односно во справувањето со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19*".

Два дена подоцна, на 29.05.2020 година, Владата донесе нова „Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.140/20 од 29.05.2020 година), со која предвиде обврска за Агенцијата во рок од седум дена да ги донесе подзаконските акти од член 143 од ЗААВМУ и обврска за операторите во рок од 60 дена од денот на донесувањето на подзаконските акти да ги пререгистрираат странските радиодифузери кои ги реемитуваат, согласно новите подзаконски акти. Дополнително, со оваа Уредба беше утврдено дека престануваат да важат Уредбата објавена во Службен весник бр.90/20 и Уредбата за нејзина измена објавена во Службен весник бр.123/20. Поконкретно, со оваа Уредба се утврди дека:

> „*Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги донесува подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20) во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила*" (член 2 став 1), и дека
>
> "*Операторите се должни до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да доставаат пријави за регистрација на странските радиодифузери кои ги реемитуваат, согласно подзаконските акти од член 2 став (1) од оваа уредба со законска сила, во рок од 60 дена од денот на нивното донесување*" (член 3).

Постапувајќи согласно оваа Уредба, на седницата одржана на 04.06.2020 година, Советот на Агенцијата ги усвои следните подзаконски акти:

> „Правилник за измена и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година",
>
> „Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава" и
>
> „Упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија".

На 22.06.2020 година, Владата донесе нова „Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.169/20 од 22.06.2020 година), со која рокот за пререгистрација на странските програмски сервиси што ги реемитуваат операторите го измени од 60 на 150 дена и утврди обврска за операторите до истекот на овој рок „*да обезбедат непрекинато реемитување на програмските сервиси на сите радиодифузери кои ги реемитуваат, согласно одредбите од Законот за електронски комуникации*".

На 01.07.2020 година, Уставниот суд донесе Решение со кое се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на „Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.123/20) и на „Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.169/20) и се запира извршувањето на

поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на овие акти[15] (објавено во Службен весник бр.189/20 од 21.07.2020 година). Образложението за донесеното Решение е исто како и за претходното Решение од 27.05.2020 година.

Во врска со поднесената иницијатива за оценување на уставноста на член 143 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ Уставниот суд одржа подготвителна седница на 17.09.2020 година. На седницата, по покана на Уставниот суд, учествуваа директорот на Агенцијата и претседателот на Советот на Агенцијата.

На 07.10.2020 година, Уставниот суд донесе Одлука со која се поништува „Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба" (Службен весник на РС Македонија бр.169/20 од 22.06.2020 година)[16]. Меѓутоа, во оваа одлука беше утврдено дека таа произведува правно дејство од денот на нејзиното објавување во Службен весник. Од друга страна пак, рокот за пререгистрација на странските програмски сервиси истекуваше на 01.11.2020 година (недела). Со оглед на тоа дека до овој ден Одлуката на Уставниот суд не беше објавена во Службен весник, на 02.11.2020 година (понеделник) Агенцијата ги извести сите оператори дека веќе не смеат да ги реемитуваат странските програмски сервиси и ги измени постојните потврди за регистрација на програмски сервиси на сите оператори, по што во нив беа содржани само домашните програмски сервиси. Веќе утредента, на 03.11.2020 година, Одлуката на Уставен суд беше објавена во Службен весник.

На 05.11.2020 година, Владата на РС Македонија во Агенцијата достави Извадок од нацрт записникот од 17та седница, одржана на 03.11.2020 година, според кој таа го разгледала Предлогот на Законот за изменување на ЗААВМУ, по скратена постапка и одлучила да го достави до Собранието. Овој предлог се однесуваше на бришење на спорните одредби од членот 143 од ЗААВМУ. Покрај тоа, Владата и препорача на Агенцијата да не ги применува подзаконските акти од членот 143 став 3 и 4, поради тоа што Предлогот за измена на ЗААВМУ е веќе доставен до Собранието. Имајќи предвид дека подготвеноста на Владата да предложи измена на членот 143 од ЗААВМУ кореспондираше со она за што Агенцијата долго време се залагаше, Советот на Агенцијата, на својата 39та седница што се одржа на 06.11.2020 година, донесе заклучок да се одложи примената на трите подзаконски акти во рок од 30 дена од денот на донесувањето на заклучокот, поточно до 06.12.2020 година.

На 03.12.2020 година, Уставниот суд донесе Решение за поведување постапка за оценување на уставноста на член 143 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ и за запирање на извршувањето на сите поединечни акти или дејствија преземени врз основа на нив[17]. Поради тоа, на 04.12.2020 година, на својата 43та седница Советот го пролонгираше рокот за примена на подзаконските акти до објавување на Одлуката на Уставен суд во Службен весник. Решението на Уставен суд беше објавено во Службен весник на 05.01.2021 година, а според образложението содржано во него, Уставниот суд го донел поради тоа што „... *реемитување на програмски сервиси на домашни радиодифузери и радиодифузери од други држави се врши врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права. На таков начин не се навлегува во уредувањето, користењето и заштитата на авторските права, туку само се упатува дека истите се уредени со тој посебен закон, кој се почитува и во сферата на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Авторските права се лични права и нивната заштита се остварува пред суд. Оттука, произлегува дека новопропишаната обврска за одговорното лице на*

---

[15] Решението У.бр.217/20 е достапно на веб страницата на Уставниот суд на следниот линк: У.бр.217/2020 – UstavenSudMK
[16] Одлуката У.бр.217/20 е досапна на веб страницата на Уставниот суд на следниот линк: У.бр.217/2020-1 – UstavenSudMK
[17] Решението У.бр.13/20 е достапно на веб страницата на Уставен суд на следниот линк: У.бр.13/2020 – UstavenSudMK

*операторот и одговорното лице на радиодифузерот да доставаат изјави под целосна морална, материјална и кривична одговорност со која потврдуваат дека за реемитување на програмските сервиси ги имаат уредено ТВ правата за странскиот радиодифузер кој планира да го реемитува на целиот свој програмски сервис за територијата на Република Македонија (член 143 став 3), излегува надвор од режимот на заштита на авторските права пропишан со Законот за авторските и сродни права".* Исто така, Уставниот суд посочува и дека *„произлегува дека Законот неоправдано е оптоварен со непотребни, излишни одредби, кои само го отежнуваат медиумскиот пазар и предизвикуваат дискриминација помеѓу домашните и странските радиодифузери, при што не придонесуваат за заштита на авторските права, што не е во согласност со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Републиката"*, како и дека *"Оттука, овластувањето на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со подзаконски акт да ги пропише истите, според Судот, ги надминува законските рамки во кои може да се определат овластувања на Советот, односно со таквото овластување на Советот му се дава улога на законодавец, што уставно не е дозволено и води кон повреда на начелото на владеењето на правото. Доколку законодавецот сметал дека со подзаконски акт на Советот ќе се доразработат законски определени услови и критериуми во дадената сфера, за што не би имало уставни пречки, тоа од начинот на кој е стипулирана одредбата, не произлегува и не е обезбедено"*.

На 01.03.2021 година, во Службен весник на Р.С. Македонија бр.48/21 беше објавена Одлуката на Уставниот суд со која се укинува член 143 ставови 3 и 4 од ЗАВМУ и се става вон сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на овие одредби.

Со ова се потврдија речиси двегодишните заложби и укажувања на Агенцијата дека авторските права се уредуваат со посебен закон кој се почитува во сите области, меѓу кои и во аудиовизуелната. Само така, истовремено можат да се заштитат овие права и да се обезбеди слободен и непречен проток на информации и содржини преку прием и реемитување на програмски сервиси од други држави.

**Евидентирање во регистарот**

На крајот на 2020 година, вкупниот број на евидентирани субјекти во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети изнесуваше 35, од кои 29 кабелски оператори (не вклучувајќи ги нивните подружници), пет IPTV оператори и еден DVB-S оператор.

Во 2020 година во регистарот беа евидентирани два нови субјекти - Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево и Друштво за трговија, превоз и услуги ШЕПРОМ-БЕЛА експорт-импорт ДООЕЛ Кичево, а беа избришани два субјекти: Друштво за финансиски, технички и деловни услуги, трговија, угостителство и туризам ОВЕР ТХЕ ТОП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (во септември) и Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип (во октомври), откако овие два оператори ја известија Агенцијата дека престануваат со вршење на дејноста.

**Регистрација на програмски пакети**

Во извештајната година, од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи до Агенцијата беа доставени вкупно 316 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси. По извршена проверка на комплетноста и уредноста на доставените пријави, Агенцијата издаде вкупно 315 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси (дел од нив беа издадени по пријави поднесени во 2019 година). Во 2020 година Агенцијата донесе пет решенија со кои се смета дека пријавата не е доставена, а врз основа

на доставено барање од страна на подносителот донесе и две решенија за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**Програмски надзор**

Во 2020 година Агенцијата спроведе вкупно 102 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 96 редовни, еден вонреден и пет контролни надзори.

Сите редовни надзори беа спроведени за да се констатира дали оперататорите ги исполнуваат обврските од членот 141 од ЗААВМУ (програмските сервиси што ги емитуваат да бидат претходно регистрирани во Агенцијата) и членот 64 став 2 од ЗААВМУ (доколку програмските сервиси што ги реемитуваат се титлуваат на јазик различен од оној на кој оригинално се произведени, задолжително да бидат титлувани или на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните).

Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

**Јануари**

- Пет редовни надзори на операторите Алтра Сат од Охрид, КДС Кабел Нет од Прилеп, Бив Пирамида од Делчево, ИП Системс од Куманово и Роби (Телекабел) од Штип. Кај четири оператори не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ. Прекршување на член 141 беше констатирано кај операторот Алтра Сат од Охрид, за што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

**Февруари**

- Шест редовни надзори на операторите Глобалсат од Скопје, Инел Интернационал од Кавадарци, Инфел од Охрид, Кабел Нет од Струмица, Комбо 2003 од Куманово и Скупи Кабле од Скопје. Кај ниту еден оператор не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот Алтра Сат Охрид, со кој се констатира дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Март и април**

- Не беа реализирани надзори.

**Мај**

- Три редовни надзори на операторите Кабел Л Нет од Лабуништа, Македонски Телеком и Траншпед Трејд од Крива Паланка. Кај ниту еден оператор не беше констатирано прекршување на ЗААВМУ.

- Еден вонреден надзор на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје, со кој беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Јуни**

- Седумнаесет редовни надзори на операторите Кабел ДОО Струмица, Сигнал Нет Куманово, Скрембл Ново Село, Спајдер Нет Гевгелија, Теленет Ком Тетово, Винсат Виница, Вива Нет Берово, А1 Македонија, Дрим Сат Гостивар, Каблекалл Кичево, КДС ВТ Пробиштип, Мултимедија Нетворк Гостивар, Нафи Беко Гостивар, Неотел, Овер Тхе Топ, Пет Нет Гевегелија и Тотал ТВ. Прекршувања беа констатирани само кај два од нив (Дрим Сат Гостивар и Пет Нет Гевгелија), и тоа на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата им изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси што не беа регистрирани во Агенцијата.

**Јули**

- Осум редовни надзори на операторите Инел Интернационал Кавадарци, Инфел Охрид, Кабел Л Нет Лабуништа, Глобалсат Скопје, КДС Кабел Нет Прилеп, Кабел Нет Струмица, Комбо 2003 Куманово и Скупи Кабле Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Два контролни надзори на Дрим Сат Гостивар и Пет Нет Гевгелија. Кај двата оператори констатирано е дека постапиле во целост по упатеното решение.

**Август**

- Осум редовни надзори на операторите Кабел АС Македонска Каменица, Мултимедија Куманово, Канал 16 Ресен, ИП Системс Куманово, Телекабел, Македонски Телеком, Кабел ДОО Струмица и А1 Македонија. Кај ниту еден од операторите не беа констатирани прекршувања на законските обврски.

**Септември**

- Пет редовни надзори на операторите Каблекалл Кичево, Пет Нет Гевгелија, Сигнал Нет Куманово, Спајдер Нет Гевгелија и Винсат Кабел Виница, со кои не беа констатирани прекршувања.

- Беше спроведен и редовен надзор врз 32 оператори, а во врска со исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според која „оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис". Со надзорот беше констатирано дека обврската од член 143 став 5 од ЗААВМУ е во целост исполнета кај сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи опфатени со надзорот.

**Октомври**

- Седум редовни надзори, и тоа по еден на операторите Дрим Сат Гостивар, Мултимедија Нетворк Л Лабуништа, Нафи Беко Гостивар, Скрембл Ново Село, Теленет Ком Тетово и два на Тотал ТВ. Беа констатирани прекршувања само кај Тотал ТВ, и тоа на член 141 и член 143 став 5 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата на овој оператор му изрече две мерки јавна опомена и му наложи да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси што не беа регистрирани.

**Ноември**

- Не беа реализирани надзори.

**Декември**

- Пет редовени надзори на операторите Бив Пирамида Делчево, Вива Нет Берово, Траншпед Трејд Крива Паланка, Неотел и Алтра Сат Охрид, со кои не беа констатирани прекршувања.

- Два контролни надзори на Тотал ТВ. Со надзорот беше утврдено дека операторот постапил само по изречена мерка за прекршување на членот 141, но истиот не постапил по мерката што претходно му беше изречена заради повреда на член 143 став 5, заради што се покрена прекршочна постапка.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, согласно Годишниот план за вршење програмски надзор во 2020 година, беше предвиден да се спроведе двапати во текот на годината. Надзорот на Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје, Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје беше спроведен во јуни, септември и декември. Предмет на надзорот беше исполнувањето на обврските од ЗААВМУ, коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49), заштитата на малолетни лица (член 50) и промоцијата на производство и пристап до европски дела (член 60). Со шесте редовни надзори беше констатирано дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од Законот.

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

За да констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполниле обврската од член 15 став 2 од ЗМ, според која тие се должни податоците за сопственичката структура да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да и достават на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето, во 2020 година беа извршени еден редовен и еден контролен административен надзор. Редовниот надзор беше спроведен над сите издавачи на печатени медиуми (вкупно 21) евидентирани во регистарот кој го води Агенцијата, а беше констатирано дека оваа законска обврска не ја исполнило само Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“. Имајќи го предвид стореното прекршување, Агенцијата писмено го опомена овој издавач на печатен медиум и му даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласи своето работење со законот. Со контролниот надзор на овој субјект беше констатирано дека тој во целост ја исполнил обврската за обезбедување јавност во работењето.

Во извештајната година Агенцијата спроведе девет редовни и пет вонредни административни надзори за да констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската за објавување импресум (член 14 став 1 од ЗМ). Согласно Годишниот план за вршење административен надзор, редовните надзори беа спроведени во февруари, јуни и октомври 2020 година, и тоа по три надзори во секој месец. Поточно, во февруари беа направени надзори на 17 издавачи, а беа опфатени 22 печатени медиуми, во јуни беа

направени надзори на 16 издавачи, а беа опфатени 20 медиуми, додека во октомври беа направени надзори на 19 издавачи, а беа опфатени вкупно 22 печатени медиуми.

Во текот на годината, во врска со исполнувањето на оваа законска обврска беа извршени и пет вонредни административни надзори, и тоа по еден во април, мај, јули, септември и декември. Имено, вонредни надзори беа направени на: Здружението за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза"; Друштвото за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет"; Друштвото за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore"; Здружението на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице"; и на Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан".

Со надзорите беше констатирано дека обврската за објавување импресум е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со редовните и вонредните надзори.

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

### Преземени мерки за констатирани прекршувања на Изборниот законик

**Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Р.С. Македонија во 2020 година**

За прекршувања на Изборниот законик, врз основа на надзор над изборното медиумско претставување за време на изборната кампања и изборниот молк за Предвремените избори за пратеници во Собранието на РС Македонија во 2020 година, Агенцијата покрена пет прекршочни постапки[16] пред надлежен суд против три комерцијални радиодифузери и против Јавното радиодифузно претпријатие „МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА" Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис, и тоа:

- три прекршочни постапки за прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик (прекршување на изборниот молк) против два комерцијални радиодифузера и јавниот радиодифузен сервис – ЈРП „МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА" - Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА 1) и
- две прекршочни постапки за прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка 6 од Изборниот законик (необезбедување избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните и во посебноинформативните емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници) против два радиодифузера.

**Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка за констатирано прекршување на одредбите од Изборниот законик за време на Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип во 2020 година**

За прекршувања на Изборниот законик за време на изборната кампања за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и на Општина Штип во 2020 година, Агенцијата покрена една

[16] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки против радиодифузерите и јавниот радиодифузен сервис за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РС Македонија во 2020 година се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Поведени прекршочни постапки против радиодифузерите и јавниот радиодифузен сервис за констатирани прекршувања за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година" (Прилог бр.1)

прекршочна постапка[19] против радиодифузер и одговорното лице, за прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик (не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните емисии (во Вестите во 20 часот) во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници).

**Преземени мерки за констатирани прекршувања на ЗАВМУ и на Законот за медиуми**

Поради непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗААВМУ, Законот за медиуми и подзаконските акти донесени врз основа на истите, Агенцијата против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 70 мерки, од кои:

- 51 решение за преземање мерка – јавна опомена (45 решенија за преземање мерка – јавна опомена за радиодифизерите[20], едно решение за преземање мерка – јавна опомена за издавач на печатен медиум[21] и пет решенија за преземање мерка – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[22]);
- пет прекршочни постапки[23] (четири против три радиодифузери и одговорните лица на програмата во правните лица и една против оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и одговорното лице – управител);
- шест одлуки за одземање на дозвола[24], и
- осум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[25].

**Преземени мерки против радиодифузерите**

---

[19] Деталните податоци за поведената прекршочна постапки против радиодифузерот за време на Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и на Општина Штип во 2020 година се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Поведена прекршочна постапка против радиодифузер за констатирано прекршување за време на Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и на Општина Штип во 2020 година" (Прилог бр. 2)

[20] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон радиодифузерите се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите за 2020 година" (Прилог бр. 5)

[21] Деталните податоци за изречената мерка – јавна опомена кон издавачот на печатен медиум се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решение за преземање мерка – јавна опомена кон издавач на печатен медиум за 2020 година" (Прилог бр. 7)

[22] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за 2020 година" (прилог бр. 6).

[23] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти во 2020 година" (Прилог бр. 8).

[24] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во дел од табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Постапки во врска со одземање на дозволи за телевизиско/радио емитување за 2020 година" (Прилог бр. 9).

[25] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери за 2020 година" (Прилог бр. 10).

**Изречени мерки – опомени**

Агенцијата во текот на 2020 година донесе вкупно 45 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

- едно поради констатирана повреда на член 55 став 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за пласирање на производи – во програма која содржи пласирање на производи се придава претерана важност на производ;
- едно поради констатирана повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации – нејасно означување дека се работи за програма во која има пласирање производи, директно поттикнување купување или изнајмување стоки и услуги и придавање претерана важност на производот за кој станува збор;
- едно поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица[26], односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување програма во несоодветен временски период од денонојието и емитување промотивни најави за програма без да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува;
- едно поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 17 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – погрешно означување на категоријата програма и емитување програма која пред почетокот на емитувањето не е означена со предупредувачка сигнализација која ја означува категоријата програма;
- едно заради констатирана повреда на член 92 став 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за емитување половина од законскиот минимум програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- едно поради констатирана повреда на член 100 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што времетраењето на рекламирањето во програмата на радиодифузерот изнесуваше повеќе од 12 минути на еден реален час;
- едно поради констатирана повреда на член 15 став 1 од ЗМ, односно поради неисполнување на обврската за доставување податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2019 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2019 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2019 година;
- едно поради констатирана повреда на член 15 став 3 од ЗМ, односно поради необјавување (во првиот предвиден рок) на сопствената програма податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување на снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата;
- две поради констатирана повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр.01-546/1 од 04.02.2019 година, односно поради тоа што радиодифузерите не емитуваа најмалку 30%, односно 15% од доброволно пријавениот процент на музика на македонски јазик во периодот од 06:00 до 00:00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното денонојие;
- две поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица поради емитување програми без нивно обележување со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува;

---

[26] Достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_zastita_na_maloletnite_lica.pdf

- четири заради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- четири поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники[27], односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути;
- пет поради констатирана повреда на член 14 од ЗМ - неисполнување на обврската за објавување на податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, односно необјавување на податоци за импресум;
- шест поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерите не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците согласно член 51 став 1 од ЗААВМУ;
- шест поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – емитување програма во несоодветен временски период од деноноќието и со погрешно означување на категоријата програма и
- осум поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно поради емитување делови од емисии на странски јазик, без истите да бидат преведени на македонски јазик/јазиците на кои што медиумот емитува програма.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и подзаконските акти**

Во текот на изминатата година, врз основа на извршен програмски/административен надзор на радиодифузери кои претходно беа јавно опоменати, односно на кои им беше наложено да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ и со подзаконските акти донесени врз основа на него, беше констатирано дека четири радиодифузери продолжиле со вршење на истата повреда за која биле опоменати во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени вкупно четири постапки за порамнување – постапки за издавање прекршочен платен налог. Со оглед на тоа што сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок не ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог, Агенцијата во 2020 година до надлежниот суд поднесе две барања за поведување прекршочна постапка. За останатите две поведени прекршочни постапки, за коишто постапките за порамнување беа спроведени на крајот на декември 2020 година и коишто завршија неуспешно, барања за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд беа поднесени во првата половина на јануари 2021 година.

**Покрената прекршочна постапка/спроведена забрзана постапка за порамнување како постапка за издавање на прекршочен платен налог за констатирано прекршување на Законот за медиуми**

Заради тоа што и покрај изречената јавна опомена еден радиодифузер продолжи со вршење на истата повреда на Законт за медиуми за која претходно беше опоменат, Советот на Агенцијата во декември 2020 година донесе Заклучок за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд. Агенцијата, согласно

[27] Достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк
http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Pravilnik_za_novi_reklamni_tehniki.pdf

одредбите на Законот за прекршоците; предметната постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог ја спроведе во јануари 2021 година. Оваа постапка заврши неуспешно затоа што сторителите на прекршокот не ги платија глобите, поради што Агенцијата до надлежниот суд достави барање за поведување прекршочна постапка.

**Одземање на дозволата на радиодифузерите**

Во текот на извештајната година, Советот на Агенцијата покрена вкупно 33 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување и одлучуваше за одземањето на дозволата на еден радиодифузер за кој постапката беше покрената во декември 2019 година. Од овие 34 постапки, најголем дел (31) беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата, една поради необезбедена покриеност на сигнал на најмалку 80% од населението во РС Македонија, една поради тоа што радиодифузерот престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини и една поради тоа што имателот на дозволата не емитувал најмалку шест часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Поради тоа што во периодот од покренувањето на постапката до донесувањето одлука за одземање на дозволата радиодифузерите ги отстранија прекршувањата и го усогласија своето работење со ЗААВМУ, Советот на Агенцијата запре 28 од покренатите постапки.

Преостанатите шест завршија со одземање на дозволите. Станува збор за следните радиодифузери:

- Трговско радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, за подрачјето на регионот Д8 – Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино) – имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини;
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово, кое поседуваше дозвола за радио емитување преку терестријален предавател, на локално ниво (Општина Куманово) – поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок;
- Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, кое поседуваше дозвола за радио емитување преку терестријален предавател, на локално ниво (Општина Струга) - поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок;
- Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, кое поседуваше дозвола за радио емитување преку терестријален предавател, на локално ниво (Општина Охрид) - поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок;
- Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Кривогаштани - имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок и
- Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Пласница, Општина Кичево и Општина Македонски Брод - имателот на дозволата не емитувал најмалку шест часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Агенцијата во текот на 2020 година донесе осум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа:

I. На два радиодифузери кои емитуваа телевизиска програма им престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата дека престанува со емитување на телевизиска програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ), и тоа на:

- ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје и
- ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.

II. На шест радиодифузери, од кои три емитуваа телевизиска програма и три емитуваа радио програма, им престана важноста на дозволата за телевизиско/радио емитување по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата (член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ), и тоа на:

- ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово,
- ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје,
- ТРД ТВ – АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница,
- ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово,
- ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга и
- ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.

**Преземени мерки против издавачите на печатен медиум**

**Изречени мерки – опомени**

Во извештајниот период, заради констатирано непочитување на одредба од ЗМ, а врз основа на извршен административен надзор над издавач на печатен медиум, Агенцијата донесе едно решение за преземање мерка – јавна опомена. Повредата се однесуваше на неисполнување на обврската од член 15 став 2 од ЗМ, односно необјавување во дневен весник на податоците за сопственичката структура на издавачот на печатен медиум и недоставување до Агенцијата исечок од објавата.

**Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

**Изречени мерки – опомени**

Агенцијата, врз основа на извршен програмски надзор на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во 2020 година донесе пет решенија за изрекување мерки. Четири решенија за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервис/и беа донесени поради констатирана повреда на член 141 од ЗААВМУ, односно поради реемитување програмски сервис/и кој/и не е/се регистриран/и во Агенцијата согласно напред наведениот член. Петтото решение е донесено за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 143 став 5 од ЗААВМУ, односно поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет не ги обезбедил програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи.

**Покрената прекршочна постапка/спроведена забрзана постапка за порамнување како постапка за издавање прекршочен платен налог за констатирано прекршување на ЗААВМУ**

Во декември 2020 година, врз основа на извршен контролен програмски надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи на коишто претходно им беше наложено да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ, беше констатирано дека еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа продолжил со вршење на истата повреда за која бил опоменат во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, Агенцијата во првата половина на јануари 2021 година спроведе постапка за порамнување – постапка за издавање прекршочен платен налог, која заврши неуспешно затоа што сторителите на прекршокот (операторот на јавна електронска комуникациска мрежа и одговорното лице – управителот) не ги платија глобите по издадениот прекршочен платен налог, поради што Агенцијата до надлежниот суд поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

## АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

**Утврдување на влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз работењето на традиционалните медиуми[28]**

Во извештајната година, Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје, за потребите на Агенцијата ја изработи студијата „Утврдување на влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз работењето на традиционалните медиуми". Целите на оваа студија се да се добие сеопфатна слика за публиките на традиционалните и на новите медиуми и да се идентификуваат обемот и карактеристиките на пазарот на новите медиуми. Во оваа насока, со студијата се обезбедени податоци за тоа колку публиката ги користи традиционалните и онлајн медиумите, за што најчесто ги користи (информирање, забава и/или едукација), кои видови нови медиуми најчесто ги користи, какви се ставовите на публиката во врска со традиционалните и онлајн медиумите, какви се ставовите на публиката за предностите и недостатоците на онлајн медиумите во однос на традиционалните медиуми, вкупните приходи на онлајн медиумите во 2018 година, структурата на овие приходи, уделот на приходите од рекламирање на онлајн медиумите во вкупните приходи од рекламирање на медиумскиот пазар во 2018 година, трендовите на приходите од рекламирање на онлајн медиумите и на нивниот удел во вкупните приходи од рекламирање и др.

**Плурализам на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување[29]**

Во рамки на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите (JUFREX 2)" беше изработена студијата „Плурализам на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување". Нејзината главна цел е да се проценат законските одредби за концентрација на сопственоста во аудиовизуелниот сектор и да се препорачаат идни чекори во политиките што можат да доведат до измени и дополнувања на ЗМ и ЗААВМУ. Во студијата се објаснети главните концептуални прашања значајни за регулирањето на медиумската сопственост во аудиовизуелниот сектор; даден е преглед на најновите случувања на ниво на ЕУ и законската рамка во неколку земји членки на ЕУ; даден е преглед на правилата за медиумска

[28] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/
[29] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/08/HF-37_Study_media_ownership-MKD_for-publishing_fv-07.08.2020.pdf

сопственост во четири земји од соседството; направена е анализа и оценка на тековните одредби од ЗМ и ЗААВМУ и разгледани се практичните аспекти на нивното спроведување. Во посебна глава се претставени главните наоди од студијата, со соодветни препораки од експертите. Повеќе за наодите, заклучоците и препораките од оваа Студија е образложено во делот ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ од овој Извештај.

**Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиусмки услуги за 2019 година**[30]

Со цел да обезбеди јасна слика за состојбите во индустријата од аспект на економските перформанси на радиодифузерите, но и да ги утврди трендовите на овие економски показатели низ годините, Агенцијата во септември ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година, во која засебно се анализирани податоците за работењето на јавниот сервис, на комерцијалните телевизии и на комерцијалните радиостаници. Поточно, во Анализата се претставени податоци за остварените приходи во овие сегменти на пазарот и нивната структура, направените трошоци и нивната структура, финансискиот резултат од работењето, просечниот број на вработени во редовен работен однос и податоци за слушаноста на радиостаниците и гледаноста на телевизиите во анализираната година. Податоците врз основа на коишто е изработена Анализата ги доставија во Агенцијата самите радиодифузери (во рамки на исполнувањето на обврската од ЗМ за обезбедување јавност во своето работење), а за делот кој се однесува на економското работење на јавниот радиодифузен сервис беше користен и Извештајот за реализација на финансискиот план на МРТ. Податоците за гледаноста и слушаноста на радиодифузерите се обезбедени од редовните истражувања на јавното мислење коишто во 2019 година, по нарачка на АВМУ, ги спроведуваше истражувачката агенција Маркет Вижн.

**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2019 година**[31]

Анализата за структурата на вработените во 2019 година АВМУ ја изработи во септември 2020 година. Во неа се претставени податоците за вработените во МРТ и во комерцијалните радиодифузери, анализирани од аспект на работните места на кои биле ангажирани, статусот, полот, степенот на образование и нивната етничка припадност.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица**[32]

Со цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс од аспект на исполнувањето на целта на ЗААВМУ и од аспект на потребите на публиката, Агенцијата во декември, по прием на писмено барање од физичко лице, изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица". Во студијата е направена анализа на програмската понуда на трите радиостаниците кои емитуваат програма во оваа општина (РА Експрес, РА Хит и РА Марија-Благовест) и на нивното економско работење, а претставени се и податоци за слушаноста на овие радиостаници, како и за потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи во Струмица. Заклучокот од студијата е дека постои оправданост за објавување јавен конкурс

[30] Достапно на: ttps://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/

[31] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/Struktura-na-vrabotenite-vo-2019-godina.pdf

[32] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/12/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-доделување-дозвола-за-радио-на-локално-ниво-во-Струмица.pdf

за доделување дозвола за говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на подрачјето на Струмица.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс**[33]

Врз основа на претходно доставено барање од заинтересирана страна, истражувачката агенција Маркет Вижн од Скопје, за потребите на АВМУ во декември изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс", која содржи економска анализа, анализа на постоечката медиумска понуда и анализа на потребите на публиката. Студијата покажа дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции. Таа, исто така, покажа дека програмски сервиси кои би придонеле кон поголема разновидност на понудата би биле специјализирани програмски сервиси, и тоа: филмски, спортски, образовни (документарни) или програмски сервиси наменети за детската публика.

**Анализи на родовите прашања и медиумска писменост кај малолетниците**

Во 2020 година беа објавени три анализи во кои беа разгледувани родовите аспекти во радиодифузијата. Станува збор за публикациите „Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии", „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?" и „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година" (повеќе детали за сите има во делот од извештајов посветен на Родот и радиодифузијата).

Во Програмата за работа на Агенцијата за 2020 година беше предвидено дека, во втората половина од 2020 година, ќе биде реализирано *истражување на нивото на медиумска писменост кај малолетниците под 16 години*. Станува збор за истражување коешто, поради спецификите на целната група – малолетници под 16 години, методолошки треба да се реализира, во еден дел со фокусни групи (за помалите деца) и во еден дел со интервјуа (со постарите малолетници), односно со директен контакт на истражувачите со децата. Меѓутоа, имајќи ја предвид состојбата со пандемијата предизвикана од коронавирусот, ваквиот директен контакт со децата е невозможно да се спроведе, а возраста на испитаниците е таква што истражувањето не би можело да се направи онлајн. Поради тоа, оваа активност ќе се спроведе кога ќе се создадат соодветни здравствени услови.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите**

Мерењето на гледаноста на телевизиите и на слушаноста на радиостаниците во 2020 година Агенцијата го вршеше преку спроведување квартални истражувања на публиката, со коишто беа обезбедувани податоци за: просечниот дневен и неделен досег на слушаноста на радиостаниците; местото каде испитаникот слушал радио (дома, во автомобил, на работа, во ресторан и друго); периодот од денот во кој слушал радио;

[33] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/12/Studija-za-utvrduvanje-na-opravdanosta-za-objavuvanje-javen-konkurs-za-dozvola-za-TV-na-drzavno-nivo.pdf

видот на програмската содржина што ја слушал; просечниот дневен и неделен досег на гледаноста на телевизиите; учеството во вкупната гледаност на територијата на која телевизиите емитуваат програма и уделот во вкупната гледаност; периодот од денот во кој испитаникот гледал одредена телевизија; видот на програмската содржина што ја гледал; демографската структура на слушателите на радиостаниците и на гледачите на телевизиските станици според пол, возраст и етничка припадност на испитаниците; просечниот дневен и неделен досег на домашните и странските телевизии; и начинот на којшто испитаниците го примаат телевизискиот сигнал. Согласно „Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија", овие податоци за потребите на Агенцијата ги обезбеди истражувачката агенција - Друштво за агенциски услуги и истражување на пазарот и јавното мислење ИНДАГО ДООЕЛ Скопје, која беше избрана согласно Законот за јавните набавки. Таа до АВМУ достави четири квартални (во април, јули и октомври 2020 година и во јануари 2021 година) и еден годишен извештај (во јануари 2021 година) за гледаноста и слушаноста на радиодифузерите во извештајната година. Сите извештаи се објавени на веб страницата на Агенцијата[34].

**Учество во работни групи, излагања на работилници и дебати, придонеси кон изготвување извештаи за стратегии и конвенции, соработка со други субјекти**

Агенцијата, и во 2020 година, продолжи да придонесува во изработката на документи од важност за државата и да го пренесува своето знаење, искуство и експертиза од сферата на медиумите преку излагања и презентации на обуки и работилници[35].

Во март, претставничка на Агенцијата, на покана од Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) учествуваше на работилницата за добри практики поврзани со финансирање на политичките партии, каде што говореше за улогата на регулаторното тело во тек на изборните процеси и за социјалните мрежи и изборите, односно за дигиталното рекламирање.

Координаторката и заменик – координаторот за еднакви можности на Агенцијата, по барање од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), беа назначени за членови на Работната група за подготовка на новата Стратегија за родова еднаквост 2021-2026, при што учествуваа во различните активности за изработка на овој стратешки документ. Во август изработија придонес кон проценката за напредокот и влијанието на последната Национална стратегија за родова еднаквост 2018-2020, којашто за потребите на МТСП ја изработуваше независна експертка по што, во октомври, експертката спроведе и длабинско интервју со координаторката за еднакви можности со цел да се утврди целисходноста на мерките и активностите, релевантноста на индикаторите итн. Паралелно, друга експертка го изработуваше нацртот на новата стратегија за родова еднаквост и во тој процес, во септември, спроведе длабински интервјуа со координаторката и заменик – координаторот, со цел да се утврдат можните мерки и активности за наредниот период. Во последните два месеци од годината се одржаа три средби на Работната група на кои се дискутираше за Нацрт - стратегијата која треба да биде завршена во 2021 година.

АВМУ учествуваше и во подготовката на извештаи на државата за две конвенции. Во април беше испратено мислење од АВМУ во однос на содржината на предлог-текстот на Извештајот на Владата на Република Северна Македонија по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, а во декември беше изготвен придонес кон подготовката на Периодичниот единаесетти,

[34] Достапно на: https://avmu.mk/гледаностслушаност/

[35] Информациите за соработката со некои организации и институции, поради темата, се поместени во други делови од извештајов. Така, за соработката со Советот за етика во медиумите се говори во делот за Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите бидејќи се однесува на активности за почитување на човековите права, додека пак, за некои од активностите кои се дел од соработката со МТСП е известено во делот Род и радиодифузија.

дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти извештај по Конвенцијата за елиминација на расна дискриминација на Обединетите Нации.

Исто така, беше разгледана Информацијата од Министерството за економија за потребата од ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, а Агенцијата одговори и на повикот да номинира членови во работната група за трговија со услуги меѓу Република Северна Македонија и Република Турција.

**Учество на конференции, советувања, семинари и обуки во насока на подигнување на капацитетот на вработените**

Вработените во Агенцијата, освен што преку разни активности ги споделуваат своите веќе стекнати знаења и искуства, континуирано работат и на подигање на своите капацитети и себенадградување. Поради пандемијата од Ковид-19 најголемиот број од овие настани беше организиран онлајн.

Некои од настаните беа поврзани со аспекти кои произлегуваат од техничко-технолошкиот развој. Во јули, тоа беше онлајн конференција која, под наслов „Подемот на вештачката интелигенција и како тој ќе ја преобликува иднината на слободата на изразување" беше организирана од претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, во рамки на проектот #SAIFE#AIFreeSpeech. На Конференцијата, повеќемина експерти говорея за: улогата на интернет посредниците како гејткипери, влијанието на вештачката интелигенција врз човековите права генерално, заканите по безбедноста, говорот на омраза, медиумскиот плурализам и надгледувањето од страна на државите итн. Во ноември, пак, претставник на регулаторното тело учествуваше на онлајн вебинар организиран од експерти на Гугл на тема „Квалитет на информации и модерирање на содржини на Гугл и Јутјуб".

Претставници на Агенцијата учествуваа и на два настани организирани од Европската аудиовизуелна опсерваторија. Станува збор за Фокусираната сесија посветена на регулирањето и обврските на платформите за споделување видеа, која се одржа во септември, и за онлајн работилницата „Разноликоста и вклученоста во европските аудиовизуелни индустрии: и на екранот и зад него", која беше реализирана во декември и на која низ обраќањата на поголем број панелисти беа презентирани анализи, истражувања и искуства за тоа како аудиовизуелните индустрии да ги вклучуваат и претставуваат сите без оглед на родот, потеклото или физичките капацитети.

Два настани беа посветени на надградбата на знаењата за поширокиот контекст во кој се реализираат изборните процеси. На крајот од септември, претставник на АВМУ учествуваше на Работилницата за политичко финансирање со помош на пристапот и методологијата за „Градење на ресурсите за управување на демократијата и изборите" (BRIDGE), организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Агенцијата имаше и свој претставник на завршната Конференција „ИЗБОРИ за СИТЕ, со здравствени мерки за заштита од КОВИД 19" на проектот „Учество на лица со попреченост во изборниот процес за време на пандемијата-КОВИД 19", што во ноември ја одржа Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива".

Во неколку наврати, темите на онлајн презентациите и конференциите се однесуваа на различни аспекти на човековите права и вклучувањето на сите општествени групи. Во декември, претставник на АВМУ го следеше онлајн настанот „Зајакнување на различноста и инклузијата", организиран од Европската радиодифузна унија (EBU), а во декември беа проследени онлајн презентацијата на полово поделени податоци за климатските промени (што ја организираа МТСП и УНДП) и онлајн Конференцијата во рамки на проектот „Човекови права за сите" (организирана од Институтот за човекови права).

Вработени во Агенцијата учествуваа и на следните средби, семинари и обуки:

- Online обука во рамките на програмата „Жени за жени во јавниот сектор – Менторска иницијатива", организирана од мисијата на ОБСЕ и Министерството за труд и социјална политика на РС Македонија, одржана на 1-ви јули, 15-ти јули, 22-ри јули и 21-ви септември 2020 година;
- Завршен онлајн настан со евалуација на едногодишната програма, во рамките на програмата „Жени за жени во јавниот сектор – Менторска иницијатива", организиран од мисијата ОБСЕ и Министерството за труд и социјална политика на РС Македонија, одржан на 1-ви октомври 2020 година;
- 31-ва Синдикална школа на тема: „Анализа на Гранскиот колективен договор и посебните колективни договори на ниво на работодавач", организирана од Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РС Македонија (УПОЗ), во Охрид, одржана од 2-ри до 04-ти октомври 2020 година;
- Online вебинар на тема: „Примена на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги – најнови достигнувања", организирана од страна на Националниот Совет за истражувања и технологија, одржан на 27-ми октомври 2020 година;
- Работилница на тема „Стандарди за известување и мониторинг на случаите со родово базирано насилство", организирана од Советот на Европа и АВМУ, одржана на 04-ти декември 2020 година;

**Донесени акти**

Во текот на 2020 година, согласно Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 109/20, 119/20 и 123/20), а со цел почитување на универзалните мерки за спречување на пренесувањето на КОВИД-19 што важат за сите работни места и за сите лица на работни места, Агенцијата донесе три протоколи заради спречување на внесување и ширење на коронавирусот COVID-19, и тоа: Протоколот за влез, движење и излез во/од деловните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Протоколот за организација и начин на користење на деловните простории во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и употреба на службените возила и Протоколот за одржување на седници на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавни состаноци и работни состаноци (настани).

**Преземени активности од страна на Агенцијата од аспект на имплементација на Законот за употреба на јазиците**

На 14 јануари 2019 година, во Службен весник број 7 беше објавен Законот за употреба на јазиците (ЗУЈ), кој влезе во сила со денот на објавувањето. Согласно член 1 став 3 од ЗУЈ, „Во сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и други институции, службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо, на начин определен со овој закон", а согласно член 23 ставови 1 и 2 од ЗУЈ, „Во рок од една година од денот на влегувањето на сила на овој закон сите надлежни институции се обврзани да ги донесат подзаконските акти за спроведување на овој закон", а „Во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон, институциите се обврзани да ги спроведуваат обврските наведени во член 7 од овој закон."

Во октомври 2020 година, на иницијатива на Агенцијата беше одржан работен состанок со претставници од Агенцијата за примена на јазикот, на кој се дискутираше за степенот на имплементација на одредбите од Законот за употреба на јазиците во работата на Агенцијата, потребните прилагодувања, чекорите што треба да

се преземат, а беа разјаснети и одредени дилеми околу неговата практична имплементација. Од страна на претставниците на Агенцијата за примена на јазикот беше истакната важноста на секој отпочнат чекор на институциите во имплементирањето на Законот за употреба на јазиците со поддршка на оваа Агенција во неговото понатамошно спроведување. Имајќи ги предвид сите обврски за институциите кои ги пропишува Законот за употреба на јазиците, претставниците на двете агенции беа согласни дека е потребно многу време и ресурси за целосна практична имплементација на Законот за употреба на јазиците и изразија подготвеност за соработка и интензивирање на меѓусебниот дијалог во насока на успешна и доследна примена на овој закон. Конкретно, од страна на Агенцијата за примена на јазикот беше понудена помош околу јазичните дилеми (основен превод и лекторирање на документи), со цел да им се овозможи на сите организациони единици на АВМУ во од да ги решаваат дилемите со кои ќе се соочат при имплементирањето на Законот за употреба на јазиците, при извршувањето на тековните работни задачи од нивна надлежност.

Агенцијата, години наназад, пред донесувањето на Законот за употреба на јазиците, редовно врши превод на албански јазик на сите соопштенија, информации за настани, едукативни и образовни брошури/летоци, анализи и истражувања, а од неодамна и на дневниот ред на седниците на Советот. Исто така, доколку странка/учесник во постапка побара материјалите/одговорот да ги/го добие на албански јазик, односно комуникацијата да се одвива на албански, Агенцијата е во можност тоа да го обезбеди, меѓутоа до одредена мера, пред се поради финансиските трошоци.

Најголемиот дел од подзаконските акти кои се однесуваат на субјектите кои ги регулира Агенцијата, се преведени на албански јазик по нивното донесување. Имајќи ја предвид законската обврска која произлегува од член 6 од Законот за употреба на јазиците, Агенцијата и понатаму ќе продолжи да ги преведува усвоените акти и подзаконските акти, а по барање на странката и другите документи. Покрај тоа, личното име на заменик претседателот на Советот, на дневниот ред на седниците (кога тој го заменуваше претседателот на Советот) беше испишано на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија. Во иднина ова ќе се применува во сите одлуки и други акти во рамките на надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Веб страницата на Агенцијата е креирана на начин да има можност содржините да се објавуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на албански јазик и неговото писмо, како и на англиски јазик. Самите содржини на веб страницата во голема мера се преведени на албански јазик, односно преведени се и се објавуваат на албански јазик. Имајќи предвид дека содржините на веб страницата постојано се обновуваат, Агенцијата активно работи на превод на албански јазик на сите нови содржини, со што веб страницата на регулаторот е една од најодржуваните на албански јазик. Дополнително, сите јавни огласи/конкурси во дневните весници се објавуваат на македонски јазик и неговото писмо и на албански јазик и неговото писмо.

Уште во март 2019 година се постави табла на која називот на Агенцијата се напиша на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо е напишан прв. Во декември 2020 година се постави нова табла, на која називот на Агенцијата се напиша и на англиски јазик. Во мај истата година, во функција беа новиот печат во тркалезна форма и два нови штембили испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо, така што истите го содржат натписот: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје/Republika E Maqedonisë Së Veriut - Agjecia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup".

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот**

Соработката на меѓународно ниво во 2020 година, билатерално или во рамки на мултилатерални проекти, најчесто се одвиваше онлајн, со тоа што претставници на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународни организации, платформи и групи.

## ЕПРА

Како резултат на здравствената криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19, и соработката со Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се одвиваше онлајн. Уште во април, на Форумот за медиумска писменост на ЕПРА беа објавени информации за активностите за борбата против дезинформациите и изнаоѓањето одговори на животот во услови на пандемија што ги имаа преземено Агенцијата и членките на Мрежата за медиумска писменост. Овие информации беа споделени и на веб сајтот на Алијансата за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО (претходно ГАПМИЛ).

Значаен дел од соработката беше учеството на претставници на АВМУ и членки на Мрежата за медиумска писменост во активностите на Групата на ЕПРА за медиумска писменост кои се одвиваа во две насоки. Од една страна, се одржаа три тркалезни маси на кои се разменуваа искуства за работата на мрежите за медиумска писменост (повеќе детали за нив има во делот од извештајов посветен на медиумската писменост). Од друга страна, беше формирана посебна група во која се разгледуваа активностите за медиумска писменост на платформите за споделување видеа. Еден од резултатите на оваа посебна група е изработката на документот „Размисли за промовирањето на медиумската писменост од страна на платформите за споделување видеа во рамки на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (Reflections on Video-Sharing Platforms promotion of Media Literacy under the Audiovisual Media Services Directive).

ЕПРА реализираше и повеќе онлајн вебинари и подкасти. Двајца претставници на Агенцијата го следеа вебинарот посветен на регулативата и праксата за рекламирањето на коцкарници и обложувалници.

Дел од вообичаената соработка е да се одговара на прашалници на теми од интерес на некој од регулаторите, што се поставуваат преку ЕПРА. Во 2020 година беа одговорени прашалниците од регулаторот од Шведска - за (не)можноста да се спонзорираат емисии коишто содржат вести и информации од спортот и од францускиот регулатор - за активностите на регулаторните тела за борба против расизмот.

## МНРА

Како дел од соработката во Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), претставници на Агенцијата, во декември, учествуваа на онлајн состанок на работните групи за родот и медиумите и за медиумска писменост. На состанокот беа споделени и усвоени истражувањата на МНРА во овие две области и се разговараше за идните активности.

## ЕРГА

Во својство на набљудувач, Агенцијата учествуваше во работата на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА) составена од претставници на регулаторните тела за медиуми од земјите - членки на ЕУ.

Работата на ЕРГА во 2020 година беше организирана во три подгрупи и две акциски групи, едната посветена на следење на економските услови за работа на медиумите во услови на пандемијата со Ковид-19, а другата посветена на прашањата на родова еднаквост, а се одржаа и два пленарни состаноци.

Фокусот на првата Подгрупа на ЕРГА беа механизмите за јакнење на единствениот дигитален пазар преку спроведување на европските правила и вредности во онлајн опкружувањето (Subgroup 1 - Strengthening the Digital Single Market by enforcing European rules and values in the online environment). Во рамки на оваа подгрупа, регулаторните тела изработија два значајни документи. Првиот е Меморандум за разбирање меѓу регулаторите, чија основна цел е да го олесни ефективното исполнување на регулаторните цели утврдени во ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и во националните правни акти преку кои се транспонираат одредбите од Директивата во националното законодавство. Меморандумот ги прецизира правилата за неформална соработка на телата и дава конкретни насоки за постапување при разгледување на прекугранични случаи. Меморандумот беше едногласно усвоен на пленарниот состанок на ЕРГА одржан на 3 декември 2020 година, со што сите регулатори од земјите-членки на ЕУ станаа потписници на документот, односно учесници во спроведување на Меморандумот. Вториот документ што беше изработен од членовите на Подгрупата се однесуваше на ставовите на ЕРГА за иднината на регулацијата на онлајн содржините, подготвен во рамки на надлежностите на Групата да ја поддржува Европската комисија при креирањето политики, во конкретниов случај за пакетот акти за дигиталните услуги (Digital Services Act-package), што беше претставен од Комисијата во средината на декември. Оваа подгрупа организираше и работилница за регулацијата на влогерите кои обезбедуваат содржини за платформите за споделување видеа (video-sharing platforms -VSPs) на 25 септември, на која учествуваше претставник од Агенцијата.

Втората Подгрупа на ЕРГА и во 2020 година продолжи да работи на прашањата поврзани со медиумскиот плурализам и дезинформациите (Subgroup 2 - Media plurality – Disinformation). Во рамки на Подгрупата функционираа повеќе работни групи и беа спроведени повеќе активности, беа организирани неколку работилници со сите заинтересирани страни за различни аспекти, а беа подготвени и неколку извештаи и други документи. Клучна активност на Подгрупата беше асистирањето на Европската комисија при мониторингот на спроведувањето на Кодексот на добри практики за заштита од дезинформации од страна на платформите за споделување видеа.

Претставници од Агенцијата учествуваа во работниот состанок на оваа Подгрупа, одржан на 19 и на 20 февруари во Брисел, Кралство Белгија. На состанокот беше презентиран Извештајот за мониторинг на ЕРГА за почитување на Кодексот на добри практики за заштита од дезинформации, што ЕРГА го реализираше како поддршка на Европската комисија, која според Кодексот има преземено обврска да го следи неговото почитување. Мониторингот беше спроведен во две фази, првата фаза беше посветена на обврските на платформите поврзани со рекламирањето, особено политичкото рекламирање за време на изборите за Европскиот парламент, а втората фаза беше посветена на обврските кои ги имаат преземено видео порталите во однос на информирање и зајакнување на медиумската писменост на своите корисници и обезбедување пристап до податоци на истражувачката заедница. Добиените резултати содржеа генерални податоци за преземените мерки на активности од страна на платформите, но како сериозен проблем се покажа недостигот на податоци разделени по земји за да може да се извлекуваат методолошко поткрепени заклучоци.

Врз основа на резултатите од спроведениот мониторинг, Подгрупата разработи повеќе аспекти и даде препораки за надминување на констатираните слабости. Посебни извештаи со препораки беа подготвени за неколку обврски преземени од платформите во Кодексот, и тоа за:

- унапредување на кампањите за зголемување на медиумската писменост за дезинформациите;
- зајакнување на проверката на факти во ЕУ;
- унапредување на односите меѓу истражувачите и потписниците на Кодексот;
- подобрување на воспоставените процедури од потписниците на Кодексот за постапување по поплаки од корисниците и за означување на проблематичните содржини.

Подгрупата изработи и посебна анализа врз основа на податоци доставени од регулаторите и консултација на стручна литература за сфаќањето на поимот „дезинформации" и поврзаните концепти во европската регулатива и пракса.

На 19 октомври, Подгрупата одржа работилница за јакнење на процесот на проверка на факти во Европа, на која учествуваше претставник од Агенцијата.

Третата подгрупа работеше на прашањата за обезбедување видливост и пристап до аудиовизуелните медиумски содржини на сите платформи (Subgroup 3 - Ensuring Prominence and Access of Audiovisual Media Content to All Platforms-Findability). Изработи два извештаја за конкретни одредби од ревидираната Директива.

Првиот извештај ги постави основите за понатамошна размена на мислења меѓу членките на ЕРГА за разбирањето на мерките што треба да ги преземат земјите-членки на ЕУ поврзани со член 7-а од Директивата, кој се однесува на обврските да се обезбеди видливост на аудиовизуелните медиумски услуги од јавен интерес.

Вториот извештај беше посветен на обврските од член 13 став 1 од Директивата, аудиовизуелните медиумски услуги по барање да обезбедат најмалку 30% удел на европски дела во нивните каталози, како и да обезбедат нивна видливост.

Во рамките на ЕРГА беше одржана онлајн сесија ЕРГА, насловена „Стабилизација на слободниот медиумски систем - од размислување до делување" (на 22 септември), и работилница за „Медиумска писменост и давање моќ на корисниците" (на 30 ноември), на кои учествуваа претставници од Агенцијата.

**Други меѓународни активности**

Во периодот од 28 до 31 јануари 2020 година, претставник на Агенцијата, во Белград, Република Србија, учествуваше на Регионалната тркалезна маса посветена на моделите на управување, регулирање и финансирање на јавните радиодифузни сервиси во Западен Балкан", организирана од Проектот за поддршка на јавните радиодифузни сервиси во Западен Балкан, финансиран од Европската Унија.

Во текот на средбата беше презентирана актуелната состојба во шесте јавни сервиси во Западен Балкан во поглед на избирањето на управните тела и раководните лица, како и односите помеѓу парламентите, регулаторните тела, управните органи на јавните сервиси и нивните директори, споредено со најдобрите практики во ЕУ, презентирани во нацрт предлогот на документот „Заеднички принципи на управување со јавните медиумски сервиси во Западен Балкан", изработен од експерти на ЕБУ. Принципите се утврдени врз основа на европските стандарди и конкретните предизвици и практики во западно-балканскиот регион, со акцент врз независноста и деполитизацијата на јавните радиодифузни сервиси и потребата од отворен

и транспарентен процес на избирање на членовите на раководните тела. Документот не е правно обврзувачки, а усвоените принципи ќе бидат испратени до парламентите, владите, регулаторните тела, граѓанскиот сектор и јавните сервиси во шесте земји.

Консултантите на ЕБУ го презентираа документот „Упатства за примена на заедничките принципи за финансирање на јавните медиумски сервиси во Западен Балкан", кој по разгледувањето на главните предизвици во финансирањето беше усвоен.

Претставници на Агенцијата учествуваа и на два настани организирани од Европската аудиовизуелна опсерваторија. Станува збор за фокусираната сесија посветена на регулирањето и обврските на платформите за споделување видеа, која се одржа во септември, и за онлајн работилницата „Разноликоста и вклученоста во европските аудиовизуелни индустрии: и на екранот и зад него", која беше реализирана во декември и на која низ обраќањата на поголем број панелисти беа презентирани анализи, истражувања и искуства за тоа како аудиовизуелните индустрии да ги вклучуваат и претставуваат сите без оглед на родот, потеклото или физичките капацитети.

Во текот на есента имаше два онлајн состанока на претставници на Агенцијата со експерти од Италија во рамки на подготовка на твининг проект за превенција на насилството и тероризмот.

На 11 и 12 ноември се одржа регионална онлајн конференција за справување со предизвиците од дезинформациите во Западен Балкан. Конференцијата, која ја организираше Советот за регионална соработка, во соработка со ОБЦ ТрансЕвропа, Европската служба за надворешно дејствување на ЕУ и Европскиот центар за борба против хибридни закани имаше цел да ја подигне свеста во Западен Балкан за справување со дезинформациите и да произлезат препораки за политики засновани на најдобрите практики од цела Европа, кои ја земаат предвид регионалната динамика и потенцијалот за меѓународна соработка.

Во ноември, претставник на регулаторното тело учествуваше на онлајн вебинар организиран од експерти на Гугл на тема „Квалитет на информации и модерирање на содржини на Гугл и Јутјуб".

**Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

Соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје продолжи и во 2020 година, со тоа што најзначајниот резултат беше изработката на Комуникациска стратегија за потребите на Мрежата за медиумска писменост (повеќе детали има во делот од извештајов посветен на медиумската писменост). Беа преземени и чекори за проценка и надградба на соработката така што претставници на Агенцијата беа интервјуирани во рамки на процесот на евалуација на проектот "Поддршка на слободата во медиумите и безбедност на новинарите", имплементиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а беше дискутирано и за активностите за 2021 година, особено на полето на медиумската писменост и почитувањето на професионалните стандарди од страна на медиумските професионалци.

Освен ова, претставници на Агенцијата учествуваа на неколку настани од страна на мисијата на ОБСЕ: на 8 јули се одржа конференцијата „Подемот на вештачката интелигенција и како тој ќе ја преобликува иднината на слободата на изразување". На Конференцијата, повеќемина експерти говореа за: улогата на интернет посредниците како гејткипери, влијанието на вештачката интелигенција врз човековите права

генерално, заканите по безбедноста, говорот на омраза, медиумскиот плурализам и надгледувањето од страна на државите итн.

На 21 септември се одржа тркалезната маса за „Најдобри етички практики за онлајн медиумите преку создавање насоки за етичко известување", реализирана од СЕММ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

На 21, 22 и 23 септември се одржа онлајн обука како дел од Менторската програма „Жени за жени во јавниот сектор", наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика.

Агенцијата зема учество и на конференцијата на ОБСЕ/ОДИХР посветена на проектот за поддршка на изборите во земјите од Западен Балкан што се одржа во ноември.

На крајот од септември, претставник на АВМУ учествуваше на Работилницата за политичко финансирање со помош на пристапот и методологијата за „Градење на ресурсите за управување на демократијата и изборите" (BRIDGE), организирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

**Соработка со Советот на Европа и ЕУ за зајакнување на слободата на изразување и на медиумите согласно стандардите на Советот на Европа**

Соработката со Советот на Европа примарно се одвиваше како дел од втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија", но имаше и други форми на соработка. Во рамките на ЈУФРЕКС2, во јануари се одржа работилница за радиодифузери и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во врска со обезбедувањето достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост. Оваа работилница беше дел од напорите на Агенцијата да ги поттикне давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да усвојат саморегулациски документ за оваа област (повеќе детали има во делот од овој извештај за пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост).

Во февруари се одржа состанок на Управниот одбор на којшто претставниците на државните институции и на организациите вклучени во проектот направија пресек на веќе реализираните активности во првата и втората фаза и беа споделени информации за активностите кои ќе бидат преземени во следниот период.

Во вториот квартал на 2020 година, за потребите на Агенцијата, во рамки на проектот, од страна на експертите Жан Франсоа Фурнемонт и Снежана Трпевска беше подготвена студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување". Студијата има за цел да спроведе проценка на важечките законски одредби за концентрација на сопственоста во аудиовизуелниот сектор и да препорача идни чекори во политиките.

Во контекст на изборната кампања, за Предвремените парламентарни избори 2020, Агенцијата во соработка со Советот на Европа во февруари подготвуваше еднодневна конференција за лажни вести и изборни кампањи. Конференцијата требаше да се одржи пред почетокот на изборната кампања за предвремените парламентарни избори и да се осврне на неколку клучни прашања: важноста на медиумите за демократски изборен процес; правната рамка за покривање на изборите во медиумите; финансирање на изборна кампања и политичко рекламирање; како да се обезбеди професионално новинарство во новиот медиумски пејзаж и како граѓаните можат да ги разликуваат професионалните информации од дезинформациите. Со помош на стручноста на Советот на Европа, посебен акцент требаше да биде ставен на влијанието на „лажни вести"/дезинформации врз резултатите од изборите. Сепак, поради пандемијата

предизвикана од коронавирусот COVID-19 и одложувањето на изборите, Агенцијата го одложи одржувањето на конференцијата.

Наместо тоа, на македонски јазик беше преведена публикацијата „Дезинформации и изборни кампањи" и истата беше објавена на веб страницата на Агенцијата. Публикацијата содржи преглед на состојбата со дезинформациите од технички и од политички аспект, препораки и мерки за справување со нив. Во рамките на проектот беше преведена и публикацијата „Алгоритми и човекови права, имајќи го предвид брзото темпо на технолошките промени, развојот на техниките за автоматска обработка на податоци (алгоритмите) и нивното влијание врз човековите права. Преведената публикација е објавена на веб страницата на Агенцијата.

Во јули се одржа редовната средба на регулаторните тела опфатени со проектот ЈУФРЕКС2 (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Северна Македонија, Црна Гора) и независни експерти. Овојпат, тркалезната маса насловена „Избори, пандемија и дезинформации", се одржа онлајн. Се дискутираше за дезинформациите, и тоа од два многу значајни аспекти: мониторингот на изборните процеси во свет на дезинформации, имајќи предвид дека во голем дел од земјите - учеснички во тој период се одржуваа избори; и дезинформациите поврзани со здравствената криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19. Покрај тоа што на овие значајни прашања, преку презентации, се осврнаа експертите на Советот на Европа, претставниците на секое од шесте регулаторни тела информираа за своите активности поврзани со темата, што беше одлична можност да се разменат искуства и добра пракса. Исто така, се отвори прашањето за практиките и регулативата поврзана со платеното политичко рекламирање, што резултираше со тоа подоцна да биде изготвена и објавена публикацијата „Политичко рекламирање: Компаративна студија за состојбите во земјите од Југоисточна Европа"[36] изготвена од експертите Жан Франсоа Фурнемон и Диадре Кевин, во чија изработка Агенцијата активно соработуваше.

Другите сегменти на соработката со Советот на Европа се однесуваат на интервјуто за проектот „Promotion of Diversity and Equality in North Macedonia" (за кој веќе е пишано во делот за Родот и радиодифузијата) и на барањето соработка од претставничка на Советот на Европа, која работеше на проект за борба против говорот на омраза во медиумите за молдавскиот регулатор. Како одговор ѝ беа испратени опис на праксата на АВМУ за надзор на ваквите случаи и линк до „Водичот за мониторинг на говорот на омраза", со цел да ги искористи како примери на добра практика. На крајот од годината, претставници на Агенцијата разговараа со експертка која работеше на извештај за евалуација на текот на ЈУФРЕКС2.

**Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации**

Во декември Агенцијата изготви придонес кон подготовката на Периодичниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти извештај по Конвенцијата за елиминација на расна дискриминација на Обединетите Нации.

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

На 23 јануари се одржа работна посета меѓу претставници од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и делегација од Секретаријатот за европски прашања, предводена од заменик претседателот на Владата за европски прашања. На состанокот се разговараше за активностите на

[36] „Политичко рекламирање: Компаративна студија за состојбите во земјите од Југоисточна Европа", достапна на веб сајтот на АВМУ преку: https://bit.ly/2LorXU9

Агенцијата во евроинтеграциските процеси, а посебен акцент беше ставен на Изборниот Законик, медиумите и нивната улога во изборниот процес, како и за обврските на Агенцијата поврзани со мониторингот на изборното медиумско покривање.

**Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2020 и во работните групи формирани за оваа цел**

Во февруари, Агенцијата до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда достави материјал во насока на подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) ревизија 2020-2023 за две поглавја: Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми и за Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права и материјалот.

Со цел вградување на препораките и приоритетите од Извештајот на Европска Комисија за 2020 година, по барање на Секретаријатот за европски прашања, во ноември, овие материјали беа ажурирани во наративниот дел, матрицата и ЛГАП табелите.

**Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работни тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

Во февруари, Агенцијата достави пишан материјал во насока на подготовка на Придонесот кон годишниот Извештај на Европската комисија за двете поглавја од делокругот на нејзиното работење: Поглавје 23. Правосудство и фундаментални права и Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми за периодот декември – февруари 2020 година. Агенцијата информираше за резултатите од анализата за застапеноста на родовата структура во сопственоста кај телевизиите и радијата кои емитувале програма на национално, регионално и локално ниво во 2019 година, за одржаната работилница за обезбедување пристап до медиумите на лицата со попреченост и Нацрт-саморегулацискиот документ за пристапност на аудиовизуелните медиумски програми, за случаите на вербални напади и заплашување новинари, подготовката на студијата за ефектите на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и работењето на традиционалните медиуми.

Материјалот беше ажуриран во јуни, при што Агенцијата извести за резултатите од анализата на родот во детските емисии, за новите случаи на вербални напади и заплашување новинари, апелите на Агенцијата целосните информации да се дистрибуираат до сите медиуми истовремено, мониторингот на изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2020, за објавената студија „Влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз работењето на традиционалните медиуми", како и за истражувањето за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во првиот квартал на 2020 година.

Поради состојбата со пандемијата и заради почитување на препораките од Владата, состанокот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, предвиден за првата половина на 2020 година, не се одржа. Наместо тоа, беше реализирана видеоконференциска врска помеѓу претседавачите на Поткомитетот од македонска и од страна на Европската комисија. За потребите на состанокот, Агенцијата подготви пишан материјал за клучните активности: ставовите на Агенцијата за измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за измените на Изборниот законик, за унапредувањето на институционалните капацитети на Агенцијата, за финансирањето на регулаторното тело и активностите поврзани со мониторингот на медиумското известување за Претседателските избори 2019 и изборите за градоначалник во Дебар, Ново Село и Охрид и за Предвремените парламентарни избори 2020. Агенцијата исто така информираше и за следењето на сопственоста на радиодифузерите и

незаконската медиумска концентрација, за активности на полето на медиумската писменост и на оние утврдени со регулаторната Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелна дејност 2019-2023, како и за направените анализи, истражувања, публикации и инфографици.

За клучните активности, со акцент на изборното медиумско претставување, за потребите на подготовките на 17-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, Агенцијата, во јули, достави материјал до Министерството за правда.

На 19 ноември, преку видео конференциска врска, се одржа 15-тиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи. Претходно, Агенцијата испрати одговори на доставените прашања кои се однесуваа на слободата на изразување и медиуми, односно на измените на членот 143 од ЗААВМУ и преземените чекори согласно донесените измени, реакциите на регулаторот поврзани со вербалните и физичките напади врз новинари, апелите информациите да се споделуваат со сите медиуми истовремено со цел да се избегне појава на нецелосни информации и дезинформации, како и за финансиската помош – донација доделена на радиодифузерите за справување со последиците од коронавирусот. На Поткомитетот беше покренато прашањето за пониските процент на исплатени средства на Агенцијата од законски предвидените, по што произлезе заклучокот *„да се обезбеди стабилно финансирање од државниот буџет, со тоа што зголемувањето ќе биде во линија со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“*

Агенцијата, на барање на Владата, достави мислење во однос на содржината на предлог-текстот на Извештајот на Владата на Република Северна Македонија по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

**Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Согласно Препораката на Владата за неодржување јавни масовни собири со цел превенција од појава и ширење на коронавирусот COVID-19, Агенцијата го одложи првиот јавен состанок за 2020 година, предвиден за крајот на месец март. Јавниот состанок се одржа на 30 јуни, преку видео конференциска врска. На него беа презентирани активности на Агенцијата согласно Годишната програма за работа во првите шест месеци на 2020 година, а посебен акцент беше ставен на Анализата за родот во емисиите за деца во 2019 година, во која се прикажани родовите аспекти во музичките, разговорните и мешаните емисии за деца емитувани на програмските сервиси МРТ1 и МРТ2 – Програма на албански јазик и националните терестријални телевизии ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма и ТВ Алсат-М.

Поради ситуацијата со пандемијата COVID-19 и останати јавните состаноци се одржаа преку видео конференциска врска. На вториот јавен состанок, одржан на 25 септември, покрај реализираните активности на Агенцијата, беа презентирани резултатите од Студијата „Утврдување на влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз работењето на традиционалните медиуми“, која за потребите на Агенцијата ја изработи истражувачки тим на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје, како и Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година.

Последниот јавен состанок се одржа на 25 декември, на кој покрај активностите од четвртиот квартал, спроведени согласно Годишната програма за работа на Агенцијата, беа презентирани и клучните наоди од Структурата на вработени во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2019 година.

**Комуникација со јавноста**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 12 јануари најостро ги осуди навредите и заканите упатени кон новинарката Мери Јордановска и апелираше надлежните институции да го испитаат случајот и да постапат по истиот. Агенцијата истакна дека новинарите, односно медиумите, работат во интерес на јавноста и се еден од главните коректори и промотори на демократските процеси, па оттаму секој вид на притисок, закани и напади врз новинари претставуваат загрозување на слободата на информирање и се апсолутно неприфатливи.

Закани беа упатени кон новинарката на ТВ Компани 21-М, Алмедина Исмајли, од страна на доскорешен член на Алијансата на Албанците, коишто Агенцијата ги осуди. Во реакцијата на 30 јануари беше посочено дека безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена. Секој вид на напад на новинарите, вклучително и вербалниот, е директен напад врз демократијата и слободата на говорот во едно општество.

Светскиот ден на радиото кое на 13 февруари, под покровителство на УНЕСКО се одржа по деветти пат, Агенцијата им го честиташе на сите радиостаници во земјава и ги повика да дадат сопствен придонес во неговото одбележување. Оваа година одбележувањето беше во знакот на разноликоста, а темите имаа за цел да го поттикнат плурализмот кај сите радио канали, да ги охрабрат редакциите да ангажираат лица од различни општествени групи, а разноликоста во уредувачката содржина и во програмите да го рефлектира диверзитетот на публиката.

Непосредно пред донесување на одлуката за распишување на Предвремените парламентарни избори, Собранието донесе Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, за што Агенцијата на 17 февруари ги информираше медиумите. Во соопштението беа посочени новите одредби и правилата за радиодифузерите доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за Предвремените парламентарни избори.

Преку соопштение, на 5 март, беше изразена загриженост во врска со шестмесечната условна затворска казна за главниот и одговорен уредник на „Инфомакс", Александар Митовски, поради одавање службена тајна. Притоа, беше посочено дека изрекувањето затворски казни за новинари кои информираат за теми од висок јавен интерес може да доведе до појава на автоцензура, а со тоа и до нарушување на слободата на информирање, слободата на изразување, но и на поширокиот јавен интерес. Агенцијата потсети дека една од суштинските задачи на медиумите е токму јавниот надзор над работата на политичките и јавните органи преку кој се гарантира нивната одговорност и транспарентност.

Согласно Препораката на Владата за неодржување јавни масовни собири со цел превенција од појава и ширење на корона вирусот (COVID-19), на 10 март, Агенцијата ја информираше јавноста дека ги откажува сите јавни настани предвидени за месец март. Беа откажани конференцијата за Медиумите и изборите: регулатива и пракса, влијание на дезинформациите врз резултатите од избори, којашто требаше да се одржи на 23 март, како и планираните работилници со радиодифузерите. Беше нагласено дека Агенцијата ќе биде континуирано достапна за сите прашања, телефонски или преку електронска адреса (списокот на вработени заедно со нивните контакт податоци е објавен на веб страницата на Агенцијата https://avmu.mk/contakti/), како и дека во различни фази од изборниот процес, ќе се објавуваат соопштенија со потсетувања за обврските на радиодифузерите, а сите материјали поврзани со Предвремените парламентарни избори 2020 ќе се објавуваат на веб страницата www.avmu.mk во банерот Избори 2020.

Со цел превенција од појава и ширење на корона вирусот, постапувајќи во согласност со Препораката на Владата, Агенцијата преку соопштение информираше дека во следниот период нема да работи со странки, односно до завршувањето на ограничувањата што ги препорачаа Владата и Министерството за здравство.

Агенцијата замоли сите субјекти, правни и физички лица, целокупната документација, видливо и читко скенирана или сликана, да ја доставуваат преку е-адресата: contact@avmu.mk, по што истата ќе биде заверена во деловодната книга, и испраќачот ќе биде повратно известен. Беше посочено дека на е-адресата contact@avmu.mk треба да се испраќаат и сите претставки, прашања и слично, при што странките треба да остават и податоци за контакт, а Агенцијата својот одговор ќе го испрати на е-адреса на испраќачот или пак телефонски ќе ги контактира странките.

Имајќи ја предвид специфичната положба на медиумите во услови на прогласена вонредна состојба поради корона вирусот, нивната општествено одговорна улога, како и можните последици врз нивното економско работење, Агенцијата на 19 март објави дека разгледува сет мерки со кои би се олеснила работата на радиодифузерите. Воедно, Агенцијата ги повика радиодифузерите на медиумските работници да им ги обезбедат неопходните заштитни средства со цел безбедно извршување на нивната работа.

Следниот ден Агенцијата истакна дека е свесна за улогата на медиумите во вонредната состојба и дека е можна појава на отстапки од програмскиот концепт за којшто им е доделена дозволата и за неможноста доследно да се почитуваат некои одредби од ЗААВМУ, но им порача на радиодифузерите да вложат максимални напори и да не ја користат пандемијата како изговор за непочитување на Законот. Во контекст на професионално и безбедно извршување на задачите, Агенцијата им препорача на медиумите да се придржуваат кон Насоките за безбедно и професионално известување за корона вирусот (COVID-19) на Здружението на новинари и на Советот за етика во медиумите на Македонија.

На 22 март, Агенцијата апелираше, на сите медиуми – електронски, печатени и онлајн медиуми, во услови на прогласена вонредна состојба да им се обезбеди еднаков пристап за известување и ја повика Владата и државните органи да овозможат пристап на сите медиуми на своите прес-конференции и слични настани и одговорите на сите неодговорени прашања на конференциите да бидат објавени на нивните веб страници. Воедно ги повика сите медиуми, без исклучок, да известуваат професионално, одговорно и без сензационализам.

За справување со последиците од корона вирусот, во март Агенцијата додели финансиска помош – донација, во вкупен износ од 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари. Во соопштението за јавност на 23 март, беше наведено дека најголемиот дел од средствата, односно 103.000.000,00 денари се доделуваат на радиодифузерите, и тоа: 73.000.000,00 денари на радиодифузерите (комерцијални и непрофитни) коишто во моментот на донесување на Одлуката вршат телевизиско или радио емитување и 30.000.000,00 денари се доделуваат на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија". Овие средства се доделуваат за заштита на нивните вработени преку набавка на заштитни средства, за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради корона вирусот и овозможување нивно непречено функционирање. Агенцијата соопшти дека по 1.000.000,00 денари се доделуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство, наменети за мерки и активности за заштита на нивните вработени преку набавка на заштитни средства и набавка на друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерствата за превенција, спречување, ширење и справување со последиците од корона вирусот. Во соопштението беше посочено дека на сите радиодифузери, кои во 2019 година и во 2020 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата, ќе им биде вратен уплатениот износ за надоместокот за дозвола за 2019 и за 2020 година, намален за износот на данокот на додадена вредност, додека на радиодифузерите на кои рокот за плаќање на годишниот надоместок за дозвола им доспева по донесување на Одлуката за донација, и тоа до крајот на 2020 година, Агенцијата нема да го побарува годишниот надоместок, туку ќе им издаде фактура чија висина содејствува само на износот на данокот на додадена вредност. Агенцијата информираше дека со сите субјекти ќе склучи договори за донација кои ќе стапат на сила веднаш по потпишувањето од страна на

договорните страни, а ќе се применуваат по добиеното позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда.

За одлуката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да додели финансиска помош – донација за справување со последиците од корона вирусот (COVID-19), во вкупен износ од 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари, директорот на Агенцијата говореше во емисијата „10 минути" на ТВ Компани 21-М и во вестите на телевизија Канал 5. Следниот ден, односно по потпишувањето на договорите за донација, директорот на Агенцијата, директорот на Јавниот сервис, министерот за внатрешни работи и заменикот министер за здравство дадоа изјави за вестите на МРТ1. На истата тема, директорот на Агенцијата имаше гостување во емисијата „Заспиј ако можеш" на ТВ Алфа.

Недоличното и вулгарно однесување на претседателот на политичката партија ГРОМ кон новинарот на ТВ 24 Вести Горазд Чомовски беше осудено од Агенцијата на 28 март. Агенцијата истакна дека медиумите се чувари на јавниот интерес и креатори на јавната свест и како такви, ослободени од закани и од притисоци, мора да им се овозможи непречено да си ја извршуваат својата работа. Во соопштението се апелираше дека сите, а особено политичарите, треба да бидат свесни за тежината на јавно искажаниот збор и да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на слободата на информирање, и беше апелирано да запрат сите форми на омаловажување и вербални навреди врз новинари и да се почитува достоинството на новинарската професија и личното достоинство на медиумските професионалци.

Со цел да и помогне на телевизијата Канал Вис од Струмица во санирање на последиците од пожарот, во којшто на 25 март беа опожарени телевизиското студио и техниката, Агенцијата на 29 март информираше дека ќе донира дополнителни финансиски средства за оваа телевизија. Агенцијата изрази надеж дека телевизијата набрзо ќе ја надмине оваа состојба и дека и понатаму ќе биде дел од медиумскиот плурализам на регионално ниво, односно дека ќе продолжи со емитување програма и содржини од значење за регионот Д4, којшто опфаќа повеќе населени места.

Агенцијата на 7 април информираше дека согласно донесената одлука на Владата, за забрана и посебен режим на движење на населението (полициски час) на целата територија на државата, архивата на Агенцијата, почнувајќи од 8 април, ќе работи со изменето работно време од 09:00 до 14:00 часот. Беше посочено дека како и во изминатиот период, сите субјекти, правни и физички лица, целокупната документација во јасно читлива скенирана форма, можат непречено да ја доставуваат и преку е-адресата: contact@avmu.mk.

Во врска со реакциите на медиумските работници за начинот на комуникација и степенот на транспарентност на владините институции и здравствените центри, Агенцијата на 21 април апелираше Владата и другите надлежни институции да ја унапредат комуникацијата со новинарите така што таа ќе биде отворена и двонасочна. Беше потенцирано дека во вонредна состојба исклучително е важно да им биде овозможено на новинарите професионално да ја извршуваат својата работа и да им биде даден простор за потпрашања на добиените одговори, а медиумите да ги почитуваат професионалните стандарди и принципи, особено кога станува збор за информации од висок степен на јавен интерес.

На 22 април преку соопштение беше информирано дека согласно донесената одлука на Владата за намалување на рестрикциите на движењето, односно измена на забраната и на посебниот режим на движење на населението (полициски час) на целата територија на државата и Одлуката за утврдување распоред на работното време, архивата на Агенцијата од 23 април ќе работи со полно работно време. Во соопштението беше посочено дека сите субјекти, правни и физички лица, како и во изминатиот период, целокупната документација во јасно читлива скенирана форма, можат непречено да ја доставуваат и преку е-адресата: contact@avmu.mk, за што испраќачот ќе биде повратно известен.

По повод Светскиот ден на медиумите, кој во услови на пандемијата од Ковид-19 на 3 мај глобално се одбележа под мотото „Новинарство без страв и наклонетост", Агенцијата повторно апелираше дека е неопходно да се вложат максимални напори за обезбедување заштита и безбедност на медиумските работници при извршување на професионалните задачи.

Во врска со навредите упатени кон новинарот на ТВ 24 Вести Мишко Иванов, на социјалната мрежа Facebook по завршување на двете интервјуа со лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, Агенцијата на 7 мај апелираше да не се навредуваат новинарите и повторно повика да се почитува достоинството на новинарската професија и личното достоинство на медиумските професионалци.

Агенцијата на 29 мај ги осуди заканите коишто беа упатени кон новинарската екипа на ТВ Клан Македонија во кумановско, и потсети дека ваквите појави претставуваат загрозување на слободата на информирање.

Поради појавата на непроверени и нецелосни информации поврзани со бројот на заболени од Ковид-19 во државава, на 8 јуни Агенцијата потсети дека во ваква ситуација точното и навремено информирање на граѓаните е врвен приоритет и од суштинско значење за јавниот интерес. Агенцијата повторно апелираше надлежните органи да дистрибуираат целосни информации до сите медиуми истовремено и на сите да им овозможат еднаков пристап до нив. Истовремено, Агенцијата ги повика медиумите, имајќи ја предвид нивната општествено одговорна улога, при своето работење да се водат од професионалните новинарски стандарди и принципи, а не од принципот на ексклузивитет.

Истиот ден, преку соопштение, Агенцијата информираше за дописот на ТВ Компани 21-М, со кој реагират на обвинувањата од лидерот на политичката партија Алијанса на Албанците дека телевизијата преку емисијата „ЕУ Клик" користи ЕУ фондови за промоција на кампањата на ДУИ. ТВ Комапни 21-М имаше наведено дека емисијата не се користи за предизборни кампањи и дека гостите во емисијата, чиј состав е разнолик, се повикувани во зависност од темите што се обработуваат. Агенцијата посочи дека со мониторинзите за начинот на известување на радиодифузерите и застапеноста на политичкиот плурализам не се забележани неправилности во однос на ТВ Комапни 21-М. Во соопштението беше истакнато дека известувањето на медиумите може да се оценува само врз основа на мониторинг, спроведен според научно утврдена методологија, а не врз личен впечаток или интереси. Имајќи го ова предвид, Агенцијата повика, сите, а особено политичките субјекти да се воздржат од јавно изнесување на паушални оценки затоа што ваквото постапување не само што наштетува на угледот на медиумите, туку претставува и притисок врз нив, со што сериозно се загрозува слободата на изразување и информирање.

Во врска со објавата на Движењето Беса преку Фејсбук статус дека е поднесена кривична пријава против Агенцијата и претседателот на Советот на Агенцијата заради *„пречекорување на овластувањата и злоупотреба на службената должност, сакајќи да им му наштети на Движењето БЕСА"*, на 18 јуни Агенцијата ја извести јавноста, а на Беса и укажа, дека во Изборниот законик е точно утврдено дека право на изборна кампања имаат само учесниците во изборната кампања, а тоа се листи на кандидати за избор на пратеници кои се потврдени од ДИК. Во соопштението беше посочено дека изјавите за поднесена кривична пријава не може да се сфатат никако поинаку освен како обид за притисок врз Агенцијата.

Агенцијата на 21 јуни најостро ги отфрли обвинувањата дадени во изјавата на портпаролката на СДСМ, дека Агенцијата ја става партијата ВМРО-ДПМНЕ во повластена положба и дека на Движењето БЕСА му се нанесува штета. Движењето Беса, според листите на кандидати потврдени од ДИК, е дел од Коалицијата Можеме, и според тоа може да добие минути за ППР исклучиво во рамките на минутите доделени за оваа коалиција. Воедно беше апелирано, во иднина, политичките партии, наместо вградување свои решенија, креирањето на изборната легислатива да го оставата на професионалците, бидејќи легислативата е еден од најзначајните предуслови за спроведување демократски избори.

На 23 јуни, директорот д-р Зоран Трајчевски беше гостин во емисијата „Топ Тема" на ТВ Телма. Тема на емисијата беше изборниот процес за Предвремените парламентарни избори 2020 година, во која учествуваше и претседателот на Државната изборна комисија Оливер Дерковски.

Агенцијата на 25 јуни информираше дека со мониторингот на изборното медиумско претставување на првиот ден од кампањата за Предвремените парламентарни избори 2020 година, констатирано е дека повеќе телевизии, спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик, емитуваа платено политичко рекламирање (ППР) во кое учествуваат малолетници. Беше посочено дека за содржината на ППР одговорноста е кај нарачателите, но радиодифузерите се одговорни за законитоста на неговото емитување, па оттаму радиодифузерите веднаш да престанат да ги емитуваат овие спотови, а учесниците во изборната кампања да го усогласат нивното платено политичко рекламирање со законите.

Со мониторингот на изборното медиумско претставување од кампањата за Предвремените парламентарни избори 2020 година, Агенцијата повторно констатираше дека одредени телевизии емитуваат ППР во кое има малолетници. Во соопштението на 30 јуни Агенцијата предупреди дека од следниот ден секое емитување на ППР во кое има малолетници ќе биде предмет на прекршочна постапка.

На 2 јули беше објавено дека до Агенцијата пристигна Претставка од Демократската унија за интеграции - ДУИ, во која таа реагира на организирањето дебатни емисии на програмите на медиумите. Веднаш беше направен увид во податоците од мониторингот на дотогашното изборно медиумско претставување, и радиодифузерите и учесниците во изборната кампања беа потсетени на правилата кои важат во периодот на изборната кампања.

Согласно залажбите за транспарентност и отчетност и следејќи ја воспоставената пракса за објавување на трошоците на директорот д-р Заран Трајчевски на секои шест месеци, Агенцијата на почетокот на јули ја извести јавноста дека во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2020 година, директорот Трајчевски, при вршење на својата функција, има направено трошоци во вкупен износ од 133.874 ,00 денари, и тоа за патувања во странство - 46.824,00 денари, од кои за авионски билети - 19.155,00 денари и за хотелско сместување - 27.669,00 денари; трошоци за репрезентација во земјава (угостителски услуги) - 70.145,00 денари и за службен мобилен телефон - 16.905,00 денари.

На 6 јули Агенцијата ги потсети радиодифузерите на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење согласно Изборниот законик, поврзани со Предвремените парламентарни избори 2020.

Почнувајќи од 13 јули, заклучно со 21:00 часот на 15 јули, важеа правилата за изборен молк, за што Агенцијата на 11 јули ги извести медиумите и воедно ги потсети на сите обврски кои треба да се почитуваат во тој период.

При проверка на начинот на известување на радијата и телевизиите за време на изборниот молк, Агенцијата констатираше дека ТВ Телма, ТВ Алсат-М и Македонско радио прва програма – МРА1, го прекршиле истиот објавувајќи аудиовизуелни материјали за носител на функција во органите на власта, за што ја извести јавноста на 14 јули (за ТВ Телма и ТВ Алсат – М), односно на 15 јули (за МРА1). Истовремено, Агенцијата информираше дека за трите радиодифузери се покренати прекршочни постапки.

Агенцијата на 17 јули соопшти дека е непријатно изненадена од фејсбук-статусот на министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски, дека Агенцијата е политизирана затоа што поднела прекршочни постапки против Телма и Алсат-М за прекршување на изборниот молк. Агенцијата го повика министерот да го прочита Изборниот законик пред јавно да изнесува или да споделува мислења, како и дотогашните извештаи на ОБСЕ/ОДИХР, во кои редовно позитивно е оценета работата на Агенцијата

или Изјавата за прелиминарни наоди и заклучоци на Специјалната мисија за проценка на изборите на ОБСЕ, во која, исто така, се нотирани повреди на изборниот молк на традиционалните медиуми.

Имајќи ја предвид потребата да бидат презентирани сите факти, а не само ставот на ТВ Телма по повод жалбата на Агенцијата против пресудата за прекршување на изборниот молк, изнесен во реакцијата на телевизијата во нејзините вести, Агенцијата на 22 јули ја извести јавноста дека во време на изборен процес, основната надлежност на Агенцијата е доследно спроведување на Изборниот законик во делот на изборното медиумско претставување, што значи дека редовно се следи известувањето на медиумите и доколку се констатираат прекршувања се покренуваат прекршочни постапки.

На 24 јули најостро беше осуден нападот на новинарот Љупчо Златев и беше потсетено дека нападите врз новинарите претставуваат загрозување на слободата на медиумите и на слободата на информирање, а секој вид на притисок води кон уназадување на демократските процеси. Агенцијата ги осуди и заканите упатени преку социјалната мрежа „Фејсбук" кон новинарката на „Слободен печат", Мирослава Брнс, и потсети дека ваквите појави се апсолутно неприфатливи.

Советот на Агенцијата на 28 јули, преку соопштение за јавност, категорично ги отфрли наводите на Здружението на новинари на Македонија дека директорот на Агенцијата, на седницата одржана на 15 јули се обидел да влијае на членовите на Советот да донесат одлука на штета на телевизиите Алсат-М и Телма. Советот посочи дека обраќањето на директорот на Агенцијата во врска со прекршувањето на ТВ Телма на изборниот молк, во кое тој изнесува добиени информации, не може да се толкува како обид за влијание. Напротив, членовите на Советот треба да бидат запознаени со се што се случува во медиумската сфера, особено кога станува збор за сериозни прашања како вршење притисок врз медиумите.

На 31 јули, Агенцијата преку соопштение за јавност истакна дека е загрижена за состојбата со слободата на информирање, поради одлуката на Основното јавно обвинителство да покрене обвинение против новинарот и главен уредник на порталот „Лидер", Љупчо Златев, поради објавување интерни документи од Управата за безбедност и контраразузнавање. Агенцијата апелираше новинарите да ги почитуваат професионалните и етичките новинарски стандарди, да информираат објективно, непристрасно, а институциите да имаат предвид дека покренувањето обвиненија против новинари за објавување информации негативно се одразува врз слободата на медиумите и врз напорите за заштита на јавниот интерес.

На 10 септември беше осуден нападот на новинарската екипа на Ал Џазира, кој се случи за време на протест во Скопје. Агенцијата потсети дека ваквите појави претставуваат загрозување на слободата на изразување и на правото на информирање на јавноста и посочи дека на медиумите треба да им се обезбедат услови за професионално работење, а медиумските работници во ниту еден момент не смеат да бидат попречени во вршењето на своите работни задачи.

За течењето на роковите за регистрација во ДИК и за доставување ценовници за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип, закажани на 13 декември 2020 година, Агенцијата ги информираше медиумите на 4 октомври.

Заканите со тужба од страна на директорката на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, упатени кон онлајн медиумот „А1он" поради објавување текстови поврзани со ЕУ проекти спроведувани од оваа Агенција, беа повод за реакција на регулаторот на 13 октомври. Во соопштението беше наведено дека заканите со тужби, наместо со поставување аргументи или користење на правото на исправка или одговор, претставуваат директен притисок врз работата на медиумите и обид за цензура, па оттаму секој вид на закани и притисоци врз новинари претставуваат загрозување на слободата на информирање и се апсолутно неприфатливи. Агенцијата потсети дека во ниту еден момент не треба да се

заборави дека улогата на медиумите е да отвараат прашања од јавен интерес и треба да се поттикнуваат темелно и професионално да ги извршуваат своите обврски и навремено да ја информираат јавноста. Истовремено, медиумските работници треба да се придржуваат до новинарските стандарди, да ги проверуваат информациите пред нивното објавување и да ги земат предвид сите релевантни извори.

Во врска со јавно искажаните реакции дека во дневно-информативните изданија на националната телевизија ТВ Телма отсуствуваат информации за активностите и ставовите на најголемата опозициска партија за актуелни општествено-политички прашања, Агенцијата на 23 ноември преку соопштение потсети дека еден од основните програмски принципи на кои се темелат програмите на радиодифузерите е објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања. Во соопштението беше посочено дека медиумите се самостојни и независни при креирањето на уредувачката политика, но политичкиот плурализам е витален за развој и зачувување на демократските општества. Токму затоа медиумите мора да бидат свесни за својата улога и одговорност во креирањето на јавното мислење, односно обврската кон јавноста програмите да бидат отворени за различни политички гледишта.

Недоличното однесување на пратеникот и лидер на политичката партија Левица, професор Димитар Апасиев кон новинарките Габриела Димковиќ – Мишевска и Мери Јордановска од онлајн медиумот „А1он", беше осудено на 8 декември. Во соопштението беше посочено дека медиумите се еден од столбовите на демократијата и како такви треба да бидат ослободени од секаков вид на притисоци и закани, и сите, а особено политичарите и носителите на јавни функции треба да се воздржат од омаловажување, дискредитирање и етикетирање на новинари. Агенцијата уште еднаш потсети на неопходноста од почитување на европските стандарди за слобода на информирање и апелираше да не се употребува јазик којшто може да ги поткопа овие вредности.

На 23 декември беше информирано дека во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022" и регионалниот проект „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС)" е изработена студијата Политичко рекламирање: Компаративна студија за состојбите во земјите од Југоисточна Европа. Студијата, во чија изработка учествуваше Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и регулаторните тела корисници на ЈУФРЕКС, се осврнува на политичкото рекламирање за време на изборните кампањи од аспект на медиумските регулатори и дава насоки во согласност со европските стандарди и најдобрите пракси на тоа поле.

Истиот ден, Агенцијата информираше и за резултатите од двата извештаи од мониторингот - за начинот на известување на радиодифузерите за време на изборната кампања и за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот од 21 ноември до 10 декември. Двата извештаи се достапни на веб страницата на Агенцијата.

Согласно заложбите за транспарентност и отчетност и следејќи ја воспоставената пракса за објавување на трошоците на директорот Зоран Трајчевски на секои шест месеци, Агенцијата на 31 декември ја извести јавноста дека во периодот од 1 јули до 31 декември 2020 година, директорот Трајчевски, при вршење на својата функција, има направено трошоци во вкупен износ од 113.268,00 денари, и тоа трошоци за репрезентација – 96.140,00 денари и за службен мобилен телефон – 17.128,00 денари.

**Редовно ажурирање на веб страницата на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, во 2020 година постојано се ажурираше веб страницата www.avmu.mk на три јазика: македонски, англиски и албански. Имено, беа објавувани информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред известени се сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- изречените мерки јавна опомена на радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и печатените медиуми;
- извештаите од извршените надзори врз телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и печатените медиуми;
- ажурираните регистри на телевизии, радија, печатени медиуми, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање;
- издадените потврди за регистрирање програмски пакети;
- регистарот на застапници на програмски сервиси и филмски, спортски и други права и регистрираните пакети и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- барањата и одговорите за информации од јавен карактер;
- поднесените претставки до Агенцијата и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата (од јануари до декември) каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво.

**Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

Во текот на годината беа објавени снимки од трите јавни состаноци на Агенцијата, како и повеќе видеа на македонски и албански јазик кои беа изработени за потребите на Деновите на медиумска писменост 2020 – најави за почетокот на Деновите на медиумска писменост, видео со клучните поенти од тркалезната маса за медиумската писменост и образованието, кратко видео од настанот „Род, плати и радиодифузија", кратко видео од вебинарот „Борба против дезинформации, во услови на пандемијата на Ковид - 19".

Ажурирање на содржините на Facebook страната на Агенцијата

Во текот на 2020 година, Агенцијата на својата Facebook страница редовно ги споделуваше сите најави за седниците на Советот на Агенцијата и за јавните состаноци кои се одржаа преку видео конференциска врска. На Facebook страницата беа објавени сите информации за одржани настани и активности – работната посета на Делегацијата предводена од заменик претседателот на Владата за европски прашања д-р Бујар Османи, донацијата за Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, МРТ и останатите радиодифузери за справување со последиците од корона вирусот (COVID-19), информации и видеа поврзани со настаните реализирани во рамки на Деновите за медиумска писменост 2020, како и трите

инфографици на Агенцијата во кои беа популаризирани наодите од истражувањата за родовата структура на сопственоста, на вработените и на платите.

**Постапувања по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2020 година беа поднесени 13 барања за информации од јавен карактер. На девет барања беше одговорено позитивно, на три барања беше одговорено делумно позитивно, а едно барање беше отфрлено поради тоа што Агенцијата не располагаше со бараната информација од јавен карактер.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Внатрешните ревизии кои беа извршени во 2020 година беа предвидени со Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2020 до 2022 година (бр.02-5293/1 од 06.12.2019 година) и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година (бр.02-5294/1 од 06.12.2019 година). Веднаш по донесувањето, во законски предвидениот рок, Агенцијата ги достави овие два документа до Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии на РС Македонија.

Стратешкиот и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија беа засновани на анализи и проценки на ризик, како и врз согледување на реално поставените цели, приоритетите и мерките кои требаше да се превземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење ревизии.

Во Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година беа предвидени две ревизии, од кои првата беше планирана да трае пет месеци (од јануари до мај 2020 година), а втората четири месеци (од јуни до септември 2020 година).

Првата ревизија беше извршена врз начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила во Агенцијата, и тоа во периодот од 13 јануари до 31 август 2020 година. Целта на ревизијата беше да се утврди дека управувањето и одржувањето на службените моторни возила во Агенцијата се во согласност со критериумите утврдени од Агенцијата.

Втората ревизија беше спроведена врз канцелариското и архивското работење и истата е извршена во периодот од 9 октомври до 30 декември 2020 година. Целта на оваа ревизија беше да се утврди дека процесот за канцелариско и архивско работење во Агенцијата е во согласност со законските и подзаконските барања и во согласност со критериумите утврдени во Агенцијата.

За секоја од овие ревизии беше подготвен извештај во кој е наведено мислењето на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешната контрола и усогласеноста на активностите на процесите кои беа предмет на ревизијата со закони и подзаконските акти што ги уредуваат тие прашања.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година се однесуваше на планирани расходи во износ од 243.132.275,00 денари и планирани приходи во износ од

243.132.275,00 денари. Во усвоениот финансиски план беа предвидени активности согласно надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2020 година се однесуваа на приходи кои беа планирани да се остварат од Буџетот на РСМ за изборните процеси во 2020 година во износ од 5.110.000,00 денари, планирани приходи од финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 72.500.000,00 денари, планирани приходи од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 37.800.000,00 денари, планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 9.600.000,00 денари, планирани приходи од транзитни фактури во износ од 700.000,00 денари и пренесени вишок средства од минати години во износ од 117.422.275,00 денари. Вкупно беа планирани приходи во износ од 243.132.275,00 денари.

Вкупните остварени приходи во 2020 година изнесуваат 111.252.607,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори:

- Приходи од Буџетот на РСМ за изборните процеси во 2020 година (предвремени парламентарни избори и предвремени локални избори за избор на градоначалници на општина Штип и општина Пласница) во износ од 1.734.546,00 денари;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 69.581.131,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 29.185.144,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.190.517,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 479.587,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 32,00 денари и
- Други приходи во кои влегуваат и тендерските документации во износ од 81.650,00 денари.

Владата на РСМ, со Одлука бр.44-1682/1 од 18.02.2020 година, за изборните активности во 2020 година (предвремени парламентарни избори и предвремени локални избори во Општина Штип и Општина Пласница) и одобри на Агенцијата средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од 5.277.000,00 денари. Овие средства беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси и беа префрлени на посебна сметка. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа искористени вкупно 1.342.011,00 денари со вклучен ДДВ;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload), за период од два месеци беа потрошени средства во вкупен износ од 337.716,00 денари и
- за потрошен информатички материјал беа потрошени средства во вкупен износ од 49.720,00 денари.

Исто така, од оваа сметка се платија и банкарски провизии, месечни провизии и дополнителни средства за затворање на сметката, во вкупен износ од 7.587,00 денари.

Неискористените средства во вкупен износ од 3.539.966,00 денари, Агенцијата ги врати на трезорската сметка на Министерството за финансии.

Согласно член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248 од 31.12.2018 година), средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонската Радиотелевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на РСМ, во висина од 0,8% до 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот.

Средствата се распределени на следниов начин:

- 74,5% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко – технолошки развој,
- 19,5% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 6% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 25.11.2020 година, од страна на Министерството за информатичко општество и администрација добивме Известување (наш арх.бр.03-4396/1 од 02.12.2020 година) дека со донесувањето на измените и дополнувањето на Законот за буџетот на РСМ („Службен весник" бр.262/20), средствата на ставката 461-Субвенции за јавни претпријатија, им се скратени за 50 милиони денари. Од таа причина, Министерството за информатичко општество и администрација, во месец декември 2020 година на Агенцијата и исплати 3.000.000,00 денари наменети за финансирање на радиодифузната дејност, наместо месечниот износ од 6.000.000,00 денари кој Агенцијата го добиваше во изминатите 11 месеци. Истовремено не извести дека поради здравствената и економска криза која ја предизвика пандемијата со Ковид 2019 вирусот, очекуваат буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација за наредната 2021 година повторно да биде скратен во сите ставки, вклучувајќи ја и ставката за исплата на субвенции за јавните претпријатија.

Согласно горенаведеното, во 2020 година Министерството за информатичко општество и администрација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и исплати 69.000.000,00 денари. Оваа исплата се одвиваше на месечно ниво.Агенцијата во 2020 година оствари приходи и од наплата на радиодифузна такса, кои на сметката на Агенцијата се евидентира на дневна основа и истите изнесуваат 581.131,00 денари.

Вкупните приходи кои се остварени во 2020 година за финансирање на радиодифузната дејност и наплата на радиодифузна такса изнесуваат 69.581.131,00 денари.

Вкупно остварените средства од дозволи за телевизиско и радио емитување во 2020 година изнесуваат 29.185.144,00 денари. Агенцијата, поради неплаќање на надоместокот во законски утврдениот рок, односно непочитување на член 80 став 5 од ЗААВМУ, ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на следниот радиодифузер:

- ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.

Од регистарот на радиодифузери, по други основи, се избришани и следните радиодифузери:

- ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје;
- ТРД ТВ КИСС Злате ДООЕЛ Тетово;
- ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница и
- ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.

Поради непочитување на член 80 став 5 од ЗААВМУ Агенцијата ја одзеде дозволата за радио емитување на следните радиодифузери:

- ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово;
- ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга и
- ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.

Сите останати радиодифузери, по основ на издадени фактури, го платија надоместокот за дозвола за телевизиско или радио емитување.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2020 година додели дозвола и на една телевизија која емитува програма на регионално ниво преку ОЈЕКМ, односно Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА М НЕТ-ХД ДООЕЛ Штип.

Согласно член 142, став 2 од ЗААВМУ, Агенцијата остварува приходи и од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Тие приходи во 2020 година изнесуваат 10.190.517,00 денари.

Во 2020 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 479.587,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 32,00 денари.

Агенцијата, исто така, оствари и други приходи во износ од 81.650,00 денари, од кои поголем дел се уплати за тендерски документации за јавни конкурси за доделување дозволи за телевизиско и радио емитување.

Кон крајот на 2019 година Агенцијата донесе одлука (наш арх.бр.05-5298/1 од 06.12.2019 година) за доделување финансиска помош – донација за санирање на последиците од земјотресот што се случи на 26.11.2019 година во Драч, Република Албанија. За таа цел, Агенцијата потпиша договор со Црвен Крст на РСМ за да се префрлат средства во износ од 1.000.000,00 денари и истите Агенцијата ги префрли во јануари 2020 година.

На 25.03.2020 година Агенцијата донесе одлука (наш арх.бр.05-1343/1) за доделување финансиска помош – донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID – 19. Со оваа Одлука се додели финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19, во вкупен износ од 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари, од кои:

- 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија" за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот;
- 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните

последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување нивно непречено функционирање;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на РСМ од епидемија на 2019-nCov и
- 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на РСМ за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства и набавка на друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување, ширење и справување со последиците од Коронавирусот.

Средствата во износ од 73.000.000,00 денари се доделуваа само на оние радиодифузери кои во моментот на донесување на оваа Одлука имаа дозвола за телевизиско или радио емитување и беа распределени на следниов начин:

- на 116 радиодифузери, кои во 2019 година го имаа платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, им беше вратен уплатениот износ за надоместокот за дозвола за 2019 година, намален за износот на данокот на додадена вредност;
- на 98 радиодифузери, кои во 2020 година го имаа платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, им беше вратен уплатениот износ за годишен надоместок за дозвола, намален за износот на данокот на додадена вредност и
- на 18 радиодифузери на кои во моментот на донесување на оваа Одлука не им беше доспеан рокот за плаќање на годишниот надоместок за дозвола, а им доспеа до крајот на 2020 година, Агенцијата им издаде фактура чија висина соодветствуваше на износот на данокот на додадена вредност, пресметан врз основа на висината на нивниот годишен надоместок за дозвола.

Исто така, во 2020 година Агенцијата донесе Одлука (наш арх.бр.05-1808/1 од 02.04.2020 година) за доделување финансиска помош – донација на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица во износ од 3.000.000,00 денари, за санирање на последици од пожар. Целта на Агенцијата беше поддршка на активностите на радиодифузерот при санирање на последиците од пожарот кој го зафати на 25.03.2020 година, односно за продолжување со емитување програма и содржини од значење за регионот Д4 – Босија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран и Гевгелија).

<u>Согласно горенаведеното, вкупно направените расходи во 2020 година изнесуваат 187.966.581,00 денари.</u>

Направените расходи се однесуваат на следните цели:

- за потрошени суровини и материјали, односно за набавка на ситен инвентар во употреба, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 985.821,00 денар;
- за потрошена електрична енергија, во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија, се потрошени средства во износ од 1.881.847,00 денари;

- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување и сервис на компјутерскиот систем на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, за одржување на постојната WEB страна на Агенцијата, за одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми (НАВС), за одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи", за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 4.012.953,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 346.240,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.337.420,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 291.071,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во Република С.Македонија, се потрошени средства во износ од 1.125.054,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, стручна литература и интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на РСМ и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 191.018,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 23.662,00 денари;
- за одржување на работилници и организација на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 888.969,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 81.217,00 денари;
- за осигурување на опремата која ја поседуваме, како и деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 205.829,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 199.783,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 118.005,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 927.176,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 9.033.415,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 2.406,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА) и други видови членарини, се потрошени средства во износ од 222.300,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања, и тоа: надворешни соработници за мониторинг во Сектор за програмски работи, правници во Сектор за правни работи, еден надворешен соработник во Сектор за стратешко планирање и авторски

права, еден надворешен соработник во Сектор за поддршка на работата на директорот и на советот, надворешни соработници во Сектор за информатичка поддршка и општи работи, за ангажирање на биро за преведување и одржување на хигиената во деловните простории се потрошени средства во износ од 2.832.884,00 денари;

- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 422.987,00 денари;
- за нотарски услуги и услуги од извршители се потрошени средства во износ од 8.705,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 32.404,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и за обезбедување податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиите кои не се предмет на електронско мерење се потрошени средства во износ од 2.808.575,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на WEB страната на Агенцијата, за службени огласи, за доставување сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011), односно за пренос на податоци од дапечински локации и за други трошоци се потрошени средства во износ од 3.163.708,00 денари;
- за доплата на рати за купеното службено моторно возило на Агенцијата се потрошени средства во износ од 456.894,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема се потрошени средства во износ од 9.438.899,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен и за ISO (9001:2015) сертификација по постоечки договор се потрошени средства во износ од 29.441,00 денари;
- за помош и донации се потрошени средства во износ од 99.287.405,00 денари;
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 44.691.569,00 денари и
- за даноци и придонеси кои се однесуваат на отпис на ненаплатените побарувања се потрошени средства во износ од 2.918.924,00 денари.

Вкупно реализираните расходи во 2020 година, во однос на вкупно остварените приходи во 2020 година, се поголеми за 76.713.974,00 денари.

Бр. 01-1231/1
25.03. 2021 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# 1. ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ

**ПРИЛОГ БР. 1**

**Поведени прекршочни постапки за констатирани прекршувања за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година**

| 1. Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 76-б став 3 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво на 13 и на 14 јули 2020 година, во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во коишто има изјави на носител на функција во органите на власта (предадени како директно обраќање). |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 15.07.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2926/1 од 15.07.2020 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2926/1 од 15.07.2020 година;<br>2. Пресуда XVIII ПРК-О-376/20 (наш арх бр.03-2926/3 од 21.07.2020) од Основен кривичен суд Скопје, со која ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и Атанас Кировски СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ОДГОВОРНОСТ;<br>3. Жалба на Агенцијата бр.03-2926/4 од 22.07.2020 година;<br>4. Одговор на жалба (наш арх. бр.03-2926/5 од 23.07.2020 година) од страна на обвинетите (ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и Атанас Кировски), преку Адвокатска канцеларија Дукоски;<br>5. Поднесок во врска со Одговор на жалба од Агенцијата (наш арх.бр.03-2926/6 од 24.07.2020 година);<br>6. Пресуда ПРКЖ-1025/20 од 28.07.2020 година (наш арх.бр.03-2926/7 од 02.09.2020 година) од Апелационен суд Скопје, со која Жалбата на Агенцијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА, а Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје ПРК-О-376/20 од 17.07.2020 година СЕ ПОТВРДУВА. |

| 2. Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 76-б став 3 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, за време на изборниот молк на 13 и на 14 јули 2020 година, во неколку дневноинформативни изданија (емитувани како посебни емисии или во рамки на други емисии) емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во коишто има изјави на носител на функција во органите на власта (предадени како директно обраќање, прекажани или во пишана форма на телоп). |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 15.07.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2927/1 од15.07.2020 година |
| Тек на постапката | Во тек |

| | |
|---|---|
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2927/1 од 15.07.2020 година;<br>2. Пресуда 15ПРК-О-377/20 (наш арх. бр.03-2927/3 од 29.09.2020 година) од Основен кривичен суд Скопје, со која ТРД АПСАТ-М ДОО Скопје и Ферик Велија СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ОДГОВОРНОСТ;<br>3. Жалба на Агенцијата бр.03-2927/4 од 29.09.2020 година;<br>4. Одговор на жалба (наш арх. бр.03-2927/5 од 26.10.2020 година) од страна на обвинетите (ТРД АПСАТ-М ДОО Скопје и Ферик Велија);<br>5. Поднесок во врска со Одговор на жалба бр.03-2927/6 од 28.10.2020 година;<br>6. Одговор на жалба (наш арх. бр.03-2927/7 од 02.12.2020 година) од страна на второобвинетото лице Ферик Велија - одговорно лице на радиодифузерот (ТРД АПСАТ-М ДОО Скопје);<br>7. Поднесок во врска со доставен одговор на жалба бр.03-2927/8 од 04.12.2020 година. |

| 3. Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио -Прв програмски сервис | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 76-б став 3 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, на 14 јули 2020 година, во неколку дневноинформативни изданија емитувани како посебни емисии/уредувачки осмислени аудиоцелини, емитуваше прилози за активности на Министерството за внатрешни работи за спречување потенцијален криминал поврзан со изборниот процес, во кои е емитувана изјава на носител на функција во органите на власта. |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 16.07.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-2951/1 од 16.07.2020 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2951/1 од 16.07.2020 година;<br>2. Пресуда XVIII-О-378/20 на Основен кривичен суд Скопје (наш арх. бр.03-2951/3 од 22.07.2020 година), со која ЈРП Македонска радиотелевизија Скопје, Македонско радио - Прв програмски сервис и одговорното лице Марјан Цветковски ги огласи за ВИНОВНИ и им изрече прекршочни санкции - глоби (за ЈРП МРТ МРА1 800 евра, а за одговорното лице 200 евра);<br>3. Жалба на Агенцијата бр.03-2951/4 од 23.07.2020 година;<br>4. Пресуда ПРКЖ-1026/20 од 30.07.2020 година (наш арх. бр.03-2951/5 од 02.09.2020 година) на Апелациониот суд Скопје, со која Жалбата на Агенцијата СЕ УВАЖУВА, а Пресудата на Основниот кривичен суд ПРК-О-378/20 од 20.07.2020 година СЕ ПРЕИНАЧУВА во делот на одлуката за прекршочната санкција, така што на обвинетото правно лице - ЈРП МРТ Скопје, Македонско радио - Прв програмски сервис кое со првостепената пресуда е огласено за виновно, МУ СЕ ИЗРЕКУВА прекршочна санкција глоба во износ од 2.000 евра (123.000,00 денари), а на обвинетиот Марјан Цветковски од Скопје како одговорно лице во правното лице, кој со првостепената пресуда е огласен за виновен, МУ СЕ ИЗРЕКУВА прекршочна санкција глоба во износ од 600 евра (36.900,00 денари). Во останатиот дел првостепената пресуда СЕ ПОТВРДУВА. |

| 4. Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка 6 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, за време на изборната кампања од 24 јуни до 12 јули 2020 година:<br>- Во вкупно 19 (деветнаесетте) дневноинформативни изданија на Вестите во 18 часот и 55 минути, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 4 (четири) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не информираше за ДПА, ниту пак за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања. Притоа, наместо за сите овие 4 учесници во изборната кампања (Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, ДУИ, Коалиција Можеме и ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија), со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници (по 6 листи) и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време во Вестите, известуваше со различен обем. Најмногу време беше отстапено за активностите на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива. Исто така, одвои различно време и за директни обраќања (тонски изјави) на учесниците во изборната кампања. Најмногу директни обраќања им се овозможени на претставниците на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива (двојно повеќе отколку за второзастапената ДУИ, а потоа следат останатите). Освен што не обезбеди квантитативна избалансираност во известувањето за изборната кампања во согласност со барањата од Изборниот законик, покажа и квалитативна разлика при медиумското покривање на учесниците во кампањата. Емитуваше повеќе прилози - коментари/осврти, во траење од 25 минути и 21 секунда, критички насочени кон еден од учесниците во кампањата - владејачката партија ДУИ, кои со обемот и зачестеноста во периодот на кампањата, му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка;<br><br>- Во посебните информативни емисии пак, реализирани како интервјуа и дебати, и повеќепати репризирани, обезбеди пристап само на претставници од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, со што не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 28.07.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-3048/1 од 28.07.2020 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-3048/1 од 28.07.2020 година;<br>2. Пресуда 15ПРК-О-397/20 од 29.07.2020 година (наш арх. бр.03-3048/3 од 29.09.2020 година) на Основниот кривичен суд Скопје, со која обвинетите се огласуваат за виновни и им се изрекуваат прекршочни санкции глоби, и тоа: на правното лице - глоба во износ од 1200 евра (74.160,00 денари) и на одговорното лице во правното лице - глоба во износ од 400 евра (24.720,00 денари). |

| 5. Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка 6 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, за време на изборната кампања од 24 јуни до 12 јули 2020 година:<br>- Во вкупно 19 (деветнаесетте) дневноинформативни изданија на Дневникот во 19 часот, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 5 (пет) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не објави информации за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања. Притоа, наместо за учесниците во изборната кампања со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања да издвои приближно исто време, во вестите известуваше со различен обем. Најмногу време беше одвоено за ДУИ, меѓутоа во голем дел од одвоеното време контекстот беше негативен. Беа емитувани и повеќе прилози во кои не беше субјект ДУИ, туку други категории субјекти застапени во вестите, во кои се критикуваа отстапувањата од реализацијата на претходни програмски цели и ветувања, кои му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка;<br><br>- Во посебните информативни емисии реализирани како интервјуа им отстапи простор само на партиите и коалициите кои беа дел од претходниот парламентарен состав, со исклучок на ДПА. Во посебните информативни емисии реализирани како дебати, исто така, остана концентрирана на овие учесници во изборната кампања (Коалицијата Можеме, Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Коалицијата Обнова на Македонија и ДУИ), со што не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 28.07.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-3049/1 од 28.07.2020 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-3049/1 од 28.07.2020 година;<br>2. Пресуда XVIII ПРК-О-398/20 од 29.07.2020 година (наш арх. бр.03-3049/5 од 02.09.2020 година) на Основниот кривичен суд Скопје, со која обвинетите се огласуваат за виновни и им се изрекуваат прекршочни санкции глоби, и тоа: на правното лице - глоба во износ од 800 евра (49.280,00 денари) и на одговорното лице во правното лице - глоба во износ од 200 евра (12.320,00 денари). |

**ПРИЛОГ БР. 2**

**Поведена прекршочна постапка за констатирано прекршување за време на Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип во 2020 година**

| 1. Трговско радиодифузнодруштво телевизија ИРИС ДОО Штип | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | Член 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на својот програмски сервис емитуван на регионално ниво – при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и на Општина Штип 2020 година, во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните емисии (во Вестите во 20 часот) во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници, на начин што:<br>- во вкупно 14 (четиринаесет) дневноинформативни изданија на Вести во 20 часот, наместо да известува за активностите на сите кандидати за градоначалници – учесници во изборната кампања за локалните избори во Општина Штип, информираше за активностите само на двајца учесници во изборната кампања (Сашко Николов од СДСМ и независниот кандидат за градоначалник Трајчо Митев) од вкупно пет (Сашко Николов од СДСМ; Лазар Наумов од ТМРО; Симон Поликарп – Џими од Интегра – Македонска конзервативна партија; Гоце Ангелов од Коалицијата „Иднината во наши раце" составена од партиите Демократи и МОРО – Работничка партија; и независниот кандидат Трајчо Митев), и воопшто не извести за тројца од кандидатите за градоначалник, со што и ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Притоа, наместо за градоначалничките кандидати со сличен интензитет на кампања да издвои приближно еднакво време, во вестите известуваше со различен обем. Имено, повеќе од половина од вкупното време одвоено за известување за Градоначалничките избори 2020, или 39 минути и 34 секунди, беа информации за кампањата на кандидатот за градоначалник на СДСМ Сашко Николов, и имаше само еден прилог со траење од 1 минута и 57 секунди за независниот кандидат за градоначалник Трајчо Митев.<br>- кај директните обраќања во Вестите во 20 часот повторно доминира времето за кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ Сашко Николов, кој добил најмногу можност за директни обраќања од 26 минути и 5 секунди, што е околу две петини од вкупното време за директни обраќања во Вестите и е далеку повеќе од кој било друг субјект од сите анализирани прилози. |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 23.12.2020 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | 03-4666/1 од 23.12.2020 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-4666/1 од 23.12.2020 година |

**ПРИЛОГ БР. 3**

## Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс

### Дозволи за телевизиско емитување

| 1. Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт - импорт Тетово | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна (арх. бр.0302-38 од 17.11.2020 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Дигитален терестријален мултиплекс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр.08-390 од 18.12.2020 година за одбивање на писменото барање од заинтересираната страна, ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово бр.0302-38 од 17.11.2020 година (наш Уп1 бр.08-390 од 17.11.2020 година), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх. бр.03-4391/4 од 11.12.2020 година) се утврди дека во услови на пазар кој има значаен пад и економска нестабилност која уште повеќе се влошува како што трае здравствената криза, изгледите за одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч сериозно би се намалиле, изгледите на новиот учесник на пазарот да постигне самоодржливост во догледна временска рамка од пет години се минимални и дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за телевизиски програмски сервиси со претежно забавен општ формат, претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Декември 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одбивање на писмено барање |

| 2. Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна арх. бр.03-67/1 од 05.02.2020 година (наш Уп1 бр.08-55 од 11.02.2020 година), со дополнување бр.03-958/2 од 21.09.2020 година (наш Уп1 бр.08-94 од 22.09.2020 година), за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Дигитален терестријален мултиплекс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр.08-55 од 18.12.2020 година за одбивање на писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-67/1 од 05.02.2020 година (наш Уп1 бр.08-55 од 11.02.2020 година), со дополнување бр.03-958/2 од 21.09.2020 година (наш Уп1 бр.08-94 од 22.09.2020 година), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх. бр.03-4391/4 од 11.12.2020 година) се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Декември 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одбивање на писмено барање |

**Дозволи за радио емитување**

| 1. Медиа 7 Косово ЈП Косово | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година за добивање дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-551 од 13.01.2020 година, бидејќи се утврди дека нема слободна радиофреквенција |

| | |
|---|---|
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Јануари 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одбивање на писмено барање |

| 2. Газменд Лечини | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна Уп1 бр.08-438 од 20.12.2019 година за добивање дозвола за отворање на едно приватно радио во Дебар со околината |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-575 од 03.01.2020 година |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РСМ бр.3 од 08.01.2020 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Март 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одлука Уп1 бр.08-103 од 12.03.2020 година, со која јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување НЕ Е УСПЕШЕН поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави по предметниот конкурс, односно заклучно до 09.03.2020 година во Агенцијата не беше примена ниту една пријава. |

| 3. Драги Митевски | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна Уп1 бр.08-493 од 21.10.2019 година за добивање дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на Општина Куманово кое ќе емитува доминантно македонска народна музика |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-574 од 03.01.2020 година |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РСМ бр.3 од 08.01.2020 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Јули 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одлука Уп1 бр.08-574 од 30.07.2020 година, со која јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување НЕ Е УСПЕШЕН поради тоа што во утврдениот рок за |

| | |
|---|---|
| | поднесување пријави по предметниот конкурс, односно заклучно до 13.07.2020 година во Агенцијата не беше примена ниту една пријава. |
| **4. Универзитетот во Тетово** | |
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна бр.03-1774/1 од 04.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-536 од 04.12.2019 година) за добивање дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на локално ниво во Тетово |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РСМ бр.3 од 08.01.2020 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Јули 2020 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одлука Уп1 бр.08-576 од 30.07.2020 година, со која јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување, наменета за студентската популација на подрачјето на општина Тетово, НЕ Е УСПЕШЕН поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави по предметниот конкурс, односно заклучно до 13.07.2020 година во Агенцијата не беше примена ниту една пријава.<br>Решение УП1 бр.08-108 од 30.07.2020 година за отфрлање на Пријавата за учество на јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот во Тетово бр.03-1001/1 од 24.03.2020 година (наш УП1 бр.08-108 од 26.03.2020 година), поради тоа што истата е некомплетна и неуредно пополнета, односно не ги содржи сите податоци предвидени во член 73 од ЗААВМУ, при што истата Пријава нема да се разгледува. |

| **5. Универзитетот во Тетово** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера/Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање од заинтересирана страна арх. бр.08-3205/1 од 13.08.2020 година за добивање дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на локално ниво во Тетово |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
